**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Осумдесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 декември 2004 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците и претставникот на Владата да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Каролина Ристова, Трифун Костовски, Али Ахмети, Г'зим Острени, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Петар Наумовски, Орданчо Тасев и Никола Груевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлог на буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Пријавени, госпоѓа Којзеклиска, а потоа господинот Мавровски.

Госпоѓа Којзеклиска имате збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, претставник на Владата, немаме претставник. Ќе почекаме или?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете, ние да си ја завршиме нашата работа.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Да ме слушне, можеби и ќе слушне нешто, можеби некој амандман.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има видео запис, стенограм.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Друго е видео запис, друго е вака кога ќе ме слушне.

Во секој случај, ако вие не сакате, јас би го замолила претставникот на Владата да влезе во салата и да започнеме по претресот по Предлог буџетот.

Дами и господа пратеници,

Вчера имавме едно доста обемно експозе од страна на министерот за финансии со кое тој всушност го елаборира она што како образложение е дадено во

Предлог буџетот за 2005 година, но истовремено тој ја објаснуваше и економската политика за 2005 година, најверојатно за да звучи поаргументирано она што се нуди со буџетот за идната година.

Прво што паѓа во очи почитувани колеги, во овој буџет е новиот начин на презентирање на буџетот преку програми на Влада, поинакво претставување на капиталните проекти итн за кое нешто Владата смета дека е нов и многу транспарентен начин на прикажување на буџетот.

Второ нешто кое паѓа во очи според она што јас имав прилика да го видам е отсуството на соодветни параметри од претходните години, освен оние сувопарни бројки кои ги имаме во табеларниот преглед на буџетските корисници и тоа дадени како цифри по завршната сметка од 2003 година и буџет 2004 година, по министерства и останатите буџетски корисници.

Ова го велам од причини што најверојатно министерот ако ме слуша, можеби ќе се согласи со фактот дека согласно утврдените стандарди на ММФ за изготвување и презентирање на националните буџети односно буџетите на државите е предвидено задолжителна примена на компаративната метода односно презентирање на податоците за две години претходно, истовремено планирање на буџетот за наредните две години.

За да зборуваме за овој буџет, односно за да знаеме до каде сме стигнале во 2004 година и каде можеме да бидеме 2006 година во односи на буџетот и на економската политика мора да претстојат некои претходни параметри врз основа на кои генерално треба да се креира идната буџетска политика.

Почитувани колеги, јас накратко ќе го повторам ова бидејќи министерот не беше присутен (министерот кажа дека ја слушал дискусијата) ме слушавате за стандардите? Е, добро.

Можеби министерот размислувал за ваква варијанта, но со оглед на фактичката и реалната состојба која според мене има песимистичка доза сметал дека не е потребно да ни даде една таква анализа за изминатиот двегодишен период и можностите за наредниот двегодишен период.

Од друга страна министерот доста долга 2 часа и 15 минути ни ја презентираше и економската политика за 2005 година за која можеби е тоа мислење, најверојатно и на голем дел од колегите, сметам дека сосема мал дел од таа ќе се оствари и тоа по инерција на некои претходни состојби кои ги имавме во оваа 2004 година. Ова го велам од искуство кое го имаме со буџетите и 2003 и 2004 година, ребалансите на буџетот, последниот ребаланс го имавме пред неполни три месеци околу месец октомври. Значи,

од искуството кое го имаме со буџетите сметам дека мал дел од она што е понудено ќе се оствари, а го имавме, еве најсвежо ребалансот за 2004 година, прет само три месеци.

Да започнам, како што е наведено во самиот предлог покрај воведот имаме резиме на макро економската состојба во Република Македонија, и би сакала да кажам определени работи, всушност што ја карактеризираше макроекономската состојба во Република Македонија за 2004 година согласно она што го кажува Владата, во овој Предлог буџет. Имаме реален пораст на бруто домашниот производ од околу 2,5%, просечна стапка на инфлација од 0%. Веднаш да споредиме за 2004 година планиран беше реален пораст на бруто домашниот производ за 4% и просечна стапка на инфлација од 2,8%. Во почетокот на 2004 година сите бевме сведоци на големиот пад, или историскиот и незапамтен пад на индустриското производство како резултат на неработењето на големите индустриски капацитети. Кога за некои индустриски капацитети има некакви, а за некои индустриски капацитети и нема ефекти во второто полугодие од 2004 година, ме интересира врз основа на какви, чии економски постигнувања за 2004 година се очекува во 2005 година македонската економија да има реален пораст на бруто домашниот производ од 3,8% колку што се предвидени со Предлогот на буџетот. Како да се интензивира таа индустриска активност и кој треба да ја овозможи, кој треба да го овозможи тоа интензивирање. Дали ние пратениците, дали Владата, дали граѓаните, Европската унија или некој друг треба да го направи тоа интензивирање?

И, сега, ако употребиме малку логика за каков позитивен раст можеме да зборуваме и да очекуваме во повеќето гранки ако знаеме дека во текот на целата претходна година имало некаква економска активност, слаба, иако министерот во неговото експозе кажуваше по дејности процентуално колку биле зголемени, или пак имаме економски субјекти кои воопшто не работеле. Кого треба ние да го викнеме, можеби Дејвид Коперфилд да ни го зголеми производството или пак ќе чекаме само од себе тоа производство да се зголеми. Овде ќе се надоврзам и на веќе продадените рудници Тораница, Злетово и Саса за кои Владата исто така очекува нивно рестартирање. И, што ќе се случи доколку сопствениците на овие рудници, јас можеби зборувам премногу хипотетички, меѓутоа сепак се работи за буџет 2005 година, документ со кој државата треба да ги предвиди приходите, расходите и можните планирани или непланирани случувања во економијата.

Што доколку сопствениците на овие рудници воопшто не ги рестартираат овие три рудници Тораница, Злетово и Саса или пак во првото полугодие од 2005 година

утврдат дека немаат или не можат да остварат профит со оглед на ситуацијата и на состојбата во кое ги затекнале тие рудници и решат да ги продадат на некој друг, па тој ќе размислува наредните 6 месеци што да прави со нив, или пак доколку сопствениците решат да го сменат производствениот процес.

Не сум запозната со содржината на договорите со кои се продадени овие рудници, можеби тие се задолжени во извесен период да го одржат процесот на производство или да го продолжат процесот на производство, но факт е дека државата се надева, Владата се надева на рестартирање на овие капацитети и врз нив го темели и реалниот пораст на бруто домашниот производ, што пак не значи дека така и ќе биде. Дај боже да биде, меѓутоа добро би било да бидеме малку повеќе скептици отколку оптимисти, во овие моменти.

Ќе се надоврзам и на дел од експозето на министерот каде што на страна 3 првиот пасос министерот вели: “вториот сериозен проблем е негативниот раст на бруто домашниот производ, врз основа на тоа може да се заклучи дека македонската економија во првата половина од 2004 година беше во рецесија”, добро, утврдивме дека е во рецесија, но и таа рецесија има свои нелогичности односно необјасниво е како е можно во услови на значително намалени активности во еден сектор каков што е индустријата едновремено да имаме и позитивен раст, па дури и значителен раст во сите други економски дејности, како што се: земјоделство, трговија, угостителство, сообраќај, услуги, финансиски активности итн. Растот е во граница од 2,7% до 9% во градежништвото и мора да се признае, министерот вели, дека македонската економија емитува различни сигнали, но тоа едновремено укажува колку една дејност, во овој случај индустријата може да го креира општиот впечаток во услови кога другите дејности доживуваат експанзија и според проценките на министерот или наши проценки, вели дека и покрај сето ова годинава ќе заврши со раст од 2,0 до 2,5%.

Според она што го слушав почитуван министре, ова значи само едно, дека индустријата во себе ги апсорбира сите останати дејности во македонската економија, како што ги наведовте и во експозето, не знам како е во другите земји, најверојатно не е така затоа што тие имаат развиена и индустрија и сите останати сектори во економијата.

Во земја на нелогичности како што е Република Македонија навистина нема место за чудење и за објаснување на необјаснивото.

Е сега, одиме на приходите на централниот буџет. Колегите вчера објаснуваа, меѓутоа не е лошо да ги повториме, за почеток на денешнава сесија. Приходи на централниот буџет според Владата се: даночните приходи и тоа персонален данок на доход, данок на добивка, данок на додадена вредност, акцизи и стари и нови кои ќе се

воведат од 01.01.2005 година од кои треба да се полни буџетот, понатаму, не даночни приходи, капитални приходи од продажба на општествените станови и градежното земјиште.

Расходи на овој буџет се: тековните расходи кои учествуваат со 90,3% и капиталните расходи кои учествуваат со 9,7% во вкупно планираните буџетски расходи. Министерот вчера елаборираше зошто тековните расходи учествуваат со толку голем процент, меѓутоа две работи од експозето ме оставија во дилема.

Првата е фактот што министерот вчера рече дека во периодот од 2003 до 2004 година декември бројот на вработените во буџетските институции бил намален за 1009 вработени и сега тој изнесува 70 илјади и 218 лица за кои министерот смета дека се успех. Мене ме чуди дали државата пресмета колку ќе ја чини неа доколку при таквото намалување на бројот на вработените во администрацијата имало неправилности и судот врати дел од тие вработени на работа и дополнително ги задолжи органите на државата, власта да им исплатат надоместок за тој временски период. Во исто време Владата никаде не објавува колкав број на вработени работат со договор на дело, пред се во самата Влада како и во сите буџетски корисници. Исто така немаме никаде податок колку всушност ја чинат државата тие луѓе. Не ги обвинувам тие луѓе, не сакам погрешно да бидам разбрана, секој сака да работи и да си го заработи своето парче леб, ама веќе кога се декларираме за сериозна држава, ако веќе правиме програма под името “јакнење на владеење на правото”, ред е државата, пред се Владата, како извршна власт да инсистира на доследно спроведување на законските прописи и да им овозможи и на тие луѓе нормална егзистенција.

Аналогно на претходното тука се надоврзува и другиот проблем, а тоа е застапеноста на заедниците. Согласно податоците на министерот денес од вкупниот број на вработени 70 илјади и 218 како буџетски корисници македонци има 81,1%, албанци 13,8%, турци 1,3%, срби 1,7%, власи 0,5%, роми 0,5%, бошњаци 0,3% и други кои изнесуваат 1%. Овие односи, вели министерот ќе се подобреле во текот на јануари и февруари 2005 година со нови вработувања по основ на соодветна и правична застапеност. Според мене, овде доаѓа најважниот дел од експозето на министерот каде вели дека таа политика ќе продолжи до исполнување на целта. Чија цел, која цел на Владата, на Европската унија, на НАТО или за нас непозната а веќе договорена цел помеѓу коалиционите партнери. Би сакала да се каже целта, ако веќе подолу во своето експозе министерот вели дека во текот на 2005 година во масата на плати не се планирани средства за нови вработувања, за нето нови вработувања во органите на државната управа, а новите вработувања ќе се реализираат исклучиво со пополнување

на испразнетите работни места по природен прилив, пензионирање, структурни промени и сл.

Истовремено би сакала да потсетам дека согласно реформите кои следат во пензискиот систем мислам дека многу поригорозни ќе бидат условите за стекнување право на старосна пензија или било каква пензија, во оваа година, значи поригорозни, чисто, вака како информација.

Сега би сакала малку да поминам на елаборирање на новиот начин на презентирање на буџетот. Имаме владини програми, и тоа под а) ја имаме децентрализацијата на власта, под б) мерки за намалување на сиромаштијата. Во овие мерки за намалување на сиромаштијата покрај поттикнување на вработување, реформа на системот на социјална заштита, електрификација на села, проект за развој на општините, ревитализација на села, имаме програма за ново соседство која го вклучувала кофинансирањето на Европската унија за програма за ново соседство чија цел е подобрување на прекуграничната соработка, комуникација со Грција и Србија. Оние единици на локалната самоуправа кои граничат со овие две наши соседни земји ќе бидат вклучени во оваа програма за ново соседство, а што со оние единици на локалната самоуправа кои се наоѓаат во центарот на Македонија и не можат да граничат со овие земји, за нив оваа програма не следува.

Понатаму, како подпрограма е економската рехабилитација на поранешните кризни региони . Со една реченица ги опфаќа средствата наменети за економска ревитализација на поранешните кризни региони. Па имаме програма в) унапредување на одбраната и безбедноста, г) јакнење на владеење на правото. Колку што можев да учествувам на некои од комисиите најголем проблем предизвика токму ова, или најмногу дилеми предизвика ова јакнење на владеење на правото кое ги содржи следниве програми: борба против корупција, подпрограми: финансиска полиција, дирекција за спречување на перење на пари, реформи во судството. Значи најексплоатирана беше реформите во судството. Имаше присутни колку што се сеќавам на некои од комисиите и претседателот на Врховниот суд, кој укажуваше на тоа дека овие средства се мали за реформа на судството,опремување на судството, меѓутоа од повереникот на Владата бевме известени дека во оваа реформа на судството, парите кои се предвидени околу десет милиони денари, колку што ме држи меморијата, овие биле пари наменети за започнување на реформите во судството. Имаме Стратегија, колку што се сеќавам од Министерството за правда за реформи во судството, најверојатно две-три години ќе трае, но знаејќи не нас, тие две-три години ќе станат пет-шест, додека ја спроведеме реформата. Па имаме под д) економски развој, имаме програм и поддршка на развој на

мали и средни претпријатија и обука и преквалификација во Буџетот за 2005 година.
Во 2004 година ја основавме Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Министерството за економија, чија задача е давање помош на физички лица кои основаат мали бизниси. Јас не слушнав до сега некој да му е дадена помош и да започнел мал бизнис со парите предвидени од Агенцијата за поддршка на претприемништвото.

Преструктуирање на загубари, Македонски железници и Привлекување на странски директни инвестиции. Еве за ова да ви кажам странските директни инвестиции ни станаа како добро утро, добар ден, дали ќе привлечеме странски директни инвестиции, да ке привлечеме, ќе дојдат и така натаму.

Реформи во земјоделството, господинот Ѓорчев вчера елаборираше, факт е дека со парите предвидени за реформите во земјоделството од Буџетот и поддршката на многубројните донатори кои ги имаме и тн., колку ќе ни тргне земјоделството не знам, затоа што и досега не ни тргна. Ние го отепавме и тоа што имаше малку земјоделство.

И сега имаме под и) реформа на здравството, имаме “активности во овој проект ќе се реализираат преку следниве компоненти, индикаторите на програмата”.

Е, сега имаме Подобрување на ефикасноста на болничките услуги. Се вели, спаѓаат во овие индикатори, намалување за 15% на просечната должина на престој во болница. Тоа зависи од болеста. Зголемување за 20% на амбулантната хирургија. Тоа зависи од опременоста на амбулантата. Дали има или нема средства. 30% намалување на бројот на повторни болнички приеми врз база на истата дијагноза во рок од три месеци, и тоа зависи од провобитното лекување. Дали била дадена соодветна терапија или не била дадена. Ако не била дадена и пет пати човеков во три месеци ќе се врати на лекар.

Втор индикатор е подобрување на практиките во Фондот за здравствено осигурување, јас како бивши раководител на Фондот за здравствено осигурување, можам да кажам, “подобрување на ефикасноста во издавање на картони за здравствено осигурување”, во кој дел се мисли подобрување не знам. Информатичко, техничко подобрување на издавање на картоните, поврзување мрежно, ако тоа е согласно проектот кофинансиран со заемот од Меѓународната банка за обнова и развој, изготвување на упатства според меѓународните стандарди, и тој досега го имало во Фондот за здравствено осигурување, ќе го има и натаму. Можеби ќе има измени со оглед на државите со кои се склучуваат овие договори.

Подобрување на управувањето со податоците и известувањето. Тоа искрено да ви кажам не ми е јасно, што сака да каже авторот тука со ова.

Па доаѓаме до Реформа на пензискиот систем, па Реформа на јавната администрација. И сега во реформата на јавната администрација имаме подпрограма реформа на државната администрација, и се вели во еден дел, “исто така во оваа програма ги опфаќа и средствата потребни за нови вработувања во државната администрација посебно за имплементација на правичната застапеност на малцинствата во државната администрација, согласно Рамковниот договор”. Значи на нови вработувања може да се надеваат само припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, само тие можат да се надеваат.

Па имаме подобрување на управувањето во јавниот сектор, Реформа на Министерството за одбрана.

Буџетските програми. Ми остави така впечаток вкупниот буџет предвиден за Претседателот на Република Македонија за 2005 година, 61 милијарда, скоро 62 милијарди. И овој целиот буџет е поголем во однос на парите предвидени за сите овие реформи што ќе ги прочитам заедно. Значи јакнење на владеење на правото 26 милиони и нешто, реформа во образованието 13 милиони и нешто и реформа во здравството 12 милиони и нешто. Значи, сите овие заедно го даваат вкупниот буџет за Претседателот на Република Македонија.

Исто така, голем впечаток ми остави во Приоритетите за 2005 година, на Претседателот, тоа е дека тој ќе имал “преземање на активности за целосни реформи во општеството за приближување кон стандардите на Европската унија и друго”. Кои се активности може да ги преземе Претседателот на државата со оглед на тоа дека тие се прецизно дефинирани во Уставот, а кои се однесуваат на целосни реформи во општеството за приближување кон стандардите? Дали ова е напишано колку да постои или навистина претседателот има некоја намера во 2005 година, во однос на зголемување на неговите ингеренции, тоа допрво ќе го видиме.

15 милијарди предвидени за Државната комисија за спречување на корупцијата, а ни претстои силна борба против корупцијата.

Потоа се соодветните министерства, како Минисртерството за финансии, си ги има своите тела, органи во состав на Министерството. Сакав само да прашам дали во Буџетот на Министерството за животна средина и просторно планирање е предвидено како посебен приоритет, затоа што не успеав да прочитам, а се однесува на Проектот Спас на Дојранското езеро. Би сакала министерот да ми објасни дали има предвидено или нема. Исто така, во Министерството за животна средина и просторно планирање е предвидено дека во рамките на Програмата за заштита на животната средина се предвидени активности за санирање на жешки еколошки точки, како што се: санација на

комплексот флотација, Рудникот “Лојане”, санација во Рудникот Бучим, санација на отточниот тунел “Саса” втора фаза и санација на свлечилиштето “Рамнина” во Велес втора фаза. Колку од овие жашки еколошки точки ќе бидат навистина завршени до крајот на 2005 година.

Министерството за транспорт и врски ги дава и постигнатите резултати за 2004 година и приоритетите и целите за 2005 година. Меѓутоа, јас и колегите кои доаѓаме од источниот регион, неколку пати до сега поднесувавме амандмани, информации до Владата за изградба и реконструкција на патниот правец Струмица - Велес преку Штип. Колегата Даневски поднесуваше неколку пати Информација за патниот правец Свети Николе - Скопје. И пак, во овој буџет за 2005 година не е предвидено ама апсолутно ништо. Единствена линија што ја поврзува источна Македонија е делот Струмица - Велес. Таму не е инвстирано, поранешниот министер за финанси Петар Гошев велеше дека ни реконструкција не е предвидена, а тоа е главната артерија што води до главниот град. Навистина е жалосно што Министерството за транспорт и врски, односно Владата на Република Македонија не успеала да ја согледа ситуацијата или таа ја знае, меѓутоа, едноставно приоритетите се некои други. Источниот дел на Република Македонија па и нема потреба да се реконструира, патната мрежа.

Не сакам да коментирам за земјоделство, шумарство и водостопанство. Не сакам да коментирам за Агенцијата за поттикнување и развој на земјоделството.

Министерството за труд и социјална политика, тука во делот каде што се велеше и во експозето на министерот дека овој буџет ни е социјален, премногу пари се издвојуваат за заштита на најзагрозените категории на населението. Овде се опфатени: општествена заштита на децата, меѓутоа во програмата 2 - Општествена заштита на децата во која во самиот предлог се вели “Во рамките на оваа програма е предвидено и финансирање на капитален проект за реконструкција и опремување на детски градинки, изградба на коси кровови, изведба на канализациони мрежи, парно греење и друго со цел подобрување на условите..” Мислам дека е срамота во 21-от век допрва да инвестираме во коси кровови во изведба на канализациони мрежи во детските градинки за нашите најмлади, за да им обезбедиме, внимавајте “основно функционирање на јавните установи и детските градинки”.

Социјалната заштита, многу-многу пари се превдидени за социјалната заштита, што секако дава сигнал дека ние сме сиромашна држава. Парите на државата ги трошиме за социјална заштита и за жал не дејствуваме превентивно, туку секогаш дејствуваме куративно. За жал.

Образование и наука, веројатно некој од колегите ќе има образложение по овој дел и по програмите. Основно, средно, високо образование, ученички стандард, студентски стандард.

Доаѓаме до Програмата 7 - Наука. За ученичкиот стандард да ве потсетам се вели дека се планира, заради обезбедување на подобри услови за сместување и исхрана на учениците сместени во ученичките домови дека во текот на 2005 година се планирани активности за реализација на Проектот за реконструкција на ученички домови. Истото тоа се однесува за реконструкција, значи Владата планира да ги реконструира студентските домови во 2005 година.

Кога сме кај науката, тоа што е напишано на страна 77 од Предлог-буџетот се вели дека само се донесени некои закони, донесени се подзаконски акти, дефинирана е науката, дефинирана е научно-истражувачката дејност, без ама ниту една активност што се планира за развој на науката. Како што е на пример конкретна активност за ученичкиот и студентскиот стандард. Ќе правата реконструкција на студентските и ученичките домови, што всушност само доведува до заклучок дека не се планира ништо со науката во иднината и ако се може и да не се инвестира во неа затоа што е непрофитна дејност. Ако ова се спореди со она што се случува на запад, јасно ќе ви биде и вам и мене, пред неколку дена, ќе се надоврзам на ова, имаше една сторија за еден господин иноватор од Штип господин Кирил Донски кој иновирал нешто, меѓутоа не наишол на никаков одзив од страна на државните институции, така што целокупниот проект пропаднал, иако можеби обезбедени, не можеби, но сигурно бил обезбеден пласман за тоа што тој го иновирал.

Сега доаѓаме до Агенцијата за млади и спорт. Можеби тука колеката Иван Атанасовски, не е тука, но можеби ќе ме слуша, во постигнатите резултати во 2004 година на Агенцијата за млади и спорт, се вели дека се постигнати следниве резултати: реализација на националниот систем на натпревари, прв, втор и трет степен на натпреварувања, реализација на меѓународните програми на националните спортски федерации и со учество на регионални европски и светски првенства, остварено учество на Летните олимписки игри во Атина и Параолимписките игри во Атина. Според моите скромни сознанија учесниците на Летните олимписки игри, можеби околу 70% од приходите од тоа што им беше потребно да учествуваат, го обезбедија по пат на спонзорство. Значи, Агенцијата за млади и спорт не го знам точниот процент, меѓутоа не верувам дека може да каже дека е остварено учество на Летните олимписки игри во Атина со нејзина помош, исклучиво со нејзина заслуга.

И последното, ако сум грешка, почитувани колеги потсетете ме, тоа е дека е завршен процесот на креирање на Национална стратегија за млади на Република

Македонија и нејзино усволување од страна на Собранието на Република Македонија. Јас таква Национална стратегија знам дека ние во Собранието не сме усвоиле. Зошто е дадено како постигнати резултати на Агенцијата за млади и спорт за 2004 година, не знам, ќе треба да прашате во Агенцијата.

Имаме спорт, млади и активности за спорт и млади. Во делот за младите, во рамките на Програмата, значи за младите се реализираат активности за подигање на грижата за психофизичкиот развој на младите, нивна заштита од болести на зависнот, како и развој на механизмите преку кои таквата грижа може да се реализира, како и реализација на проекти за промоција на здрави животни стилови и интегрирање на младите со посебни потреби во општествениот живот, афирмација на младинста политика, развој на младите.

Како ова се планира да се оствари во Република Македонија, кога во главниот град на Република Македонија,  нема можност да се обезбедат услови за функционирање на затворен базен. Значи ние имавме можност преку медиумите да се запознаеме со немањето на услови, како го планира можеби ќе остане на Владата да видиме во иднина. Културата не ја елаборирам. Не можам а да не коментирам. Министерство за здравство, постигнати резултати за 2004 година. 5 постигнати резултати.

Првиот, одобрена е здравствената евиденција и пријавување на заразните болести.

Второ, спречено е внесување на заразни болести во државата, иако да ве информирам дека ниту ова првото, ниту ова второто, со оглед на статистичкит еподатоци од Заводот за здравствена заштита, кај нас бруцелоза има во ненормални големини. Се појавуваат и други заразни болести и не се алармира јавноста, можеби и не треба, меѓутоа, во контекст на грижа на здравјето на луѓето треба. Значи тоа е второто.

Трето, донесена е инструкција за испитување на биолошката расположивост и биоквалитетот на лековите.

Четврто, намалена е материјалната смртност и

Пето, донесен е Законот за прекурсори.

Значи цела година 2004, Министерството за здравство остварило дури 5 резултати. Во другите програми имаме државен здравствен санитарен инспекторат, имаме Биро за лекови, а имаме толку афери со лекови, па имаме Дирекција за храна, здравствена заштита за превензија, во која дури е спомнато спречување и сузбивање на бруцелозата. Спомната е и заштита на населението од сида. Уште еднаш сме сведоци за недостатокот на лекови на овие пациенти кои се болни од сида. Владата значи треба, доколку предвидела, затоа што во здравствена заштита за превенција, не сум сигурна колку

финансиски средства се предвидени, за да можат барем тие пациенти да ги имаат лековите. Дијализата исто така е проблем, локална самоуправа, Агенција за иселеништво и т.н. Табеларниот дел не ви го образложувам, ќе завршам. Знаи од ова се што кажавме и што ќе кажат колегите, и она што не го кажав, ќе треба да се разбере дека парите секаде значат се во светот и кај нас. И се однесуваат и на секој од нас поединечно и на државата во целина. А како тие ќе се распределат тоа е веќе умешност и способност за проценка на актуелната Влада и на крајот на краиштата, заради тоа штоуспеавте да ги убедите граѓаните во 2002 година да гласаат за вас дека сте по успешни од некои други, кој беа пред вас, и вие го добивте мандатот.

Значи ваша е обврската за се она што е поврзано со управување на оваа држава, вклучувајќи го и Буџетот и економската политика која беше елаборирана, но ваша е и одговорноста, доколку не успеете да ј апоместите државата за чекор напред во оваа 2005 година. Можам да констатирам дека и овој Буџет е рестриктивен, како и претходните буџети, можам да констатирам дека нема своја развојна компонента на која укажуваше, мислам дека беше потпретседателот на Светската банка пред неколку месеци па се прашувам какви и дали воопшто има Владата некои замисли до каде може да оди македонската економија со ова темпо и до каде веќе ќе бидат крајните граници и нема да може потоа да мрдне од тоа место и дали Владата не размислува за некои други варијанти, примените во нашите соседни земји, за конечно да тргнеме со забрзани чекори и кон Европската унија и кон НАТО структурите. Знам дека е тешко да се признае дека не знаеме како напред, но и тоа подобро, отколку постојано да велиме утре ќе биде подобро, задутре да видите какви резултати не очекуваат и сами себе да се залажуваме. Но и на лагата и доаѓа крајот. Затоа знам дека министерот за финансии г-динот Поповски се труди да ги избалансира желбите и можностите на определена структура која учествува во власта. Знам дека и поради тој баланс што треба да се прави, често пати се коси со неговите принципи и ставови и сега со оглед дека се наоѓаме пред нова фискална година за Република Македонија, би го повторила прашањето кое му го поставив при ребалансот на Буџетот 2004 година, а тоа гласи: “какво добро ќе видат почитуван министре, граѓаните од ваквиот Буџет и што тие конкретно да очекуваат и на што воопшто да се надеваат во претстојната 2005 година”? До колку  министре почувствувате потреба дека треба да ми одговорите на ова прашање, не само заради мене, туку и заради граѓаните на Република Македонија, ќе ве молам одговорот да не биде преамбициозен. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска. Дозволете едно мое размислување. Ме замисливте со ова коси кровови. Претпоставувам дека се залагате за рамни кровови, но веднаш да ви кажам дека се доста непрактични.

За реплика се јави г-динот Абдулаќим Адеми.

АДЕМИ АБДУЛАЌИМ:

Ви благодарам г-дине претседател,

Сакав да реплицирам со госпоѓа Којзеклиска во делот за правичната застапеност на сите етнички заедници и каде нагласи дека министерот во своето експозе нагласил дека оваа политика ќе продолжи и понатаму, до постигнување на целта. Прашањето на госпоѓа Којзеклиска е која е оваа цел. Целта е сега веќе  јасна и многу транспарентна. Имплементацијата на Охридскиот договор во делот на правичната и соодветната застапеност во овој дел на сите етнички заедници, се додека се постигне соодветната застапеност и пропорционалната застапеност, така како што е со последниот потпис на граѓаните на Република Македонија. Друга цел е почитувањето на Уставот, што верувам дека и вие се согласувате и со законите кои говорат за правичната и соодветна застапеност, кои ние сме ги донеле во вооj Парламент.  Подоцна, вие го поставивте и прашањето за инвестициите на Министерството за транспорт и врски и  нагласивте дека во 2004 година во ова Министерство нема инвестиции во Источна Македонија, така вие се изразивте. Јас ќе ви кажам на страница 59 да видите за Министерството за транспорт ив рски, каде покрај другото се вели постигнатите резултати во 2004 година, покрај другото изградбата на браната Ложане во Делчево, изградба на автопатот Неготино-Демир Капија,  втора фаза, обновата на автопатот Гевгелија до граница Богородица и т.н. Јас незнам каде се наоѓаат овие места. Сигурно вие ќе ни кажете каде се наоѓаат. Понатаму, за приоритетите во 2005 година се спомнуваат неколку патишта и подобрување на инфра структурата и во Источна Македонија. Значи сите овие факти и зафати паѓаат во вода и не се вистини и не е добро да се манипулира со јавноста на овој начин. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Којзеклиска имате  една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Веќе ја откривме целтадо доаѓањето на бројот на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, би било согласно пописот кој беше спроведен.

Во однос на вработувањето јас немам ништо против, меѓутоа, факт е дека нови вработувања можат да очекуваат само припадниците на заедниците, согласно соодветна и правична застапеност. И со тоа ќе се согласи колегата.

Во вториот дел, Министерството за транспорт и врски, јас ги прочитав почитуван колега и Делчево и Неготино и Демир Капија и Гевгелија, ама вие заборавате дека јас зборував за автопатот, патниот правец што ќе ја поврзе Источна Македонија со главниот град. Вие очигледно не сте доаѓале во Источна Македонија и не знаете, затоа што автопатот Скопје-Тетово-Гостивар е многу добар.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, три минути за госпоѓа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Благодарам претседателе,

Очекувано и нормално е да го коментирам освртот за предвидените реформи во здравството, од дискусијата на госпоѓа Којзеклиска. Би сакала да упатам едно разочарување и сметам дека е крајно несериозно и премногу е комплицирано од позиција на правник да се коментираат индикаторите за успешноста на предвидените програми и реформи во здравствениот сектор. Поточно ќе кажам дека се предвидува подобрување на ефикасноста на болничките услови и како што кажа колешката намалување за 15% на просечната должина на престојот во болниците, зголемување на 20% за амболантската хирургија, 30% намалување на бројот на повторни болнички приеми врз база на истата дијагноза во рок од три месеци.

Ова госпоѓо Којзеклиска е очекувано да се случи до колку, имаме вистинска, успешна, реформа во примарната здравствена заштита, затоа што таму е најмасовниот сегмент на пружање на услуги на здравствена заштита на сите граѓани на Република Македонија. Затоа немаше потреба да ги коментирате овие индикатори. Ние работиме на проектот, здравство достапно за сите граѓани, проект на превенција, зајакнување и унапредување на здравството и сметам дека сме на добар пат во реформскиот курс во здравството. Затоа она што го прокоментиравте, сметам дека беше неупатно за граѓаните на Република Македонија. Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете вашата минута госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитувана колешке Биковска, јас сум дипломиран правник, меѓутоа и во самата дискусија кажав дека 3 години бев раководител на Фондот за здравствено осигурување

во Штип. Значи не можете да ми префрлате дека јас не знам што и како се случува во Фондот за здравствено осигурување и што се случувао.Вие велите примарната здравствена заштита. Во ред е примарната здравствена заштита, но тука велиме ние просечната должина на престој во болниците. Тоа е веќе терцијална здравствена заштита. Амбулантата, хирургијата е едно, болничките приеми е друго. Можеби ќе се рефлектира примарната здравствена заштита на намалувањето н аовие, меѓутоа, во оваа фаза, вака како што е дадено, искрено да ви кажам, добро е што сте тргнале по патот, дај Боже да го завршите.

Благодарам

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Гашоска, имате реплика од три минути.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Бблагодарам г-дине претседател. Госпоѓа Којзеклиска рече дека Македонија била земја на нелогичности. Можеби беше до 2002 година, но повеќе не е и затоа сега зборуваме, или правиме ваков домаќински буџет, а не расипнички како во минатото. Сакав да реплицирам во делот на реформите, но тоа го стори госпоѓата Биковска и затоа ќе реплицирам во оној дел каде што Којзеклиска се чуди какво ќе биде подобрувањето на Фондот за здравствено осигурување, каде што била таа раководител на локално ниво. Подобрувањето во тој дел ќе биде плаќање на придонесите за здравствено осигурување и контрола на секој денар што велгува во Фондот и сигурно, неговото потрошување.

Во делот на набавка на лекови ќе кажам дека аферата со набавка на лекови заврши. А сега, набавката на лекови е ваква: намалени се цените на лековите на амбулантската листа за 26%. За лековите за болничко трошење за 8%. Намалени се лековите со единствен понудувач, по пат на непосредно договарање за 4,5%. За тој процент е зголемена снабденоста со лекови во аптеките. Воведен е систем на препишување на лекови со генерички имиња, со можноста на сугестија на лек од страна на матичниот лекар. За прв пат во позитивната листа,со цени кои ги признава Фондот беше јавно објавено како прилог четири пати во печатените медиуми. Завршени се скандалите и една од последните кога беше кажано дека една ампула во времето на владеењето на ВМРО-ДПМНЕ чинеше 500 денари, а сега чини 70 денари.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете госпоѓо Којзеклиска вашата една минута.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛСИКА:

Нелогичностите почитувана колешке не ги спомнав јас, туку ги спомна минситерот во експозето на страница 3, пасус 1. Земете прочитајте го па ќе видите дека тој вели дека имало нелогичности, не велам јас.

Второ, плаќањето на придонесот за здравствено соигурување беше и ќе биде и во иднина, меѓутоа, сега во Фондот за здравствено осигурување, вие ги принудувате работодавците да го плаќаат на повисок коефициент на сложеност на трудот. Придонесот да биде зголемен, работодавците значи да плаќаат повеќе, за да може да се полни Буџетот на Фондот за здравствено осигурување.

Во однос на лековите и така да е. Дали ќе ги има лековите? Тоа е прашањето. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Мавровски вие сте на ред, а потоа г-динот Ангел Димитров.

Повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, почитуван минситре, почитувани колеги пратеници,

Јас би сакал да кажам нешто за она што значеше експозе на министерот г-динот Поповски.

Внимателно слушајки горе долу според неговото образложение се е во ред и дека сето она што беше предвидено, ќе биде и реализирано. Но има во сето тоа планирање мали фалинки, мали, а некаде и поголеми. И сега, според неговото објаснување, ако го изземеме стопанството, т.е. индустрискиот раст на бруто домашниот производ, ќе биде повторно во пораст со некаде 2%, барем по она што го презентираше. Нопадот на индустриското производство што од почетокот на годината се движи некаде околу 40% во првите месеци, а некогаш беше презентирано и повеќе, сега со промената на директорот на Заводот за статистика, можеби докрајот на годината да стигнеме и до таа бројка од 4% на бруто домашен производ, колку што имаше планирано и Министерството и Владата, да може да биде во трен со она што беше предложено на граѓаните на Република Македонија. Таа бројка е некаде 2 до 2,5%. Но господа кога доаѓавте на власт кажувавте дека БДП ќе биде обезбедено стабилно и постојано да се зголемува некаде на 6% годишно. За жал, ова многу тешко го реализирате. Во 2003 година бруто домашниот производ беше сопораст од 3,2%. Оваа година е многу интересна со ваши кажувања, значи без индустриско производство, или со него повторно се прикажува пораст од 2%. Но тоа е сега многу далеку од предвидените 6%, што треба да не доближат до

Европската унија и тоа што ние како Влада и како Парламент се трудиме да го направиме. Се надевам дека истото го мислите.

Но за да не биде сето тоа така, се погриживте со презентирање на бројки од данокотна додадена вредност, каде имаме покачување, нои тука имавме едни ветувања, за кои штокажувавте дека преку реформа на таа даночна политика ќе се обезбеди проширување на опфатот на стоките со пвластена даночна ставка од 5% на ДДВ. За жал, направивте спротивно.  И тоа што беше со 5% го качивте на 18%,па наместо да го растоварите макеоднското стопанств, уште повеќе го оптоваривте. Така што тоа е еден од предусловите за неможноста за развој, а ова истото значи дека ДДВ ги товари граѓаните на Република Македонија во основните намирници и се што значи земјоделски производи и средства што ќе ги употребат земјоделците, со покачување на ДДВ се покачуваат и нивните цени. Или едноставно во цената учествуваат со многу поголеми трошоци.

Јавноста од сето ова сфати дека ветувањето за повисок стандарди нормална живеачка од легендарниот 15 септември се нереални.

На крајот од две ипол годишниот кредит даден од граѓаните оцената за Владата на СДСМ, ЛДП и ДУИ не може да биде задоволителна. Црвеното алармно светло господа одамна е вклучено, но сето тоа како вас да не ве возбудува и сега повторно министерот ни говори за некои нови закони што тој ќе ни ги понуди или неговата Влада за идната година, а повторно 2005 година ќе биде иста како 2004, година на економски бум. Значи, повторно да очекуваме само трес од тој бум. Тоа ни се случи и 2004, да се надеваме на подобро, но гледајќи ова што пред нас беше реферирано, мислам дека многу тешко ќе стигнеме до него.

Вие, г-дине министре, заборавате или не сакате да кажете дека 2005 година се нови локални избори, а 2006 се веќе парламентарни избори. Сето ова што се случува во моментот не е решение, а уште помалку е она што оваа 2004 година требаше да го направи како економски бум со 200 милиони евра инвестиции. За нив говоревте дека се уште поголеми од предвиденото, но индустрискиот пад е толку очигледен што не можеме да се затскриеме зад сето ова. Ова со 200 милиони евра инвестиции се обидовте да ни го објасните, како што сега се обидовте да ни кажете дека овој буџет што го имаме пред нас незнаејќи дека е премногу инвестиционен и дека во него се влезени средства , како што ги набројавте, повеќе од 15 или 20 милијарди.

Г-да, ваквите работи како што ни се случуваат нам ги има малку во држави во светот. Вие како Влада успевате да соберете доволно пари во буџетот што нема да ги потрошите до крајот на годината. Ваквата штедливост воопшто не е доблест, туку е

штета за целата економија во услови кога државата се јавува како релативно голем инвеститор во инаку домашното инвестиционо мртвило, но и трошаџија на разни потрошни добра, па голем број фирми се зависни од плаќањата што се извршуваат од државната каса. Неискористување на веќе собраните средства не е логично и не е сватливо. Тоа е толку контрапродуктивно дури влијае и го забавува и онака нискиот економски пораст. Ако ништо друго, доколку се реализираат планираните расходи за капитални трошоци во годината како стопанската активност речиси замре и кога индустроското производство бележеше големи падови со регуларни и предвидени буџетски трошења за планирани намени, состојбата барем за малку можеше да се подобри. Не дека ќе можеа да се направат чуда, но во економијата е познат ефектот на мултиплицирање кога денар вложување всушност значи многу повеќе. Тоа апсолутно господине министре не го видовме.

Кај народот често се вели дека е најдобро да се учи од туѓите грешки и искуства или барем да не се повторуваат сопствените. Ова што е народна мудрост не важеше за Владата и другите државни институции што преку разни програми требаше да ги потрошат буџетските средства.

За жал, не е прв пат парите во буџетот наменети за капитални инвестиции да не се искористат на време и во целост. Така беше и минатата година, но тоа беше земено како аргумент повеќе за смена на тогашниот министер за финансии. Тогаш и позицијата и опозицијата многу жестоко го нападнаа министерот за финансии кој сега се наоѓа на местото гувернер на Народната банка на Македонија, функционира многу независно, сето ова што се случуваше и покрај тоа што реагираше како и сегашниот министер за финансии дека тоа беше домаќинско работење, дека така требаше да биде, едноставно се што се работело до тогаш било така како што е.

Тогашната Влада не трошела  вадејќи се дека штедела, а всушност или не знаеле или не сакале да направат нешто паметно со парите. Буџетот сам по себе е рестриктивен и определениот износ по министерствата мора да биде употребен. Вака ни се случи Владата да не го сработи тоа што требаше во ресорите. Не се реализираа и туркаа проекти и не се размислуваше инвестиционо. Заради тоа се случија овие работи.

Според тоа, во сите министерства каде треба план и труд да се спроведе, парите да се потрошат, тие не се реализираа. Од друга страна каде не треба тоа да се направи сите пари се потрошија. Од економските аналитичари се кажува дека лошата реализација на планот на јавните инвестиции всушност значи само едно. Слаб управувачки капацитет и лоша координација меѓу институциите.

Понатаму во експозето се кажува дека по долга низа години сте го запреле најгорниот тек на невработеност. Тоа сте го намалиле од 393.000 невработени на 390.000, значи за цели 3.000 ново вработени или намалување на бројот на невработени. Според вас, но според мене отпишани или за повеќе од нас, од Заводот за вработување поради новите услови за пријавување значи, ако не се пријавите во наредните 30 дена едноставно ве бришат од евиднеција, неприфаќање на одредени работни места кои не се соодветни повторно ве бришат од евиденција во Заводот за вработување и тоа е она што многу брзо доведе тие 3.000 луѓе да се вработени или избришани од Заводот за вработување. Или, овие што се вработени со договор на дело и после две години вие ќе ги избркате да ја бараат среќата некаде во странство, а ќе примите нови кадри со договор на дело кои повторно ќе ги испратите на обука. Тоа се случува во скоро сите министерства и тоа сега и овде.

Ќе беше добро г-дине министре во иднина и обврзувачко тука пред нас да бидат министрите и секој да го брани својот ресор и својот буџет и да ги даде должните објаснувања пред нас пратениците.

Вие со вашето образлагање од некаде 2,5 часа за кое минатиот пат г-динот претседател на Собранието кажа за еден мој колега дека потрошил 3.000 евра, вие потрошивте некаде 7,5 илјади евра, но во секој случај не се потрудивте да објасните. Ќе беше добро тука да беа и другите министри или да ги видевме барем на комисиските расправи за буџетот каде ќе можевме да дознаеме многу поединости. Ова што го имаме пред нас Предлог на буџетот и ова што е ваше експозе можеме да го коментираме.

Во иднина вие како прв проблем си ја поставувате невработеноста. Кажувате дека е намален трендот на зголемување на невработеноста и тоа со две бројки. Едната бројка ја пропуштивте тоа дека бројот на невработени во јануари 2004 година е 393.536, но бројот на невработени на 1.12.2004 година изнесува 390.619 лица. Интересно за ребалансот на буџетот изнесовте една бројка од 388.000 невработени, значи трендот октомври - декември е повторно зголемување на невработеноста за околу 2.000 лица. Дали ова го пропуштивте случајно или намерно, јас не знам, но ова се бројките што ни ги презентиравте тогаш, а и сега.

Проблемот со невработеноста и зголемувањето на истиот го гледате поради рационализацијата во јавниот сектор, но, за жал, истата со несмалено или засилено темпо продолжува и во 2005 година и тоа под име рационализација, трансформација, структурни реформи и друго како што милувате да кажете.

Во однос на вработените интересно е вашето излагање за бројот на вработените во буџетските институции. Кажувате дека тој број е 70.218 лица и дека сте постигнале

огромен успех со тоа што сте го намалиле бројот за 1.009 вработени, значи тоа би било крајот на 2003 година некаде околу 71.227 вработени.

Сега прашањето ви го поставувам вам, каде се тие 120.000 вработени што ги вработи Владата на Љубчо Георгиевски и вашата теза со огромната преквработеност. Сега ги окривувате медиумите, а тогаш цело време игравте на таа карта.

Каде е податокот за бројот на вработените во буџетските институции кои работат со договор на дело и како што се покажа некој од нив и на раководни работни места.

Понатаму кажувате колкав е процентот на вработени во образование, во МВР, во Министерство за одбрана, детски градинки и стигнавте до бројката 84,7%, а за преостанатите 15,3% или 10.740 луѓе, јас ќе се обидам да ве цитирам дека тие биле министри, пратеници, службеници, разузнувачи, инспектори, чувари во затвор, диполомати, геодети, обвинители, правобранители, вработени во МАНУ и многу други кои ја сочинуваат јавната администрација која сите ја критикуваат дека е голема.

Министри и пратеници колку што знам не се повеќе од 200 луѓе. МАНУ не знам дали има и 50, колку затвори имаме знаеме, но и таму нема доволно чувари зашто затворениците се шетаат низ државата, за дипломатите веќе знаеме, но тоа е сепак многу далеку од бројката која ја кажавте 10.740 луѓе.

Друг проблем во однос на вработеноста е бројот на вработените според застапеноста на заедниците кои планирате да има разрешница со процесот на децентрализација во јули 2005 година. Значи, дефинитивно нови вработувања во јавната администрација нема освен за Македонците од албанско етничко потекло кои ќе се вработуваат на местата од Македонците за да го добиеме процентот. Вие кажавте дека тој процент ќе се зголеми за 1,2%, но не кажавте дека бројот на Македонците ќе се намали за 1,2%.

Голем проблем , според вас, во врска со вработеноста претставува тоа што 69,6% од невработените се со пониско образование од средно, а другите 30,4% со средно и повисоко од тоа. Но, за жал, г-дине министре меѓу тие невработени има доктори на науки, има магистри, дипломирани лекари, инженери, правници, економисти, рудари, и сите тие и се потребни на оваа држава. Но, за жал, иднината веќе ја гледаат некаде далеку од Република Македонија не само тие што завршиле, туку и тие што студираат, за уште поголема жал.

На крајот по однос на овој проблем вие кажувате дека со реформите на пазарот на работна сила ќе биде еден од клучните компоненти во процесот на зголемување на економските активности и подобрување на инвестиционата клима во земјата.

За досегашниот застој проблемот го гледате во сложениот систем на колективни договори, рамките за преговори меѓу синдикатот и работодавецот, оптоварувањето со придонеси е релативно високо итн.Вие, за да го разрешите овој проблем ни нудите различни видови договори за вработување на определено време, сезонско вработување, работа со скратено работно време, воведување пробна работа по едноставни процедури при отпуштање од работа заради субјективни или објективни причини. Но, од друга страна сакате да го заштитите работникот и тоа со дополнителни денови на отсуство, ограничување на прекинувањето на договорот за вработување поради економски, технолошки или структурни трансформации.

Г-да, врз основа на овој член ние тука расправавме можеби два дена и вие тој член го употребивте и направивте чистка и се што беше вработено 1998-2002 година беше избркано од работа, а сега законски ќе побарате заштита за вработените. Мислам дека дволичноста е многу лоша работа и ова што тогаш некој го говореше дека треба да се заштита вработените, вие го направивте тоа што не требаше. Нив ги избркавте од работа, сега немате предвидено ниту средства за нивното враќање затоа што судските решенија кажуваат дека голем дел од нив ќе треба повторно да ги вратите на работа.

Заштитата што и покрај сите колективни договори меѓу Синдикатот и Владата требаше Синдикатот да ја пружи кон сите вработени кои се бркаат од работа, сите оние кои денес немаат работно време, туку работат од 0,7 до 22,00 часот секој ден , сите оние што не знаат до кога се на работа, дали е сабота или е недела, сите оние на име не им се исплаќаат никакви придонеси за сите нив Синдикатот, а и Владата мора да се погрижи. Овој буџет не што ќе биде социјален, туку државата ќе постане социјален случај.

Затоа г-дине министре од 15.09.2002 година чекаме да слушнеме ваша динамика на вработување . Вашите 200.000 нови вработувања кои им ги ветивте на гласачите во Република Македонија од тоа за сега ни динамика, вие говорите само за отпуштање.

Втор голем проблем негативниот раст на бруто домашниот производ. Кажувате и тоа што го знаат сите, но сега го кажувате кон крајот на годината дека имало рецесија, дека првиот квартал бил со минус 3,6%, вториот квартал со минус 0,2% пад на индустриското производство, огромен. Јас би ве запрашал колкав е растот во третиот и четвртиот квартал за да сега стигнеме до бројката која ја покажувате 2 до 2,5% од бруто домашниот производ во плус. Тука треба да имате во овие два квартали, вклучувајќи ги овие 3,8 и уште 2, повеќе од 3% плус во овие два квартали за да стигнете до бројката од 2 или 2,5. Зошто не го презентирате како податок или тоа го сметате дека е сосема нормално да ни кажете дека е само 2% раст и тука завршува вашето.

Вие очекувате дека наредната година ќе имаме бруто домашен производ од некаде 3,8%. Дали со еден или два субјекти ќе се зголеми во толкава мера овој бруто домашен производ или индустриското производство дали Тораница, САСА, Бучим се оние загубари со кои ќе се осветли небото над Република Македонија или е за очекување нешто странските директни инвестиции кои ќе го сторат тоа.

При објаснувањето на буџетот говорите за раст на индустриското производство од минус 1%. Сега се прашувам дали тоа е раст или е пад . Колку што знам со минус раст до сега не било и нема да биде затоа мислам дека ова треба да го корегирате.

Понатаму, кажувате дека ова е моментот за борба, како што објаснувате во буџетот, за намалување на сиромаштијата. Тоа го гледате преку две мерки, тоа е вработување и една голема мерка која тука ја искажавте и која направи кај мене дилема тоа е електрификацијата. Би ве запрашал вака. Цело време говориме за трансформации, за отпуштање од работа од јавниот сектор, од јавните претпријатија, од загубарите, некои трансформации кои во моментот се случуваат во одредени претпријатија, од друга страна говориме за намалување на сиромаштијата со помош на вработување.

Уште еден податок за кој толку исцрпно ја известувавте македонската јавност 2002 година дека бројот на сиромашните во Република Македонија го достигнал фантастичниот број од 500 илјади луѓе. Во моментот тој број е некаде од 600.000 луѓе господине министре, значи и тука ја промашивме целата работа, а ова вие што го нудите апсолутно нема да им помогне на сиромашните затоа што и оние кои работат се веќе сиромашни. И ним им треба таа социјална помош за да можат да преживеат.

Зошто го говорам ова? Вие во 2005 година во буџетот на Република Македонија објаснувате дека намалување на сиромаштијата ќе имаме со електрификација на едно или две села за кое предвидувате 10 милиони денари. Г-дине министре мислам дека многу одамна беше 1925 година и електрификацијата на Советскиот Сојуз или 1945 година и првата петолетка во Југославија.

Мислам дека овие работи и она што донесуваме некои закони тука како Парламент и каде што расправаме на Влада, како што расправате за Просторниот план на Република Македонија , кој беше толку битен да се донесе, едноставно, од сето ова што претставува просторен план, што претставува рамка , како што кажав дека треба да се движи Република Македонија , вие апсолутно се изместивте. Нема повеќе рамки, не знаеме ни каде се движиме, ни како ќе се движиме. За жал електирификацијата во 2005 година , мислам дека апсолутно, е непојмлива работа, затоа што при говорењето за руралните средини и она што треба да го обезбеди Владата, тука наидовме само на потсмев, затоа што , апсолутно, и она што досега се направи за тие рурални средини,

после овој најнов закон што го направивте со новата територијална централизација, апсолутно, и тоа ќе го нема повеќе и селото дефинитивно, ќе биде мртво, за жал.

Понатаму, говорите за странски директни инвестуции. Говоревте дека тие се само пред два месеци повеќе од 200 милиони, дури можевте да стигнете и до бројката од 400 како што почнавте . Тоа го слушнавме и од премиерот Бучковски кој ги наброи сите кредити, како директни инвестиции и сега повеќе не разбирам . Дали кредитите се инвестиции, или инвестициите се кредити, но во секој случај, вие стигнувате до некои бројки , после кои што во Македонија ќе треба да тече “мед и млеко” , а ние не можеме да тргнеме од мртвата точка.

. . .Говориме за странски директни инвестиции, а и самите сте свесни дека во Република Македонија е при крај приватизацијата и после приватизацијата во вашата програма, во која што можеби тогаш бевте и претседател на Собрнаието, но во секој случај Владата на СДС има доставено до пратениците, се кажува и тоа е факт и реалност дека после приватизациониот период странските директни инветиции во сите држави каде што се прават, едноставно се намалуваат. Значи, немаме ситуација каде што ќе можеме да имаме зголемување.

Од друга страна седум до осум милијарди долари кои што влегоа или евра во овој југоисточен регион, ние од нив добивме, како што кажавте, до октомври 105 милиони и очекувате до крајот на годината 20 до 25%. Значи, тоа не е ни 1,2% од вкупните средства кои што се влезени. Не сакам да говорам за оние што веќе се или биле многу поназад од нас, сега со големи чекори грабат и кон ЕУ и кон сето ова што се случува кај нас. Но, ако странските директни инвеестиции можеме на таков начин, со тоа што ќе организираме, како што кажувате, Агенција за странски директни инвестиции и од една агенција само да ги префрлиме вработените во друга агенција, апсолутно нема да постигнеме ништо и тоа го гледаме.

Кажувате за макробилансната поддршка на буџетот за 2005 година ќе биде кредитот од ЕСМ кој е за претприватизација од некаде милијарда 596 милиони, заемот за програмско приспособување од светска банка од милијарда денари и второт транша од Холандија од 816 милиони и овие ќе бидат за покривање на надворешниот долг, на внатрешниот долг и она што значи во внатрешниот долг ги спомнувате денационализацијата и долгот од старата девизна заштеда. Сега, во текот на минатата година вие на еден перфиден начин ја завршивте аферата ТАТ. Ја завршивте многу полошо, отколку што и почнавте. Ниту овој буџет, ниту во минатиот буџет имавте предвидено средства со кои што ќе ги обесштетите овие штедачи. Понатаму, тие сигурно

ќе ги бараат своите права и пред меѓународни институции и се надевам дека ќе ги добијат. Што со нашиот буџет во кој што треба да бидат предвидени тие пари? Во многу министерства многу средства се во резерва и стоите со нула денари. Резерва апсолутно не постои никаква.

Понатаму, говориме за катастарско мерење и како тоа ќе го направиме, но во многу ситуации, господине министре, говорите за годината 2010, 2012 година, но, за ваша и наша жалост сега сме 2004 година, а остануваат уште осум години до таа 212 година кои што треба да ги преживееме. Да ги преживееме буквално, а ние од друга страна да се подготвуваме за ЕУ и НАТО пактот. Говориме дека во однос на тој катастар ќе продаваме објекти, кои што и во моментот треба да ги приватизираме, а од друга страна катастарски не се ни одбележани. Како ќе го сториме сето тоа и кој ќе ги купува тие објекти, ќе има проблем. Многу е кажувано и минатиот пат и од претходната Влда за едношалтерскиот систем кој што ќе функционира и како и за катастарот ќе ги добиваме многу брзо сите информации и вредности. Но, едношалтерскиот систем мислам дека е буквално сватен и се сваќа да стигнете до првиот шалтер. Како понатму ќе се движите зависи од тој што е на првиот шалтер и на уште коклу шалтери истиот ќе ве упати. Ако тоа беше едношалтерски систем, незнам.

Говорите за една трансформација која што повторно е поврзана со она што претходно го говоревме, значи, врзана со пари, врзана е со луѓе и бркање од работа. ЕСМ говорите дека на крајот на 2005 година одреден дел од деловите на ЕСМ ќе бидат продадени. Во овој буџет тие средства апсолутно јас не ги гледам, ниту се прикажани некаде, можеби воопшто и ќе ги нема,можеби и нема да се траснформира, но во секој случај требаше да ги прикажете. Од друга страна имате обврска кон вработените при донесувањето на Законот за ЕСМ и приватизацијата и реорганизацијата се кажа дека одредена сума на средства, која што Владата апсолутно ќе им ја довери на овие што се вработени во ЕСМ, дека вие ќе кажете колкави ќе бидат тие средства. Еве, за жал и сега на почетокот на приватизацијата апсолутно немаме вредност по колкави ќе бидат средствата што ќе бидат дадени на вработените. Од друга страна цело време се убедувавме, не убедувавте дека делбата на ЕСМ, значи преносот, производството и дистрибуцијата се едни нормални рамки и дека државата се заштитува, за разлика од она што се случуваше со Телекомот. Се заштитува на начин што имаме голем дел од претпријатијата што ќе остане во државна сопственост. После пресметките кои што се напрвени, делот кој што останува во државна сопственост е проценет на некаде 75 милиони евра, а делот кој што треба да се продава на 1 милијарда и 200 милиони евра. Кога тоа го говоревме некој тука мислеше дека го носиме во заблуда, по што многу од

колегите од позицијата често говореа за ЕСМ и тоа ме радуваше, но само тогаш и никогаш повеќе. За жал, еве се стигна и до тоа државната вредност на ЕСМ е 75, а она што се продава милијарда и 200.

Уште едно прашање за г-динот министер. Што со тоа дека електричната енергија ќе биде покачена и тоа со поголема вредност, некаде на 30 април по завршетокот на грејната сезона, затоа што доаѓа пред приватизационен период  и кажуваме дека ќе мораме да се прилагодиме на оној што ќе почне да го купува електростопанство.

Господине министре, кредитот кој што беше земен, за предприватизација за ЕСМ вие директно го ставивте во Народна банка на Македонија и не знам за што ќе го искористите и дали воопшто ЕСМ ќе може да ги искористи тие пари во овој предприватизационен период. Но, од друга страна имаме задолжување со кредити од некаде 200 милиони евра, што ќе признаете за еден објект кој што многу споро ќе треба да го продаваме милион и двесте со 200 е премногу голем процентот за сега да ја задолжиме Република Македонија и ЕСМ при продажбата. Вие кажувате дека до 2005 година немате никакви враќања на кредити и дека сето тоа ќе биде успешно. Но, заборавате да кажете дека тоа е со грејс периоди кои што поминуваат на крајот на 2005 година. Што со Владата која ќе дојде во 2006 - 2007 година кога ќе почнат отплатите и тоа за многу кредити, со кои што го задолживме македонскиот народ, затоа што тоа се пари на граѓаните. Грејс периодот е добра работа, но треба да се мисли и да се работи, со тоа што барите што ќе се добијат да имаат свој обрт и да ги вратат средствата за кои што се земени. Вака како што работите, апсолутно тоа нема да се случи. Имам трансформација во македонските железници. Од трансформација на Македонски железници, вие многу добро кажувате, дека од тоа имаме 800 или 900 луѓе кои треба да бидат отпуштени од работа и за нив се предвидени средства кои што ќе се обезбедат за плати. Јас подразбирам нешто друго. Македонските железници, очекував кога доаѓавте на власт, тука многу громко ги најавивте големите проекти коридорот 8 и коридорот 10. Од коридорот 8 не остана ни буквата О или остана само таа, значи празно множество и патот железничката пруга кон Република Бугарија, апсолутно не е ни еден клинец закован и нема ни да се закова. Од друга страна, оние што не бирале во изборната едница 5 ја очекуваат железничката пруга Кременица - Битола во должина од некаде 15 км, за која што од министерот за транспорт и врски добив информација дека таа била во нормална изведба и дека можела да се користи, но возот требало да се движи со 30 км на час. Меѓувреме нашите соседи во Република Грција ја преправија и ја направија нова цела пруга од Солун до Лерин и последното е од Лерин до граница, кое што за еден месец сигурно и тоа ќе биде готово. Ние не можеме и овие 15 км. пошто сме аплицирале и во

овој буџет никаде не е ставена ни една стотинка од денарот за да се направи нешто за македонските железници освен бркање од работа што се кажува како трансформација Сега, во каква состојба се моментално македонските железници и како функционираат во однос на сигурноста, безбедноста на граѓаните, многу добро знаат оние што ги користат. Значи, стигнуваме до еден катастрофален период каде што треба да се мисли апсолутно и на безбедноста на оние што се возат во железниците.

Понатаму, имате трансформација на МРТВ. И вие тука се поставувате исто како ММФ и Светската банка како што се поставува кон вас, вие кон Македонската телевизија, со условување додека не се избркаат луѓето од работа, додека не се приватизира она што мора да се приватизира, апсолутно овие пари нема да дојдат во МРТВ и покрај сите одлуки на овој парламент уште од 2003 година дека тие средства треба да бидат предвидени и да бидат дадени за МРТВ. Значи, се работи за сума од некаде 2 милиони евра. Но, за жал тие два милиони евра не се предвидени ни во овој буџет, ни во наредниот не ќе можат да бидат предвидени, затоа што декларативно ние сме за промени, но од друга страна тешко е да се најдат тие средства.

Би сакал да кажам нешто во однос на она што значи Предлог-буџет и министерствата кои што ни го предлагаат.

Би почнал со Министерството за економија. Ќе беше добро тука да го имавме и министерот за економија. Но тој е веќе сега министер за труд и социјала. Од сегашниот министер веќе на првите комисиски расправи очекуваме тој да го каже послениот збор. Незнам колку човекот може само да се запознае со некои работи, а не да ни објаснува и да кажува завршен збор. Но, во секој случај јас би сакал да прокоментирам нешто што го имаме тука како предлог буџет. Нешто што е многу симптоматично во Министерството за економија, говориме по точка 2 во приходи Политика и регулатива се потребни некаде околу 150 милиони. Во ставка 3 Енергетика и минерални суровини некаде 95 милиони. Говориме за некој развоен буџет, како што кажавте инвестиционен буџет. Значи, за политика имаме 150, за енергетика 90 милиони. Сега, во енергетика влегуваат енергетика и минерални суровини, обновлива енергија, термоенергетска топлификациона постројка, тоа е постројката Скопје, основни геолошки истражувања и геолошки информативен систем. Сето ова 90 милиони во однос на политика и регулатива со 150 милиони, каде што платите на вработените се некаде исто колку што се средствата за енергетика. Од друга страна овие средства се исто колку што имаат за инспекциски надзор. И, тука е нашиот проблем. Апсолутно ова што тука значи термоенергетска топлификациона постројка од 2002 година веќе говориме дека е завршено се, дека почнува да се гради и дека истата ќе биде изградена и завршена. Од тоа, вие кажувате дека сега одиме во

ситуација да издвоиме средства за тоа како да ја дефинираме и да почнеме со рајбота. А, веќе е 2005 година. Значи, еден објект кој што досега требаше да дава енергија, ние веќе го немаме ни почнато. И, тука ќе заврши се, за жал.

Во однос на институтите за стандардизација, имавме еден дуел г-дине министре со вас, каде што се кажуваше јас останувам на тоа дека ова е делот каде што треба да вложите и повеќе пари, затоа што одењето, желбата за нашето одење во ЕУ е токму тука. Значи, институтот застандардизација кој што треба со сите сили да се ра звива и да се вложи се што може, затоа што без тоа апсолутно нема ништо да постигнеме. Но, за жал, тука има одредено многу минимални средства кои сигурно ќе треба да ги зголемиме. Затоа што, не ќе има фирма во Република Македонија која што без овие стандарди ќе може да се приближи до ЕУ. Вие тогаш говоревте нешто друго, но во секој случај останува да видиме како нашите производи ќе бидат третирани и примени во ЕУ, за што најдборо се убедуваат оние кои ги имаат проблемите со извозот. Но, тоа е тоа, и мислам дека и понатаму ќе не опседнува.

Во однос на животната средина, очекував нешто што ќе значи инвестиција и развој, нешто што ќе значи недозволување да се стигне до ситуација што го зафати Дојранското Езеро. За што би сакал да проговорам? Би сакал да проговорам за Преспанското Езеро. Вие имате издвоено некаде околу 15 милиони денари за отпадните води на Преспанското Езеро. Преспанското Езеро доживува исто така еколошка катастрофа и воопшто ако за некоја година остане така, не знам што ќе се случува понатаму. Мислам дека треба да се разгледа многу посериозно овој проблем и да се работи точно на тоа.

Понатаму, за десулфуризацијата во РЕК Битола. Тоа го истакнавте како главен проблем и претходниот министер, г-динот Јанев рече дека ќе се залочи и ќе работи токму на таа проблематика во интерес на граѓаните на Битола ви вработените во РЕК Битола. Од тоа сега за сега не видов ништо.

Говорите за санација на слечиштето во Рамнина, но тука имате издвоено само 18 милиони денари. Сигурно и подобро го знаете проблемот од мене во однос на граѓаните кои требаше да се социјализираат и да добијат свои домови. Тоа е застанато и тука апсолутно нема ништо. Такви работи мислам дека немате предвидено и тоа што поскоро треба да го направите, затоа што екологијата е можеби единствената од сите категории каде што можеме да добиеме средства од нашите соседи и каде што треба навистина да аплицираме, бидејќи тука се парите и тука можеме да извадиме многу работи во однос на аерозагадување, на она што значи чист воздух и се она другото што екологијата треба да го прави.

Понатаму, во Министерството за транспорт и врски еве веќе говорев за две работи за железниците и за македонската телевизија, а од друга страна кажавте за Управата за телекомуникации, каде што кажувате дека ќе се донесе нов закон за телекомуникации и нов закон за радиодифузија. Но, јас уште еднаш ќе ве прашам, кога. Затоа што, од 2002 година од некаде ноември, веќе е декември 2004 година го носите Законот за радио дифузија. Меѓувреме, опозицијата понуди 4 вакви закони, сите се одбија, но нов закон за радиодифузија сеуште нема. Ќе дојде следниот месец, за две недели, се работи и мислам дека не знам дали ќе го сработиме некогаш. Би сакал тука, кога веќе сме тука, да направиме...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Провери си ја поштата, веќе ти е дојдена.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Па, време беше, мислам 2,5 години, можеби ќе дојде, сега да не го донесе поштата евентуално, па повторно ќе имаме проблем.

Тука ќе треба да се работи и во однос на оние радио станици од соседните држави кои што се слушаат во пограничните градови, апсолутно да се направи ситуација каде што, како што нашите радио станици не можат да се слушаат таму, затоа што прават и премногу пречки во програмата која што треба да ја пратат граѓаните токму во овие места.

Во однос на образованието кажавте една голема работа дека сите овие средства што ги предвидувате за образование, всушност, се инвесетиции. Еве, јас нема да се сложам со вас, затоа што сите тие средства, за жал, некаде околу 90% од тие средства се всушност средства за плати на вработените или пак за оние што ќе бидат технолошки вишоци да им се исплати она што треба да им се исплати. За жал, тука има и голем проблем во однос на оние што работеле подолго време со виша школа, кои сега во моментот ги изгубија своите работни места, апсолутно државата и тоа министерство не им понуди можност за истите да го дозавршат своето образование и да продолжат со работа. Но, во секој случај вие подобро знаете за тоа.

Говориме за средства, освен за плати во основното образование имаме средства за изградба и за реновирање на училишта и тоа во вредност од некаде 51 и 58 милиони денари.

Во средните училишта 155 милиони за училиштата “Зеф Љуш Марку”, и “Никола Штејн” и 38 милиони за поправка и доправка. Сите овие средства заедн изнесуваат колку средствата што ги имате предвидено за изградба или доградба и реновирање на зградите од Владата.

Ако знаете кои проблеми ги имаа учениците на почетокот на школската година, кога многу ученици не појдоа оваа школска година на училиште токму поради овие проблеми со просториите, со ова што значи извршување на наставата мислам дека овие средства не да се минимални, бидеји и од самото Министерство мораше ребаланс на Буџетот, имаше нови побарувања за кои што и вие сега имате многу малку слух.

Понатаму кажувате дека има пари за Државниот универзитет во Тетово. Тоа е една единствена ваша реченица во однос на високото образование.

Имаше прашање на Комисијата за образование и наука каде што се прашува колкави се тие средства и како се поделени. Значи, се говори за Универзитетот во Скопје, Универзитетот во Битола и Универзитетот во Тетово. Како тие средства се поделени и колку се средствата што ќе ги добие Универзитетот во Тетово. Како што минатата година се беше некако во магла сега е во уште поголема магла и тука е големиот проблем. Проблемот што и тогаш го лоциравме дека и понатаму ќе почнат да се развиваат факултети кој како ќе стигне, кога ќе сака и колку ќе сака веќе е очигледно и веќе добива сериозни размери, така да државата ќе биде нон стоп носена под принуда, што е многу лоша работа. Тука мислам дека треба да се интервенира.

Од друга страна во науката, барем колку што можев да ги видам побарувањата на средства за Полициската академија и Воената академија, каде што нема ниту професори, ниту оние кои што треба да ја завршат школската година, како тоа понатаму ќе се одвива. Мислам дека и за тоа требаше да имате информација и врз основа на тоа да донесеме заклучок што и како ќе биде во однос на Полициската академија, Воената академија, колку средства се предвидени, дали ги предвидувате, дали ќе продолжат да работат така врз основа на некои резерви од Буџетот кој што вие ќе можете да ги пренесете.

За жал господине министре и вие како и премиерот, како и претходниот премиер, како и претпретходниот премиер едноставно не кажавте ниеден збор за спортот.

Спортот е сведен на нула, Агенцијата за спорт има околу 52 милиони денари. 52 милиони каде што не знам за што би говорел побрзо, сите сали се затворени, базените се без вода, другите се недоградени, оставени на забот на времето и за тие сали оставате некаде 3 милиони и 538 илјади денари. Апсолутно недоволно и она што го оставивте на забот на времето ако очекувате да се растури мислам дека младите во државата не го побаруваат тоа, а уште помалку оние што се занимаваат активно со спорт. Зошто го говорам ова.

Добро кажа колешката пред малку, Агенцијата за спорт своите активности прикажува дека успеала да се организира да се одвиваат натпреварувањата во

поодделните лиги и федерации во државата. Апсолутно мислам дека тие проблеми постојат, многу екипи и од она што значи први лиги се откажуваат, да не кажувам дека трети лиги веќе и нема, како што е прикажано таму. За поодделни спортови можеби немаме ни три до четири екипи за жал. За тренерски кадар воопшто да не разговараме и доаѓаме во ситуација што со нашите репрезнтации. Репрезентациите тргнуваат со автобуси и остануваат по соседните држави, останоуваат на аеродроми, необезбедени средства до последен момент и едноставно Владата се дистанцира од сето ова, апсолутно никаква помош. Тоа што отидовме на олимписките игри во Грција, можеби е и поради тоа што Грција е многу блиску до Македонија, но за жал она што требаше сите да го вложиме и да се презентираме токму тука чекајќи ја таа олимпијада после 100 години да биде во наша близина ние апсолутно не направивме ништо. Најслабиот настап и оправдувањето е едно единствено кога ви ги затвораат салите, кога немате базени, кога треба да се припремате во било какви услови, колку да бидете припремени, а тоа сигурно дека еден спортист кој треба да донесе медаља апсолутно, олимпискиот циклус веќе сега започнува за наредната олимпијада. Тоа мислам дека сите го знаете и од тоа не треба никој да бега. Но, во оваа ситуација апсолутно Агенцијата за спорт е донесена со овие средства, барем претходно имаше средства кои што се исплаќаа на спортските сали, каде што спортистите можеа да се занимаваат со спорт, после ова апсолутно, и тоа е избегнато така да она што го декларирате за борба против пороци, за успех на нашата младина апсолутно на овој начин, со овие средства не можеме да го постигнеме затоа што спортот го оддалечуваме многу од овие млади луѓе.

Говоревте за акцизи, говоревте за цигарите каде што знаете дека тоа се средства не само во нашата држава, туку во многу држави во светот кои што носат големи средства, посебно во сивата економија и тоа се покажува и деновиве како функционира и каде одат парите. Уште денеска можете да видите колку пари нема, колку се поголеми толку ќе биде уште поголема оваа битка за оваа акцизна стока која што гледаме дека се продава на секој чекор во Македонија, дали има маркица или нема маркица апсолутно не е битно. Можете во секој момент да ги видите луѓето како стојат на улица и го продаваат сето тоа.

Од друга страна кажувате дека до крајот на 2007 година акцизата ќе постигне вредност од 39% и најавувате зголемување за секоја година по 10%. Ако е така јас сега не знам дали е точно акцизата 9%, за да стигнеме до бројката од 39% после три години, од друга страна воведуваме акциза за возила.

Јас би ве запрашал една работа. Староста на колите по она што го имаме како информација во моментот е 18,5 години. Ако фичото, мислам дека тоа не се произведува

повеќе, дали тоа ќе биде некое корејско возило со помалку од 1000 кубици и повторно да заличиме на она што бевме некогаш, ако е тоа целта јас не знам. Луѓето што ги купуваат колите, ДДВ сите царини апсолутно ги плаќаат и мислам дека и самата држава во однос на она што значи утре Европска унија, со овие возила што моментално ги поседуваме во Република Македонија апсолутно нема да стигнеме нигде, нема да не пуштат на ниедена граница затоа што се многу стари и уште повеќе ќе нема ни резервни делови, не само што се стари и ќе остане се тука. За жал мислам дека ова треба да се стимулира, затоа што голем број од граѓаните го чекаат токму влезот во Светската трговска организација, намалување на царини за да можат да земат нови возила со кои што возила едноставно добиваат сите, пред се граѓанинот, оној што може да си дозволи да го земе возилото и сигурно да придонесе во Буџетот.

Она што вчера ви беше предложено во однос на парите кои што седат во банки, парите кои што не се вртат, не произведуваат инвестиција да ги оданочите мислам дека може да се најдат многу подруги начини овие средства да влезат во Буџетот, а не на овој начин кога сите очекуваат дека ќе бидат ослободени од некои давачки, со оваа акциза треба повторно да ги платат истите цени.

На крајот би завршил со она што беше ваш почеток каде што кажувате дека се одржа макроекономската стабилност, имаме ценовна стабилност, стабилност на домашната валута, јавната потрошувачка и поцелосна контрола и тоа повеќе не креираат дополнителни дефицити и проблеми. Финансискиот систем е стабилен, македонската економија е генерализирана и отворена кон светот од каде што добиваме и позитивни и негативни импулси и влијанија. Како што би рекле докторите “се е во ред, пациентот стабилен, но изгледа умре”. Тука е она што цело време не окупира и нас, сигурно и вас, затоа после се ова што го кажувате и сите оние проблеми што ги кажавте понатаму и во овие два часа што можевме да ве слушаме мислам дека ова што го очекува Република Македонија за жал не е така розово, како што се обидовте да ни кажете за 2010 година, за 2012 или не знам која 2000... но во секој случај за 2005 апсолутно очекувам дека и вашиот сегашен премиер после неколку месеци повторно ќе се извини на македонската јавност, за жал, затоа што начинот на кој што тргнуваме апсолутно не е оној што ќе го донесе ова што го кажувате, намалување на невработеноста и зголемување на бруто домашниот производ, зголемување на индустриското производство и отворање на нови капацитети кои ќе донесат добро за Република Македонија.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ

Благодарам господине Мавровски.

Министерот за финансии побара збор.

Има збор министерот за финансии Никола Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Мавровски во своето излагање во секоја минута барем по три пати кажуваше “не ми е јасно”, “не знам”, или го прашува министерот.

Јас сум волјен да одговорам господине Мавровски на голем број од прашањата, меѓутоа извинете, забележувам една тенденција во вашиот говор и настап. Тоа е тенденција на сокривање на фактите манипулација со моите изговорени зборови и тенденциозно искривување на работите. Ако очекувате на пример да одговорам како тоа 10% се зголемува годишно акцизата а за три години ќе биде 39%, па дали е сега 9, претпоставувам дека треба основно математичко познавање и само малку подобро прочитување на тоа што јас сум го изговорил за да можете да го пресметате тоа. Со оглед дека знам дека сте техничко лице, а не лице со некое друго образование сигурен сум дека знаете и затоа мислам дека манипулирате во прашањата и на тие нема да одговорам.

Исто така кога зборувавте за државната администрација околу 11 илјади и тн., го испуштивте клучниот збор кога набројувавте. Прочитавте “министри, пратеници, ...”, па го скокнавте клучниот збор “службеници” и продолживте натаму да набројувате “амбасадори и чувари на затвори” и да се прашувате зошто се тие толку многу. Свесно го скокнавте зборот “службеници”, “државни службеници” , кои се над 10 илјади во нашата администрација.

Сега можам да набројувам десетина вакви ситни манипулации заради кои едноставно нема да можете да ги добиете моите одговори затоа што не гледам сериозност во вашиот настап. Јас пред 15 минути, како што кажавте зборував сериозно, а сега ако вие тоа тенденциозно го злоупотребувате и искривувате едноставно нема да ме натерате да влезам во комуникација со искривување на факти, па потоа и понатаму да дебатираме затоа што не гледам во тоа ниту добра волја.

Искрено да ви кажам што ме изненади од ваша страна, ниту коректен однос во пристапот кон тоа и затоа нема да одговарам на такви праања.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Ова да го сметаме како реплика, бидејќи беше помалку од три минути.

Господине Мавровски, бидејќи сте пријавени, една минута, повелете.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Очекував министерот да одговори, не одговори ништо, изгледа и него не му се јасни некои работи, но во секој случај кажувате дека во културните институции се вработени 2367, во институциите за детска заштита 3300, а сега говорите дека има 10 илјади службеници. Од друга стран службениците ги ставате со министрите, со пратениците, со разузнавачите, со чуварите на затворите и на инспекторите.

Господине министре кој манипулира тука јас не знам. Можеби да сум го испуштил зборот "службеници", но не намерно, а во секој случај јас очекував тоа вие да го кажете бидејќи набројувате тука 2300, 2600 во судството и сега викате 10 илјади службеници дека има. Мислам дека сполутно не е коректно.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодрам господине Мавровски.

Повторно за збор се јави министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Последново само ја дополнува општата конфузија во која господинот Мавровски плива во овие две ипол години во Парламентот. Заради тоа мислам дека тој не е ниту во ситуација да одлучубва за Буџетот.

Пратеник кој нема познавање кои имаат статус на државни службеници, а неколку пати само во овој мандат глсал за или против Законот за државни службеници, пратеник кој не знае кои се категориите на вработени во Буџетот и каков статус имаат и со кои закони единте, другите или третирте ги потврдуваат своите права и кои се нивните функции едноставно не може да одлучува за Буџетот.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине министре.

Ова беше само појаснување.

(Пратеникот Спиро Мавровски бара збор процедурално).

Повелете, што е вашата процедурална забелешка господине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине министер вие апсолутно не сте тие кои ќе одлучите тука кој како некој пратеник си ја брка својата работа...

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Мавровски...

СПИРО МАВРОВСКИ:

Дозволете, имаше лична навреда, вие не го прекинавте.

Апсолутно не држи министерот овде да ни кажува кој е добар, кој е лош пратеник. Повелете бидете пратеник кажувајте тука. Потрошивте 7,5 илјади евра да ми објасните два ипол саати тука...

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ќе ве молам господине Мавровски, баравте процедурално, во што е забелешката.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Да процедурално е, мислам дека требаше да го прекинете министерот...

(Пратеникот зборува од место со невклучен микрофон и недоволно се слуша).

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Зависи кој како го сфаќа своето однесување.

Немате процедурална забелешка.

Има збор господинот Анѓел Димитров.

Повелете господине Димитров.

АНЃЕЛ ДИМИТРОВ

Благодарма господине потпретседателе.

Почитуван потпретседател, почитуван колега министер, почитувани колеги пратеници.

Следејќи ги неколкуте расправи по изнесените ставови на одредени наши политичари, но и на експерти од областа на економијата стекнав впечаток дека некои од нив сметаа дека Буџетот е тој семоќен акт од кого ни зависи целокупната економска, а особено развојна политика и дека ако тој не нуди некои поголеми развојни перспективи тогаш црно и се пишува на нашата економија во текот на идната година.

И покрај тоа што Буџетот во сите земји има огромна улога во макроекономските движења во наредната година, а особено во една мала држава во транзиција во која буџетските расходи имаат значителна улога во општата потрошувачка, а со самото тоа и во бруто општествениот прозвод сепак не смееме да носиме заклучоци дека Буџетот е единствениот кој може да носи развој во економијата, или ако тој нема некоја позначајна развојна компонента тогаш готово е со развојот во идната година.

Макроекономската политика е составена од многу поразновидни и посложени политики, а буџетската политика претставува само еден сегмент во целокупната макроекономска политика во земјата. Во продолжение ќе изнесам неколку мои забелешки за Буџетот за 2005 година.

Прво, факт е дека овој Буџет е најтранспарентниот што до сега сме го имале. Ова е затоа што прегу зголемениот број на буџетски програми можеме да ги согледаме сите активности на буџетските институции, со што овој Буџет се доближува кон европските буџети. Или народно кажано има поголем број на информации за начинот на собирањето и особено начинот на трошењето на арите од даночните обврзници.

Второ, што се однесува до макроекономската состојба во Македонија и особено односот кон инфлацијата сеуште стојам на моето мислење дека таа претставува цел самата за себе, а не цел заради остварување на нашата приоритетна цел, а тоа е интензивирањето на стапките на раст на националната економија која ќе донесе нови вработувања и намалување на сиромаштијата. Како поинаку да се сфатат објаснувањата на нашата политика кон инфлацијата која накратко е дадена во резимето на макроекономската состојба на Републиката, страница 3 од образложението кон Буџетот за 2005 година. Се вели дека проектираната инфлација од 2,8% за 2004 година била премногу оптимистички поставена. Понатаму се констатира дека поради реалните движења во економијата просечната стапка јануари - октомври 2004 година изнесувала минус 0,2%, тоа е дефлација од 0,2%.

На крајот се предвидува дека до крајот на годината не се очекуваат некои позачајни инфлаторни притисоци, па така просечната инфлација најверојатно Ќе изнесува 0%. Сето ова би било во ред ако е резултат на зголеменото производство и мала побарувачка, па државата ќе треба да ја стимулира потрошувачката како би почнале да се празнат магацините и да се стимулира економијата во целост. Но во 2004 година на секое зголемено количество на денари во оптек Народната банка реагираше со продажба на девизи од девизните резерви и со зголемување на каматите на благајничките записи.

Значи, не е точна констатацијата дека немало одредени инфлаторни притисоци. Тие постоеја, иако беа од сезонски карактер. Но нашата политика на фиксен девизен курс беше толку рестриктивна што наместо предвидената стапка на инфлација од 2,8%, во одредени периоди и да ја надминеме, ние остварувавме дефлација која во овие моменти на развојот ни е најмалку потребна. Кој е резултатот од сето тоа: неконкурентност на нашите компании и стоки на странските пазари, зголемен трговски и девизен дефицит, зголемување на каматните стапки на банките и смалување на можностите за кредитирање и за нови инвестиции.

Трето, проектираниот пораст на бруто општествениот производ од 3,8% во 2005 година, за мене е остварлив, иако сеуште недоволен за некој позначаен развој барем од 5 до 6% кој ни е неопходен, имајќи го предвид нашето многу ниско ниво.

И покрај големиот скептицизам искажан деновиве, јас сметам дека со една поголема поддршка на приватната иницијатива овој пораст може да биде и поголем. За жал, во Македонија се случи некои производни претпријатиија целосно да замрат, машините да бидат продадени како старо железо, а купувачите, производните хали да ги претворат во магацински простор. Но постојат и претпријатија кои сеуште можат да се преструктуираат и да продолжат со работа и ним треба да им се даде целосна поддршка.

Четврто, предвидените проекции за зголемените приходи од персонален данок се остварливи и тие воопшто не значат зголемување на товарот на сиромаштијата, како што некои кажуваат. Зголемувањето на приходите од персоналниот данок на доход јас не ги гледам во воведувањето на новата стапка од 24% за примањата над 60 илјади денари месечно, иако ја поддржувам истата измена, многу поголема шанса гледам во намалувањето на евазијата кај овој вид данок, особено во трудо интензивните дејности. Јавна тајна претставува плаќањето на персоналниот данок и придонесите за здравство и за вработување, на најниската основица, а доплатата до целосната нето плата да се врши во кеш. На овој начин не само што се оштетува државната каса и фондовите, туку се прави огромно перење на пари, пред очите на целокупната македонска јавност.

Петто, резултатите од прибирањето на ДДВ и намалувањето на даночната евазија со фискализацијата, се за поздравување. Но, тоа не значи дека е постигната целта. Сеуште фискализацијата не е целосно завршена и секојдневно сме сведоци на неиздавање на фискални сметки.

Реформите во државната администрација и понатамошната рационализација на буџетските расходи од една страна и намалувањето на даночната евазија од друга страна може на среден рок да овозможат намалување на даночните ставки и ставките на придонесите, што ќе биде како од интерес на граѓаните, така и од интерес на целокупното општество.

На крај сакам да истакнам дека прашањето на реформите на јавната администрација, намалувањето на даночната евазија но и нашиот однос кон обврските спрема Фондот за ПИОМ и Фондот за здравствено осигурување, се толку многу значајни што е неопходен национален консензус за овие прашања. Не можеме различно да гледаме на овие работи кога сме во опозиција, или кога сме во позиција. Не можеме реформата на јавната администрација еднаш да ја гледаме како наш приоритет, а друг пат да ги поддржуваме штрајкувачите на јавните претпријатија кои треба да се прогласат за технолошки вишок. Понекогаш дури и самите сме си контрадикторни. Од една страна не плаќањето на даноците и придонесите од плата да ги сметаме за кривично дело, а од друга страна на неплаќачите да им нудиме плаќање на рати. За овие работи ни е

потребна цврста и конзистентна политика која нема да ја менуваме од денес до утре. Поддршката на претприемачите ќе треба да им ја обезбедиме преку поефтини кредитни средства и подобрување на општите услови за стопанисување, а преку простување на долговите спрема државата.

Сосема на крај да кажам и неколку збора за предвидените мерки за намалување на сиромаштијата. Овие мерки се состојат од неколку програми, како што е поттикнување на вработувањето, реформа на социјалната заштита, електрификацијата на селата, ревитализацијата на селата итн.

Ако подобро се прочитаат сите овие мерки, тие се толку општи и индиректни и нивното влијание само на посреден начин ќе го подобри животот на нашите граѓани. Македонија, како и секоја друга држава си има свои карактеристики и специфики и тие треба да бидат патоказ за нашите мерки и проекти. Македонија и во поранешна Југославија се карактеризираше со поголем број на невработени, во однос на другите републики. Во годините на транзиција, за разлика од другите земји каде најголемиот број на невработените беа работници кои беа напуштени од фабриките кои на време не се трансформираа, во Македонија најголемиот број на невработени никогаш немаа шанса да засноваат работен однодс. Нашите граѓани немаат доволно заштеди или друг имот со кој ќе започнат сопствен бизнис. Затоа е неопходна подиректна помош за поттикнување на самовработувањето преку отворање на сопствен бизнис. Затоа јас ќе дадам приоритет на малите брани за наводнување, поддршка за подигање на долгогодишни насади во лозарството и во овоштарството, инвестиции, инвестициони и грантни фондови за набавка на опрема за производство, а би ги ставил во втор план проектите од инфраструктурата чии ефекти се многу поспори и многу поиндиретни.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Димитров.

Следен за дискусија е госпоѓата Ганка Самоиловска Цветанова.

Повелете госпоѓо Самоиловска.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Ако може да дојде министерот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Министерот рече за една минута ќе дојде.

Молам претставникот на Владата господинот Поповски!

Еве го министерот влезе во салата.

Повелете.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Најнапред да се извинам што по втор пат се јавувам на собраниската говорница, но овој пат би сакала и чувствувам должност да проговорам поконкретно за буџетот на Министерството за култура кој, вака предложен и вака креиран, навистина сметам дека е загричувачки.

И покрај очекувањата и ветувањата од страна на Владата дека ќе се направи многу на полето на културата и ќе се овозможат поголеми средства за дејност од областа на културата, од вака предложениот буџет на Министерството за култура, се гледа дека тие ветувања повторно нема да се остварат 2005 година. Кога би го споредиле вкупниот буџет во 2004 година, одобрен за Министерството за култура, со Предлог буџетот за 2005 година, може да се види дека постои зголемување.

Во вчерашното експозе на министерот за финансии кое траеше 2 часа и 14 минути, министерот за финансии ја удостои културата само со една единствена реченица во која кажа дека средствата за Министерството за култура во буџетот на Република Македонија за 2005 година, се зголемени во однос на 2004 година. Но, за жал, министерот немаше доблест да каже во кои ставки се зголемени средствата за Министерството за култура, бидејќи доколку тоа го кажеше ќе се видеше дека средствата се зголемени во ставката за плати, што точно укажува дека овој буџет вака предложен ја нема развојната компонента и е уште една потврда на тоа дека буџетот во 2005 година масата за плати е зголемена за 2,2%. Бидејќи министерот за финансии не кажа во кои ставки се зголемени средствата за Министерството за култура, дозволете ми јас тоа да го направам.

Зголемувањето во секој случај не е направено во областа на финансирање на дејностите од културата. Направено е во декомпресијата на платите на државните службеници, на формирањето на Управата за заштита на културното наследство и на одобрување повеќе средства во Министерството за култура, програма 11, администрација и тоа посебно во ставката 482, под име други градежни објекти.

Повторно, во Министерството за култура како и во 2004 година, постои парадоксална ситуација по однос на изјавите на високи функционери за неефикасната и гломазна администрација и најавите за справување со истата и тоа: на зголемувањето на надворешните соработници по договор за дело, што значи дека бројот на администрацијата во Министерството за култура е зголемен за 50%, како и зголемувањето на платите на оние вработени кои се преземаат од институциите од

областа на културата во Управата за заштита на културното наследство. Тоа е токму тука, делот кој пред малку го насловив како декомпресија на платите на државните службеници.

Многу интересно е намалувањето на програмските средства за заштита на културното наследство, за 14 милиони денари, во однос на 2004 година, а зголемување на ставката за градежни објекти, зголемување кое изнесува 39 милиони денари. Симптоматично. Прашувам за што се наменети овие 39 милиони денари за градежни објекти и дали всушност не се наменети за доисплата на Меморијалниот центар Пелинце кој знаеме на кој начин беше изграден, спротивно на постоечката законска регулатива и токму заради тоа Меморијалниот центар Пелинце, иницијаторите и неговите градители сега се предмет на разгледување во Антикорупциската комисија.

Што се однесува до останатите програмски средства за дејностите од областа на културата односно во програмите и проектите, би споменала дека во секоја дејност постои намалување и тоа: за издавачка дејност 10 милиони денари; во библиотекарска дејност 11 милиони денари; во филмска дејност 20 милиони денари и во ликовна и музејска дејност 6 милиони денари.

Исто така, интересно е да се напомене, а воедно би сакала и да го потсетам министерот за култура и министерот за финансии дека буџетот на Министерството за култура за 2005 година, во однос на 2002 година, за програмски средства односно за дејностите од областа на културата е намален за 13,50%, или поточно кажано за 86 милиони денари. Тоа намалување е направено во финансирањето на дејностите од областа на културата односно во програмите и проектите и тоа во музичко-сценската дејност намалување за 30 милиони денари; во филмската дејност намалување исто така за 30 милиони денари; во заштитата на спомениците на културата намалување за 61 милион денари. Тоа навистина би сакала да го слушнат членовите на Комисијата за култура, намалување на средствата во заштитата на спомениците на културата за 61 милион денари. Понатаму во библиотекарската дејност 11 милиони денари; во издавачката дејност 12 милиони денари; во ликовната и музејската дејност 8 милиони денари и во ставката за инвестиции, намалување од 25.945 милиони денари. Можеме слободно да заклучиме дека од ветувањата дека наводно ќе има зголемување на финансиската поддршка од страна на државата, за културата односно од буџетот на Република Македонија, не е ништо исполнето и повторно културата се доведува во онаа состојба во која се наоѓаше пред 1998 година. Со намалувањето на средствата за издвачка и библиотечна дејност, министерот повторно ја враќа истата состојба пред 1998 година, кога литературното творештво и издавачката дејност, како и библиотечната,

немаа соодветен буџетски третман, што придонесе за голем пад на издавачката продукција и модернизација на библиотечната дејност.

Можам слободно да констатирам дека намалувањето пак на програмските средства за заштитата на спомениците на културата се должи пред се на отсуство на свест за културното односно за националното наследство, како и не постоењето на вредносен систем и минимална грижа за националните културни вредности и интереси. Во овој контекст ќе напоменам дека во изминативе две години, благодарение на финансискиот третман во областа на заштитата на културното наследство, ја имаме следнава состојба: прекин на работата на голем број археолошки локалитети и споменици на културата, истражувачката дејност, а непосредната заштита и презентацијата на културното наследство се сведени на минимум и се доведени во прашање.

Предложениот буџет за културата за 2005 година, пред се должи на не постоење на функционален систем, не постоење на јасно дефинирани принципи во културата односно не постоење на јасно дефинирана културна стратегија. Со ваков финансиски третман на културата ќе придонесеме културата повторно да ја вратиме во оној период во кој се наоѓаше пред 1998 година односно целосно да ја маргинализираме. Мене навистина ми е жал што голем број на капитални програмски зафати, реализирани во заштитата на културното наследство, поточно на полето на конзервацијата, реставрацијата и презентацијата на нашето културно наследство во периодот од 1998 до 2002 година, со овие одобрени програмски средства не ќе можат ниту да се негуваат, ниту да се одржуваат.

И на крајот уште еднаш ќе го искажам мојот генерален став по однос на целокупниот буџет за 2005 година, дека нема да го поддржам и нема да гласам затоа што ја нема развојната компонента и од причини што масата за плати, повторно ќе напоменам е зголемена за 2,2%.

Благодарам на вниманието.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам  госпоѓа Самоиловска - Цветанова.

За збор се јави министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сакам да истакнам два факти кои госпоѓата Ганка Самоиловска ги немаше предвид во својата дискусија и тоа знатно ќе ја промени нејзината перцепција.

Прво, парите што ги спомнува за заштита на корисник од втор ред што беше во рамки на функциите на културата, се префрлени во Министерството како орган на управа, согласно законот. Тие 60 милиони се пренесени. Ако го види претходниот раздел, ќе ги види и таму додадените 60 милиони. Меѓутоа тоа е сосема небитно. Очигледно нема да можеме да се разбереме на тоа поле.

Второто што сакав да го кажам, Законот за децентрализација е донесен. Врз основа на тоа Владата на Република Македонија донесе и Програма за децентрализација на институции од културата. Некои од нив од 1 јули ќе се финансираат од општините. Средствата за нивно финансирање во буџетот се предвидени за шесте месеци, како што се, а понатаму по пат на трансфери и дотации, кон единиците на локална самоуправа, кои се во други ставки на буџетот, не во културата, префрлени. На пример во функции на држава, затоа што ќе дојде до прелевање на средства за тие шест месеци по основ на финансирање на дејностите кои се децентрализираат, и за културата и за други дејности. Така што, гледано само во тој раздел, ќе се стекне погрешен впечаток.

Благодарам.

(Со седницата продолжува да раководи претседателот на Собранието господинот Љупчо Јордановски).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Самоилова, повелете имате контра реплика.

ГАНКА САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА:

Јас многу добро ги видов тие 60 милиони денари зголемување и токму кажав дека се однесуваат на плати.

Во однос на другите ваши забелешки, навистина покажавте апсолутно непознавање од областа на културата.

Само да напоменам дека моите забелешки во однос на намалувањето на средствата за заштитата на културното наследство немаат никаква врска со процесот на децентрализација, бидејќи заштитата на културното наследство не е предмет децентрализацијата и останува на државно ниво. Исто така и филмската дејност. Така што вашите забелешки господине министре не држат. А она што го кажав, го кажав аргументирано, со факти и апсолутно нема начин да ги побиете фактите и аргументите.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине министре, завршуваме овде.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Јас барам збор како предлагач.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, ако барате збор, повелете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема потреба од нервоза во Парламентот, треба работите да се гледаат такви какви што се. Ако сферата на дирекцијата, Завод за заштита, Заводот кој се трансформира во Управа се префрла во органот на управа, кој е Министерството за култура со се вработените, средствата и др. делумно, нормално е дека ќе се извлече од Програмата, дел, со се вработените од плати, а ќе се појави како плати горе. Меѓутоа, ако го гледате намалувањето каде што вие зборувате, ќе го видите и намалувањето на плати на таа позиција. Апсолутно тука нема никаква контрадикторност и нема потреба за тоа да се дебатира понатаму.

А во врска со политиката на распределба внатре во културата, тоа е политика на актуелниот министер. Вие сте имале една политика, сте фаворизирале изградба на центар кај Стара железничка станица, сте фаворизирале нешто друго, но сегашниот министер фаворизира некои други дејности и ќе дозволите дека е право на министерот да предложи соодветна дислокација, каква што смета дека треба да има во рамките на културата, за да ја оствари својата политика. Со оглед дека во Буџетот трошоците и за капитални инвестиции, и средствата за плати, особено за стоки и услуги се децентрализираат за дел од институциите општо во државата, дел од нив се пренесуваат преку трансфери. Се разбира, вие можете тој факт и да не го прифатите, меѓутоа, тоа е така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи му дадов збор на министерот, имате три минути реплика.

Повелете госпоѓо Ганка Самоиловска Цветанова.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Господине министре, очигледно или не се разбираме или не сакаме да се разбереме. Вие зборувате за плати, за маса на плати. Јас зборувам за намалување на средствата за финансирање на дејностите од областа на културата. Зборувам дека средствата за заштитата на културното наследство се намалени. Не зборувам за Управата за заштита на културното наследство. Најголемиот дел од Буџетот за Министерството за култура повторно оди на плати. Каде се дејностите од областа на културата? Тоа прашувам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи полемиката заврши, повелете госпоѓо Костадинова, а потоа нека се подготви пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам, господине претседателе.

Почитуван претседателе, почитуван господин министре, колеги пратеници,

Точката што ја имаме како прва на последната собраниска седница во оваа година, во последниот месец од годината предизвикуваше големо внимание во медиумите и во стручната јавност уште пред да влезе во собраниска процедура, а еве сега и ние пратениците веќе втор ден ја имаме можноста да расправаме по Предлог буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Распределбата и собирањето на средствата во државната каса не е ни малку едноставна работа. За да нешто се собере и подели, пред се, треба да се створи. Кога колачот е поголем, и поделбата е полесна. Но како и секое домаќинство што го планира семејниот буџет врз база на реалните приходи што ги остварува, така и буџетските експерти не можат да излезат од рамките на реалните можности, а притоа мора да водат сметка да се задоволат основните функции на државата во наредната година и притоа буџетската политика да се креира така за да ја задоволи монетарната, фискалната, социјалната и развојната функција.

Разгледувајќи ги доставените извештаи од собраниските комисии, предложените амандмани од нив, доставените амандмани од поедини институции, како од Заводот за државна ревизија, Полициската академија, незадоволството од судскиот буџет искажано од претседателот на Врховниот суд на Комисијата за финансирање и буџет, па еве и во претходнаата дискусија што беше искажано незадоволство од доделените средства во областа на културата, потоа доставените поедини амандмани од нас пратениците, произлегува дека со доставениот Предлог-буџет многу ретко на некој буџетски корисник целосно му се задоволени потребите од средства за наредната година.

Без разлика на сите тие незадоволства од поединечните буџетски корисници и без разлика на многубројните амандмани, од кои некои секако дека се оправдани, сепак, сметам дека Предлог-буџетот е одраз на реалните можности на домашната економија. Секако дека предлагачот не може да прави буџет на желби. Напротив, мораме да бидеме свесни дека буџетот е одраз на нашата реална моќ, на моќта на нашите даночни обврзници, а тие реални можности се детерминирани од параметрите врз кои е конципиран буџетот за 2005 година, детални ни се дадени во образложението, а тоа го

слушнавме доста детално и стручно во воведното излагање на министерот за финансии на почетокот на расправата во текот на вчерашниот ден.

Владиниот тим кој што работел на поставувањето на основните цели што ќе ја карактеризираат 2005 година секако дека детално ги анализирал сите фактори, и врз база на тоа е поставена буџетската проекција што ни е доставена како предлог. Но каде е сега нашата улога? Нормално е дека и ние како пратеници имаме одредени сознанија за некои нерешени проблеми, со кои се соочуваме во сопствените средини, односно регионите од кој што доаѓаме и дека најнормално е да интервенираме амандмански за тие наши предлози да влезат како приоритет. Но притоа ја губиме од вид целината. И како што веќе напомнав, буџетот не може да биде збир на поединечни желби. Ако се интервенира во една буџетска ставка и кај некој буџетски корисник се зголемат средствата, по принципот на сврзани садови, кај друг мора да се намалат. И при повеќе такви амандмански интервенции, може сосема да се изгубат почетните поставени цели.

Во услови на лимитиран пораст на приходниот дел, скоро идентичен како остварениот од оваа година, мислам на 2004, во износ од 56.502.000.000 денари, нормално е расходниот дел да соодвествува на фискалните можности изразени во приходниот дел.

Почитувани колеги, во услови на мал пораст на бруто домашниот производ од 3,8%, колку што е проектиран за 2005 година, и ниската стапка на инфлација од 1,5% секако дека не е нормално да планираме повисок пораст во расходниот дел и да го зголемуваме буџетскиот дефицит повеќе од 1% од она што го создаваме.

Според мене, многу битно е тоа што во последните две,три години имаме смирување на на буџетската потрошувачка, нејзино одржување на скоро константно ниво, што ствара основа за реално поставување на монетарните, фискалните и развојните параметри, без амбиции буџетот да биде Дедо Мраз пред Нова Година.

Концепцијата по која што оваа година е изработен буџетот е навистина прифатлива, јасна и разбирлива. Истиот не содржи само голи цифри, сместени по конта, ставки и потставки, како што некои се обидуваа да негираат, напротив тој содржи мноштво табели и графикони, со споредбени показатели од претходните години, преку кои се искажани движењата во домашната економија од 1998, заклучно со проектите за 2005 година, а пак текстуалниот дел дава детални информации, а исто така и во експозето министерот го образложи целиот пакет закони што се предлага за реализација на владините програми. Даден е опис и на стратешките владини програми и прогамите на поеделните корисници, така што е навистина транспарентен и може да послужи за изготвување на многу анализи и извештаи согласно меѓународните стандарди. Со

неговата транспарентност се зголемува и одговорноста на Владата и на сите останати корисници, имајќи во предвид дека се наведени нивните стратешки приоритети.

Анализирајќи ги глобално показателите во Предлог-буџетот може да констатираме дека вкупните приходи бележат апсолутен пораст од 208.000.000 денари во споредба со оваа година. Тоа е како резултат на планираниот пораст на даночните приходи за 1,36% или за 704.000.000 денари. Намалување е планирано кај неданочните приходи за 7% или за 276.000.000 денари и намалување имаме кај капиталните приходи од 840.000.000 денари на 620.000.000 денари, или помалку за 26% во проценти или за 220.000.000 денари во апсолутен износ.

Колеги пратеници, врз база на овие проекции на фискалните показатели во приходниот дел створена е базата за проекција на расходниот дел од буџетската рамка. Расходите се планирани во износ од 59.206.000.000 денари. Поголеми се од остварувањата во оваа година за само 1%. Но тоа само 1% во апсолутен износ е 705.000.000 денари. Со тоа непокриеноста на расходите со приходите изнесува 2.704.000.000 денари буџетски дефицит кој што е поголем за 22% од оваа година или за 497 милиони денари.

Анализирајќи го сосема накратко расходниот дел, битно е да истакнеме дека тековните расходини се скоро на исто ниво како и оваа година што изминува, односно зголемувањето во апсолутен износ е за 319.000.000 денари. Во рамките на тековните расходи најголема е ставката за плати и надоместоци на буџетските корисници и за таа намена се планирани средства во износ од 21.757.000.000 денари, што е повеќе за 2,24% односно во апсолутен износ 478.000.000 денари во споредба со оваа година. Во образложението по оваа ставка јасно стои дека тоа зголемување се однесува само за новите вработувања по основ на правична застапеност на припадниците на етничките заедници. Во тој износ е вклучено и декомпресијата на платите на државните службеници, за што е планиран износ од околу 350.000.000 денари, што значи отпаѓа праксата државата да биде најголем работодавач. Нови вработувања ќе има само на оние работни места кои ќе бидат упразнети по природен одлив, односно со заминување во пензија или напуштање на работното место по друг основ, што експлицитно го потенцираше министерот за финансии во своето вчерашно обраќање.

Средствата на буџетските корисници на стоки и услуги во глобала се на исто ниво како и оваа година со планиран износ од 7.352.000.000 денари. Тековните трансфери од буџетот до одделните корисници бележат опаѓање за околу 2% или во апсолутен износ околу 350 милиони денари. Во таа буџетска ставка се вклучени трансферите до единиците на локалните самоуправи, и тоа почнувајќи од 1.07.2005 година кога ќе стапат

во сила одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, потоа транферите до Фондот за пензиско-инвалидско осигурување кои се помали за 4,3%, споредбено со оваа година, а тоа е поради престанок на исплатата на правото на ретроактивна исплата на пензиите за 8% заклучно со 30.06.2005 година. Тука се вклучени и трансферите од 200.000.000 денари за ретроактивна исплата на усогласувањето на пензиите на пензионираните работници на Министерството за внатрешни работи. Понатаму, планирани се трансферите до Агенцијата за вработување, трансферите за социјално загрозените категории од населението и трансферите за буџетска поддршка за завршување на структурните реформи во 2005 година во износ од 634.000.000 денари. Потоа средствата за реформите во Јавното претпријатие Македонски железници, за завршување на реформите во водостопанските претпријатија кои што се отпочнати, потоа реформите во јавната администрација за кои што ќе се потрошат 650.000.000 денари, а тука влегуваат и реформите во Армијата. Повисок пораст од 14,5% во расходниот дел имаме кај планираните средства по основ на камати на доспеаните кредити и тоа во износ од 2.499.000.000 денари. Образложението е дека повеќе планираните средства за камати се резултат на каматата која ќе се исплаќа на државните записи, што доспеваат во 2005 година и каматата на долгот преземен за јавното претпријатие Македонски железници. За 7% растат и средствата за капитални расходи или повеќе за 386.000.000 денари од 2004 година и изнесуваат 9,7% од вкупните расходи. Тука критиките на нас пратениците, барем за изминатите два буџета и ребаланси беа најмногу изразени. во смисла на тоа дека е занемарена развојната компонента на буџетот, односно дека тој е сведен на социјален буџет. Министерот исто така во вчерашното обраќање ни објасни дека освен оваа ставка во капиталните расходи влегуваат и средствата на јавните претпријатија и фондовите, така да се доаѓа до вкупна сума од 15.016.000.000 денари за капитални расходи. Стварноста е таква и тоа нешто мораме да го прифатиме, но барем сега Владата имајќи го предвид претходното искуство, критиките искажани во Парламентот и стручната јавност, во Предлогот за донесување закон за извршување на буџетот на Република Македонија за 2005 година, со Предлог закон, што е втора точка на оваа собраниска седница, се вградуваат заштитни елементи со кои ќе се натераат буџетските корисници на време да ги изготват и донесат програмите за финансирање на капиталните расходи и истите на време да ги потрошат. До сега во два наврати имавме случаи одобрените средства да останат неискористени и со ребаланс да се пренаменуваат, со цел во последното тримесечје да не создаваат услови за инфлаторни движења и нарушувања на планираната макроекономска стабилност.

За непокриеноста на расходниот дел спомнавме дека има поголем пораст од 22% во споредба со 2004 година, изразен како дефицит и истиот во најголем дел ќе се покрива од домашни извори на финансирање во износ од 6.585.000.000 денари или повеќе за 1.345.000.000 денари, односно 25,66%.

Кредитите и донациите го намалуваат своето учество во финансирањето на буџетскиот дефицит за 2005 година, така што за 16% ќе биде помало задолжувањето со кредити и тоа во износ од 496.000.000, помалку значи, но и учеството на донациите се намалува за 2% или за 226.000.000 денари.

Одливот на буџетските средства е планиран во износ од 7.333.000.000 денари и тоа повеќе за скоро 2% во однос на 2004 година или за 126.000.000 денари, при што поголемиот исnос од 4.414.000.000 денари отпаѓа на отплатата на домашното заодолжување, а 2.919.000.000 денари се отплати по основ на странско задолжување.

Не навлегувајќи поединечно во анализа на приходите и расходите по одделни буџетски корисници, најсублимирано проекцијата на буџетската политика за 2005 година е во функција на фиксираните стратешки приоритети на Владата, поддршка во рестартирањето на поголемиот број стопански субјекти, намалување на бројот на невработените, а со тоа и намалување на сиромаштијата, рационалното и економично трошење на средствата, опаѓање на фискалните приходи од царината поради влегувањето во Светската трговска организација, но од друга страна зацврстување и зголемување на фискалната дисциплина кај домашните даночни обврзници, сузбивање на сивата економија и даночната евазија.

Почитувани колеги, имајќи ги предвид сите ограничувачки фактори и реалната можност на домашната економија, како неминовност се наметнува да го прифатиме Предлог-буџетот на Република Македонија за 2005 година што ни е доставен како предлог.

Јас ја давам мојата поддршка на истиот, а се надевам дека тоа ќе го сторите и вие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Љубисав Иванов Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Почитуван претседателе, почитуван министер за финансии, другарки и другари,

Јас со големо внимание го слушав експозето, долгото експозе на министерот за финансии и бев упорен да ги сватам сите содржи и конци на тоа експозе. Јас немам намера да зборувам за приходниот дел на Буџетот. Тука пред мене една колешка зборуваше за тоа детално. Немам намера да зборувам и за расходниот дел на Буџетот, затоа што сретствата од Буџетот се тие. Ако сакаме да ги зголемиме ќе треба уште

повеќе да ги оптеретиме граѓаните на Република Македонија. Ако погледаме од самото експозе се гледа дека една третина тие одат за лични доходи и не можат да се смалат во тој поглед барем во ова време. Една третина одат за социјала, а ние станавме права социјална држава и тука не можат да се направат во ова време некои позначајни промени и една третина одат за други намени. Според тоа кој и да го прави Буџетот, кој и да ги распоредува средствата, тие се во тој обем, во таа големина и можат само да се префрлуваат од едно место на друго. Што ни останува нас како Парламент, како Влада да го зголеми тој приходен дел на Буџетот, но не да го зголеми со нови зафаќања, туку да го зголеми со развојот на Македонија. Со самото зголемување на таа моќ, на таа снага од една страна ќе се овозможи да ги покриваме потребите на државата за да таа држава успешно функционира. Од друга страна со тој развој ќе се овозможи да се смалат даночните стапки предвидени во Буџетот, да се растеретува економијата. И тука е клучното прашање со кое што ние се сретнуваме веќе еднаипол деценија, како да се зголеми стапката на развојот во државата, на кој начин, под кои форми, како што тоа го направија многу земји во светот. Еве денеска на пример највисоки стапки на развој има Кина која економски беше сосема неразвиена, Индија која исто така се сретнуваше со големи проблеми но кои достигнаа и до 10% стапка на развој. Тие стапки на развој тие не ги постигнаа со ветувања, со прикажување на нереални состојби, со камуфлирање на состојбите и т.н., туку со непрекинати инвестициони вложувања.

Министерот за финансии зборуваше за тоа за инвестициите. Јас лично очекував кога зборуваше за инвестициите многу пореално и пообјективно да ги прикаже последиците од деинвестирање во Република Македонија, од ниските стапки на растот на бруто домашниот производ и тие 17% за кои што зборуваше дека се одвојуваат средства за инвестиции во државата, да ги образложеше во кој дел тие средства се ангажираат, дали во нестопанството и колку во нестопанството, дали во стопанството, во производството и т.н. Ако тоа се разработеше се надевам во друга прилика тоа ќе се направи од Министерството за финансии, ќе констатираме дека ние практично инвестиции во производството имаме многу ниски. И токму затоа имаме таква голема рецесија, такви ниски стапки на развој и токму затоа имаме огромен број на невработени и токму затоа имаме сиромаштија, беда и токму затоа имаме исклучително низок стандард и токму затоа имаме голема дупка во економијата поради трговскиот дефицит и т.н. Значи, се се сведува, дали ние ќе ги отвориме инвестиционите процеси и зошто досега не ги отворивме. Кои се причините за тоа? Јас очекував од амбициозниот министер за финансии тоа прашање да го разработи многу детално и да ги најдеме ние корените каде се наоѓаат. Јас за тоа зборував кога новата Влада се составуваше и ја

биравме тука во Парламентот. Немам намера така детално за тоа да зборувам. Меѓутоа уште во уводното излагање почитуваниот министер за финансии ги назначи позитивните и негативните ефекти во економијата во 2004 година. И во позитивните ефекти ги наброи стабилната кредитно-монетарна политика, стабилниот курс на денарот, ценовната стабилност, либерализацијата на економските процеси во земјата, јавната потрошувачка и т.н. Тие навидум изгледаат дека доаѓаат во позитивните делови на економските процеси, а практично тие се иницијаторите за оној дел голем број кои ги наведе министерот за финансии како негативни процеси во економијата. И токму тука доаѓаме на оној процес кој јас го образлагав пред 15, 20 дена. И кога министерот спомна дека ќе имаме релаксирана монетарна политика, јас таму позади седејки одеднаш ги отворив очите, одеднаш сватив дека ние ќе имаме промена во концептот кој го држиме веќе 15 години и кој ни донесе катастрофални последици, за кои што јас 15 години зборувам дека не е добар. Според тоа, тоа што ние сега констатираме дека имаме инфлација 0%, од 1996 година па досега имавме 3, 4 години дефлација. Тоа навидум остава впечаток кај луѓето кои што не се бават со економија и кога ќе се потсетат на големите инфлации што ги имавме и 2,5 илјади посто и ми е мило во душата, затоа што немаме такви инфлации. И мене ми е исто така мило. Ама таквата стапка на инфлација 0% и таквиот цврст курс на денарот и таквата ценовна политика воопшто практично не доведоа до овие состојби. Никој веќе во светот не се држи на едни такви процеси и никој не заговара инфлација од 2 илјади посто. Ние планираме инфлација, мислам минатата година дека беше 2,7%, оваа година 1,5%, но и таа не се остварува. Според тоа, ние се вртиме во кругот. Ние една инфлација од 7%, 8% и еден флуктуирачки курс на денарот од исто толку ќе овозможи раст на бруто домашниот производ, посебно на индустријата, земјоделието, производните гранки за толку посто. Инаку, што се случува сега? Ние кога ќе се појави вишок на денарот на пазарот, веднаш Централната банка жестоко настапува да го брани цврстиот курс на денарот со откупот на вишокот на денарите, со високи камати банките ги усмеруваат средствата, вишокот на ликвидноста во тој правец, банките не инвестираат во стопанството, високите камати дестимулативно дејствуваат во развојот на економијата. Според тоа, ние немаме инвестиции, немаме вложувања. И поради тоа доаѓаат сите овие проблеми кои ги имаме во општеството: невработеноста, ниskiот стандард, големите проблеми еве и во Буџетот, одењето на младите луѓе надвор да бараат таму перспектива. Македонија станува веќе старски дом. Сите последици доаѓаат од една таква политика на која што сме ние заробеници и која упорно ја применува и која упорно не уништува и за некакви структурни реформи кои не дадоа никакви ефекти. Значи, ние мораме да направиме драматични промени воопшто во

нашата политика, економска политика и вокредитно-монетарната политика и во фискалната политика и т.н.

Како стана тоа словенечко чудо? Се обратно работеа словенците, но го имаа Јоже Бенцигер, многу умен и паметен човек кој рече: ние ќе се бориме да ја сочуваме апресијацијата на толарот, а ќе ја пуштиме нека клиза инфлацијата и нека имаме флуктуирачки курс на толарот. Па тие започнаа со 3,2 толара за една марка, за 7 години завршија на 110 толара за едно евро, ама направија огромен развој. Тие го заштитија прво стопанството. Ние веќе тоа не можеме да го направиме. Се фалиме со либерализацијата, а таа практично ја уништи нашата економија. Ние веќе назад не можеме да се враќаме, ама тие многу постепено тоа го правеа, ја развиваа индустријата, инвестираа во економијата, ствараа производни капацитети. Производните капацитети носеа производство, стока за извоз. И тие непрекинато го зголемуваа извозот и немаа проблем со трговскиот дефицит. Ние работиме обратно, направивме голема либерализација, ги наполнивме нашите самопослуги и трговски центри и се со увозна стока. Станавме дури и депонија на отпадот на Европа. Нормално е Европа да не фали како ние сме направиле успешна либерализација, а ја уништивме нашата економија, затоа што ние не инвестиравме во неа, не ја модернизиравме, не ги внесувавме новите технологии било како технолошки, било како нови иновации, било како техника, автоматизација, роботизација и други процеси во кои што влезе западната развиена економија. И ние не можеме да развиеме ефикасност за која што зборуваме, ако не инвестираме и ние не развиваме конкурентност. Ние стануваме јагниња за колење. Според тоа, ние сега мораме сериозно да рзмислиме дали ќе останеме на овие принципи. Јас го следев и тоа за кое што зборуваше министерот за финансии какви реформи и во другите делови се очекуваат, но јас не видов воопшто, незнам дали вие видовте како ние да ја започнеме инвестиционата активност во Македонија. Одговор на тоа прашање Владата нема. Одговор на тоа прашање Владата мора брзо да даде. Ако не даде одговор, ние не можеме ниту еден од овие проблеми ниту да ублажиме. Сега не е битно дали ние имаме една милијарда трговски дефицит или 850 милиони, дали е тоа поради доларот и т.н. и едниот и другиот се огромни. И не можеме никако ние да го смалиме него со некои желби, пароли и т.н., туку со економски мерки. И да видиме дали само е тој резултат на нашиот мал извоз, а голем увоз, увозот непрекинато расте, извозот непрекинато паѓа, или има и други елементи кои придонесуваат за тој наш трговски дефицит.

Пак да го спомнам Јоже Бенцигер, професор доктор по економски науки, познато име уште во поранешна Југославија, денеска ректор на Љубљанскиот универзитет. Тој

има разработено една студија со која покажува во 8 земји, со која покажува и со ова што ние непрекинато се фалиме, ние од опозицијата напаѓаме дека нема дирекни странски инвестиции, Владата за да покаже дека има, па тогаш врши распродажба на имотот кој што го изградивме за овие 50, 60 години. И тој докажа дека со таквата распродажба и со таквите инвестиции...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Иванов, имате уште две минути до паузата.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Добро, по паузата ќе ми обезбедите уште еден час.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, нема проблем.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Дека практично ние го створаме тој дефицит. Сите стручњаци во почетокот беа изненадени од таквата негова анализа, меѓутоа бројките беа неумоливи, затоа што ние не го зголемуваме на тој начин капиталот во државата, туку сето тоа оди во потрошувачката и го зголемуваме увозот. И тоа што зборуваше минситерот за приватизацијата на Електростпанство со тоа дека ќе ги зголемиме девизните резерви, со тоа што ќе ја зголемиме можноста за увозот на стока, со тоа што ќе можеме да го покриеме за четири, пет или шест месеци, ние практично го зголемуваме непрекинато увозниот дел. Според тоа, бидејки еве веќе морам да скратам, ако сакаме да тргнеме напред да ја зауставиме рецесијата мораме да направиме сосема нов концепт за економскиот развој во Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Балгодарам г-дине Иванов за разбирањето.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи во 14,15 часот во Охридска сала за договор за понатамошна работа.

(Пауза од 14,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,00 часот.)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Г-дине Оровчанец вие имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Г-дине претседателе, г-дине министре и така ретка група колеги пратеници,

Конкретно за буџетот да ви кажам право и не мислев многу да зборувам односно се двоумев дали воопшто да зборувам. На некој начин бев испровоциран од неколку работи.

Прво е, непосредното бирање на новата Влада пред оваа седница за буџетот по која што видовме едно експозе кое беше полно со оптимизам , со надеж, со добра волја. Понатаму беше додатна провокација настапот на г-динот министер на Македонската телевизија каде што зборуваше за одреден сегмент од буџетот кој е спомнат и тука и поради тоа се потрудив да соберам и некои податоци затоа што тие податоци ми дозволуваат да кажам многу повеќе за тоа и да имам сосема друг став. И нормално ќе се обратам за дел за она што се вика буџет во здравството иако овој буџет во здравството доминантно е детерминиран од фондот за здравство, а тие се сега во една таква ситуација да помине практично Управниот одбор , немаме нов Управен одбор, па така да буџетот на Фондот се носи во едни услови кога малте не нема управен одбор на самиот фонд.

Што би сакал да кажам околу буџетот. Ова е практично трет буџет кој оваа коалиција го носи и всушност сме соочени со една пракса која можеме да кажеме е долготрајна, станува веќе трогодишна, во која што некои работи се земаат паушално, некои се земаат сами за себе како поставени цели, се игнорираат одредени работи во државата и состојбите кои се во неа, се гледаат во сосема друга призма и друг агол. Доколку сега би било за прв пат, тогаш би ги сфатил или доколку постојат аргументи, меѓутоа, веќе постојат аргументи против овој буџет кој што очигледно на некој начин стана цел сама за себе, а не она што треба да го дадеме на нашата држава на Република Македонија .

Она што во експозето на министерот на почеток беше кажано како една општа констатација, тоа е потребата на овој буџет да направи развој, да направи стабилност и од на ликвидност. Со овие намери јас лично би се сложил и би ги подржал затоа што ги сметам како насушна потреба за една таква работа. Меѓутоа, во понатамошното излагање од се она што се случува со ваквата пракса, буџетска кај нас произлегуваат некои позитивни и некои негативни работи и буквално беа наведени како позитивни за кои што министерот потенцираше дека не се лесни да се држат. Јас се согласувам дека е тоа така, тоа е одржување намакроекономската стабилност, стабилноста и либерализацијата , а како негативни невработеноста и нискиот раст на развој. Наеднаш се поставува дилемата зошто воопшто ни е овој буџет и зошто служи? Ако буџетот не предизвикува развој, ако буџетот не предизвикува намалување на невработеноста, одржувањето на макроекономската стабилност и воопшто стабилноста стануваат цели

сами за себе и практично тоа се цели кои што го држат затворен системот и тој систем не може да еволвира во развој и намалување на невработеноста.

Во сите овие работи она што јас го сватив е дека вина за она што ни се случуваше минатата година т.е. за нискиот раст кој што е предвиден од 3,2; 6%, а реализиран на 0,2% со ставка на инфлација од 0%, дека најмногу вина практично има само еден сегмент, а тоа е падот на индустриското производство, додека ова ќе го цитирам другите дејности имале “експанзивен раст”. Јас не можам да се сложам со експанзивен раст и покрај тоа што можеби имате статистички податоци кои тоа ќе го потврдат или ќе го говорат. Ако основното сидро, производството, индустријата имаат таков драстичен пад кој очигледно во одреден момент не сакате ни да го прифатите како реалност и како вистина, па беше виновен Заводот за статистика, па се менуваа директори, па се менуваа методологии, за сепак на крај да биде дефинирано дека тој пад на индустриското производство е реален, присутен , тогаш можеме да се сомневаме и во реалноста на експанзијата на другите дејности од услужни, туристички и незнам какви.

Не можете да направите експанзија во другите дејности доколку основното сидро ви тоне надоле. Тоа ве повлекува.Да направите во транспорт експанзивност, ако немате што да транспортирате, немате индустриско производство и да не зборуваме за ред други работи.

Како позитивно се цени практично падот на тенденцијата на невработеноста, односно од непробивањето на психолошката бариера од 400 илјади невработеност. 396 илјади невработени за оваа измината буџетска година говорат дека намалено е за 3.000 невработени односно во позитива 3.000 вработени и дека е тоа тренд кој што ќе продолжи. Јас со оваа бројка како тренд неможам да бидам ни задоволен нити да ја прифатам како тренд, можам да ја протолкувам само како стагнација во одреден сегмент кој може да еvoулира во некој тренд. Јас лично според другите параметри кои ги нуди буџетот и според најавите кои што постојат мислам дека тоа ќе биде застој, пред нов негативен тренд. Веќе имаме најава на нови 40 загубари во Република Македонија што само по себе е еден голем број на нови невработени, а тие со себе ќе повлечат и други невработени затоа што се сепак тие дејности со кои имаат кооператни односи, па и помали фирми ќе згаснат.

Така да од се она што ни се случува и она што како буџет го имаме овде пред нас, министерот ни го образложи, перспективите за мене се нереални и на некој начин стануваат и покрај мојот оптимизам дека треба нешто да се направи, очигледно стануваат загрижувачки затоа што очигледно е дека концептот е овде одржување на оваа состојба која ја имаме. Одржувањето на оваа состојба која ја имаме е негативно. Тоа е

понатамошен не само мал раст, најверојатно моежеме да дојдеме во некоја ситуација до негативен раст.

Овде имавме едно експозе од 50 и нешто страници. Јас не би сакал на сите тие да се задржувам и да ги елаборирам. Го кажав мојот општ впечаток. Би се задржал на некои кои не беа ни спомнати од повеќето дискутанти досега. Би се задржал на она што е предлог буџет за здравството. Здравството доминантно се финансира преку здравственото осигурување, меѓутоа не е и мала ставката на работи и средства кои што се финансираат од буџетот на Република Македонија затоа што тие дејности преставуваат и обврски на државата преме своето население во овој сегмент на делувањето. Можеме да констатираме неколку работи, а тоа е дека трендот на намалување на средства од буџетот во здравството за овие две години продолжува и во овој нов буџет, така да овој буџет практично е намален во однос и на претходниот кој што беше помал, па во однос на оној претходно.

Што паѓа во очи? Паѓаат во очи неколку ставки. Тоа е дека буџетот за плати на вработените во Министерството за здравство е намален што значи рестриктивен, што е можно да имаме намален број на вработени меѓутоа, можно е да се намалат и платите или да не бидат сите плати исплатени. Ако е трендот да се намалат вработените, тогаш не гледам како ќе го зголемуваме бројот на вработените.

Она што како негативни тенденции ги гледам, а тоа се работи кои што се потребни во овој момент посебно во беда и сиромаштија, тоа се превентивните програми кои мора да ги финансира државата затоа што со нивно финансирање државата се ослободува од многу трошоци во куративниот сегмент во здравството. Систематските прегледи на децата, учениците се намалени за еден милиопн денари. Единствено што е позитивно во овој предлог буџет тоа ле зголемувањето за 110 илјади денари за крводарителството. Меѓутоа, ставката за крводарителството е премногу мала така да ова на некој начин е симболично зголемување. Тие превентивни програми, превентивната здравствена заштита како посебна ставка исто така е намалена 3 милиони и 996 илјади денари, скоро 4 милиони денари. Она што сите се бунеа некое време дека ќе пропаднела имунизацијата со реорганизација, а не се случи има тенденција да пропадне практично затоа што таа се финансира од буџетот со се понамалените средства од буџетот што подразбира или намалување на количините или намалување на квалитетот. И едното и другото имаат пак негативни реперкусии , а тоа е што имунизацијата е намалена за 4 милиони денари.

Во услови кога бруцелозата и туберкулозата како болести се во експанзија кај нас и тоа секоја година имаме поголемо и значително зголемување, средствата во буџетот за овие две категории е непроменета, исто како што е непроменета за заштитата од сида.

Има една нова програма што е позитивно што овој пат се јавува, тоа е репродуктивната програма, репродуктивното здравје во која е вклучена и имунизацијата за хепатит. Она што на Комисијата за здравство сите едногласно го констатиравме и го дадовме на некој начин како заклучок и препорака до Владата и до вас г-дине министре, тоа е да во оваа година која што дефинитивно мора да биде реформска во здравството затоа што е неопходна, затоа што оваа година ако не бидат реализирани реформски процеси во самото здравство за 2006 година ние ќе нема што да реформираме. Тоа ќе биде една хаотична состојба и тука нема што повеќе да бараме, ќе мораме нешто од ново да почнуваме.

Оваа година и во најавата беше дефинирана како реформска, меѓутоа во буџетот она што е предвидено за реформи во здравството гледаме дека инсуфициентно и дека таму се проектирани скоро 22 милиони денари за реформите во кои што средства постојат и бoврски, а тие обврски се на Владата затоа што е потпишан меморандум за континуираната медицинска едукација која што мора да се спроведува според реформите на примарното здравство.

Недостатокот на овие пари се надевам, дека министерот а и Владата ќе имаат слух барем во ребалансот да ги увидат ако не се во состојба сега да ги редефинираат како севкупни потреби за здравството затоа што овие средства се сепак дефинитивно неопходно потребни за новите реформи кои мора да се случат оваа година.

Сега би се осврнал на еден сегмент кој во најавата го кажав, а тоа е сегментот кој што начин ме испровоцира, а тоа е гостувањето на министерот на Македонската телевизија и неговот излагање околу акцизите на патничките автомобили, што мене лично ме збуни. Ме збуни објаснувањето , а воопшто и самиот потег на воведување на овие акцизи. За да нема забуни тука е и експозето на министерот во кое што дословно се вели: “повторно воведување на акциза на патничките автомобили од 1 јануари 2005 година иницирана врз основа на извршени анализи и согледувања кои наметнаа потреба од интервенција”. Кои се тие анализи и кои се согледувањата мене ми останува многу нејасно затоа што и анализите кои што ги имам пред себе и она што се согледува зборува за нешто друго.

Понатаму се вели дека оваа мерка се очекува да влијае врз намалуваето на трговскиот дефицит во платниот биланс на Република Македонија преку поместување на потрошувачката на патнички автомобили со многу висока зафатнина кон автомобили со пониска зафатнина на мотор. Ова е една дефиниција која што вака убаво звучи, звучи социјалистички меѓутоа колку е таа реална тоа е друго прашање. Намалувањето на трговскиот дефицит со намалувањето на увозот на автомобили односно намалувањето

воопшто на давачките за автомобили. Јас мислам дека приодот овде г-дине министре ви е потполно погрешен  затоа што мора да направите анализи како и на кој начин се купуваат автомобили во Република Македонија. Во вкупниот сегмент на продадени автомобили нема ни 10% кои се купуваат на кредит. Преку жиро сметка што значи Владата или некое друго јавно претпријатие купува максимум до 1,5 до 2% од тие автомобили, другото се се купува во кеш.

И ако ги погледнете новините и рекламните елементи кои што постојат ќе видите дека од телевизор до незнам што се е изразено во денари, автомобилите се секогаш дефинирани со цена во евра. А, тоа не е случајно, не е ни психолошки затоа што луѓето кои што одат да купуваат автомобили одат со кеш девизи и ги купуваат. Што значи ова? Ова значи дека оние средства кои не се во платниот промет или со други зборови кои се под перница се вадат и влегуваат во прометот. И на овие средства вие добивате 18% давачки, и царински давачки и се друго во буџетот на Република Македонија. Можеби ова е единствен сегмент кога можете да ги извлечете тие пари кои што не фунционираат ни на штедни книшки, едноставно луѓето ги чуваат дома и со нив купуваат автомобили.

Понатаму, она што внесува забуна тоа е дефинирањето на одредени состојби искажани преку царинскиот тарифник и она што Министерството за финансии овде ни го нуди. Во тарифникот се спомнува моторс цараванс што буквално во Министерството  е преведено како караван коли, што воопшто не е точно, затоа што моторс цараванс претставуваат трајлери, а караван возилата, популарно што ги нарекуваме, тоа се статион вагон возила. Намалувањето на царината се однесува буквално на моторс цараванс. Такви возила во минатата година, во Република Македонија не се увезени. Нема ниту едно увезено.На тоа паѓа царината. Ако вие до податок, тоа е тарифен број 8703, Службен весник на Република Македонија 86/04, што значи ако на овој начин и оној прашалник што го добивме од ЕУ го одговараме, јас мислам дека навистина ќе треба да се замислиме што и како сме одговориле до ЕУ. Или, со други зборови, предниот трап на колата ,во дефиниција се вика трактор , врз база на тоа нема да кажеме дека увезуваме трактори. Меѓутоа, еве за жал и тоа овде ни се случува.

Тоа што би требало да се каже понатаму е бројот на возилата што се увезени. Беше кажано од министерот дека за 2003 година се увезени 5300 нови возила, а дека во 2004 година давачките се помали досега околу осум илјади, со тоа што гледаме дека сега повторно сакаме да се враќаме кон 2003 година. Значи, максимумот во Македонија е постигнат некаде околу 9 илјади возила. Словенија, наназад неколку години, секоја година увезува меѓу 65 и 70 илјади возила. Меѓутоа, проблемот е што ние ова го

третираме како посебна давачка. Јас сметам дека тоа не е така и дека на овој начин и оние пари што треба да излезат влегуваат во платниот промет.

Меѓутоа, треба да се загрижиме за една ваква мерка, ако знаеме дека возниот парк во Република Македонија е постар од 18 години, односно веќе полнолетен. Овој возен парк од 18 години, што се произведува? Ако сите коли во Македонија не би биле постари од 5 години, потрошувачката на гориво би била намалена за 35%. Емисијата на штетни гасови, посебно изразено во Скопје, да не зборуваме. Сообраќајните несреќи што се случуваат, да не зборуваме. Овој смог што го имаме во Скопје, а може да се намали со многу мерки и од топлификација и од издувните гасови посебно, сигурно нема да предизвикаат толку хронични белодробни заболувања колку што ги има во Скопје, каде практично има најголем процент од такви заболувања во светот.

Понатаму, бројот на повредените и загинатите, како можеме да го мериме? На повредените можеме да го мериме со здравствените трошоци во здравствените организации, а за оние покојните си знаат само семејствата и нивните блиски. Тоа не значи дека нема да има ни сообраќајни несреќи доколку имаме сите нови возила, меѓутоа, сигурно нема тој број да биде таков каков што е.

Понатаму, на овој начин, како е предвидено со оваа категоризација што е според мене крајно несреќна, тоа е до 1000 кубици, од 1500 до 2000, од 2000 до 2500, од 2500 до 3000 па преку 3000, мислам дека на некој начин несвесно, меѓутоа на пазарот самата Влада прави нелојална конкуренција. Како пример, Тосота - Ландцруисер од 3000 кубици има акциза по новата пресметка од 360 иљјади денари. Митцубицхи - Пајеро 3,2 акциза од 550 иљјади, ова се возила од иста категорија. Вие правите протекционизам практично на овој начин, затоа што тоа се возила од иста категорија. Или на пример, она што беше најпопуларно возило меѓу народот затоа што беше најдостапно тоа е Лада и Лада -Нива од 1,7, наеднаш станува луксузно возило затоа што со овие мерки поскапува за 1200 евра.

Да не зборуваме за другите категории, дефинитивно несреќно избрани, на пример од категоријата меѓу долна и средна класа никаде не постои до 1500 кубици. Јас не можам да сватам. Постои возило Рено ДЦИ од 1500 кубици. Сите коли во таа негова класа што имаат 20 до 30 кубици повеќе влегуваат во друга категорија, а практично не се, и наеднаш драстично поскапуваат.

И сега, дали ова зголемување е реално? Овде кажавме дека треба да доплати акциза. Не е точно. Цената се пресметува кумулативно. Значи, на сите триошоци се додава и акцизата и на сето тоа се пресметува ДДВ. Што значи дека и на акцизата, што е пресметана во цената мора да се калкулира ДДВ.

Понатаму, имаме една изразена тенденција што кажува дека на овој начин треба да се стимулираат практично жителите во Република Македонија да возат возила од пониска категорија или помалку литражни, дека на тој начин ќе се заштедело. Колку може да се заштеди повеќе? До 2000 кубици возила во Република Македонија, што се продаваат, се 97, нешто проценти. Значи, 97%. 3% од продадените возила се над 2000, не 2000, над 2000 кубици. Сега, што правиме? Дали ќе ги задржиме тие пари тука? Јас ви гарантирам не. Убеден сум. Затоа што луѓето кои имаат цел да купат такви возила нема да ги купат овде, во Македонија, ќе ги купат во Бугарија, ќе ги купат во Србија, ќе ги купат во Албанија, и ќе ги возат со нивни регистерски таблички и сите пари ќе отидат таму, а ни една од нив нема да остане. Ова ви е исто така дефинитивно погрешно видување.

Како посебна работа што би ја издвоил, тоа е пораката што на овој начин ја упатуваме, за која што зборуваме во нашиот економски амбиент што тереба да го создаваме. Што ние правиме? Даваме порака до европските производители од каде што најмногу коли се увезуваат, тоа се Германија, Франција, Италија, нешто Шпанија, нешто Шведска, им даваме порака дека им воведуваме акцизи на нивни производи, на тие кон кои се стремиме да влеземе. Тие луѓе сигурно се прашуваат што се случува со нашиот пазар, на кој начин тој се регулира и на кој начин се поставени овие параметри? Не значи дека можат да се направат одредени работи, тука можеме нешто да се согласиме г-дине министре, меѓутоа начинот на кој што ова е направено, дефинитивно не е. За таа работа имате одредени искуства и од соседни држави, како на пример Бугарија. Бугарија, во име на нејзината европска интеграција, се откажа од царините во старт и царинската стапка за европскиот увоз е 0%. Направи акцизи, но како ги направи, не дефинираше дали е тоа дизел, дали е ротационо, дали е клипен мотор, тие направија една поделба на две категории. Тоа е до 160 коњски сили и над 160 коњски сили. Акциза се плаќа за восила над 160 коњски сили.

Мислам, и убеден сум дека на овој начин дефинитивно повторно, луѓе кои се надеваа до пред два месеци и чекаа да дојде нова година затоа што знаеја дека ќе се намалат царинските давачки, да купат автомобил се чувствуваат измамени на некој начин, затоа што им се воведоа нови давачки.

Ако е ова патот по кој ние треба да одиме, јас не се согласувам. Ако патот до Европа не води со Југо и Тико, повторно не се согласувам. И, дефинитивно не се согласувам со образложението дека на овој начин ќе се намали девизниот дефицит и дека ќе се сочувале девизните резерви. Врз основа на ова мое мислење и други сегменти од излагањето на г-динот министер во експозето за Предлогот на буџетот не ги сметам за валидни и мислам дека е крајно време да почне да се размислува на друг начин околу

овие економски категории, затоа што овој начин и ова образложување што го имавме по мене е површно и нема да даде резултати.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Оровчанец, беше доста едукативно.

Повелете г-дине министре, имате збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Блаогдарам.

Нема да навлезам во тоа дали било површно или не, секој ќе донесе сопствен заклучок. Господинот Оровчанец може да мисли дека е тоа така. Меѓутоа, неколку работи се важни:

Прво, аргументите се аргументи. Ако ние имаме над 100% зголемување на одлив по основ на увоз на автомобили во годината во која нема и има акцизи, а само да кажам дека тоа зголемување во апсолутна маса на долари чини колку трогодишен аранжман на Македонија поединечно со Светска банка или со ММФ. Ние склучуваме аранжмани со овие институции што годишно тежат помеѓу 20 и 30 милиони долари, зависно од аранжманот и од институцијата, Светска банка и ММФ, а ние само за една година тродупло од тоа одлеавме преку мерката што во тоа време беше погрешно конципирана и која што тие кои ја донесоа, ја донесоа со одложено дејствие после една година. Таквите мерки се лесни. Како оваа Влада, при крај на манатот, во 2006 година да донесе закон со кој што акцизите се укинуваат на 1 јануари 2007 или 2008 година. Тоа беше таква мерка. Па после некоја друга влада, ако изгубиме, ако добиеме избори, нека се справува со трговскиот дефицит, особено со вака драстичен раст.

Второ, Владата има одговорност. Можеме да преземеме мерки, можеме и да не преземеме мерки. Ако не преземеме мерки, тогаш ќе ги стимулираме луѓето да купуваат возила од по 3000 кубици, што ги спомна господинот Оровчанец, или се едно сосема какви спомна, од одредени импортери и на тој начин да им овозможуваме да го направат следниов круг: обезбедете денари, купете девизи од девизните резерви, продадете ја колата во Македонија повторно за денари, со денарите купете повторно евра или долари, од девизните резерви и повторно со тие купете коли со помали давачки и од акцизен и од царински аспект и повторно продадете ги во Македонија. И, со дополнителната заработка купете 10% или 15% повеќе коли и затворете го кругот. Тој круг годишно не чини 60 милиони долари, плус во апсолутен износ 120 милиони долари. Некој тоа треба да го финансира во оваа држава.

Изборот е да продолжиме да го финансираме таквиот начин на развој на настаните и тоа значи дека некаде за 50 - 60 милиони долари годишно, ние ќе треба да најдеме резерви тие да ги потполниме. Резервите ќе се најдат или со повлекување од страна на Народна банка, што ќе значи раст на каматите и ќе значи дополнителен проблем за финансирање на економските активности или ќе значи со уште поголеми фискални контракции што ќе бидат некој процент од тие 60 милиони. Тие фискални контракции ќе доведат до некој друг проблем во Буџетот на Република Македонија.

Одговорноста од овие 2-3 опции треба секоја Влда да ја процени. Јас разбирам дека за пратениците е лесно. Избрифиран од еден или од друг, со полуточни податоци ќе настапиме и ќе кажеме дека треба да ги заштитиме тие и тие. Во текот на ова утро, еден пратеник набројуваше 20-30 приоритети што треба да се финансираат. Треба повеќе за спортот, треба повеќе за земјоделието, треба повеќе за развој, треба да вработуваме во државните институции, како ги чита страниците од мојот говор, на секоја додава дека треба пари за развој. Па треба за култура, па треба за ова, па треба за она

Ние се обидуваме потрошувачката да ја одржуваме на исто ниво како и претходно. Сите нови потреби можат да настанат на два начина: или некоја потреба да ја снема или некоја друга потреба да се намали за да некоја друга целосно се појави или делумно се појави. Тој процес е многу тежок, особено што постојат приоритети што ова Собрание и со закон ги утврдило. Нема да повторувам, вчера, еве и самите кажувате предолго сум зборувал, сакав да дадам придонес да се објаснат работите.

На пример во Министерството за здравство има нова програма што е покрената од ова Собрание, г-динот Оровчанец кажа, нова Програма покрената од ова Собрание со дадена обврска и сега во Буџетот треба пари, и согласно со нашето одење кон европското законодавство треба нова дирекција за храна што исто така е европски стандард. Тоа мислам дека помина и во Собранието и немаме избор, освен сега да го финансираме.

Бројот на програмите расте рапидно. Биле 6, па се 7 па 8, па дирекции. Не можеме сите да ги оставиме на истото ниво и плус новите. Можеме под услов ако ова Собрание донесе политика, бидејќи на крајот на краиштата Собрнаието го гласа буџетот, дека ќе имаме сериозни алокации на средства кон здравството од другите области. Како што оваа година, на пример, имаме кон оние сфери што ги кажав во Буџетот, затоа што тука Собранието донело акт со законска сила, стратегии што поминале кон приближување кон НАТО, ЕУ итн., и сите тие создаваат обврски. Така што, од тој агол гледано, ако го занемариме приходниот дел на буџетот, рсходниот дел е политика на Собранието на што пвоеќе, на што помалку или исто ќе распредели.

Јас кажав во воведното излагање, Македонија е мала и сиромашна земја и има мали ресурси. Нив треба да ги инвестираме во приоритетите во иднината. Како да го најдеме тој баланс, тоа е големо прашање на политиката на сите земји во светот. Затоа што имате структури во општеството. Ако сакате кај земјоделието, веднаш имате проблем кај поледелството со сточарството. А, двете заедно кон другите дејности. Сложени, воспоставени односи што е тешко да се помрднуваат а кога се помрднуваат создаваат верижна реакција и тогаш владите се непопуларни затоа што тие мора тоа да го направат, а пратениците можат да бараат се. Тоа е логично. Веројатно е така во целиот свет.

Сакам да кажам уште две работи во врска со оваа анализа со колите. Таа е невалидна, вака изнесена како што беше.

Прво, затоа што се правеше погрешен пристап на поделба на стари и нови автомобили. Оваа мерка од тој агол е во насока во која зборувавте. Затоа што не прави разлика, со оглед на тоа што едните и другите имаат различни цени и ги фаворизира новите коли. Значи мерката не е насочена кон старите и новите, па понатаму да ги дели, туку е насочена кон вредноста на колите, која пак е врзана најчесто или со кубните сантиметри, или со коњските сили, односно киловатите како што вие ги кажавте. Можевме да ги врземе и на едното и на другото, се едно, ќе дојдеш со истите мерки. Зошто не ги врзавме адвалорен, според вредноста, што е можеби пологичното решение и за Владата. Може да има со 1600 кубици поскапа кола, отколку некоја со 1800. Меѓутоа, сакам да соопштам дека во текот на изминативе неколку години некои од импортерите на автомобили по принципот аквалорен по вредност, доставуваат двојни фактури до Царинската управа. На една вредност ги земаат од производителот а со друга вредност јавуваат на царина со принцип на двојна фактура. Кога Царинската управа тоа го забележи, кога дојдовме до сознанија и кога презентиравме аргументи дека има такво двојно фактурирање, со цел да се избегне вредноста која може во овој случај да биде предмет на криминална процена, ние изгубивме два судски спора. Судот не ги уважи тие, заради тоа што странска фирма издавала, странски институти не ги зема за акредитирани да можат да се превземат нивните и тн. И додека ние ги тераме постапките губиме сериозни давачки на влезната фактура која е дупла.

Во тој случај, единствениот критериум кој може да е фиксен и за кој не може поинакво толкување е критериумот вграден во законот.

Второ, не е тоно дека другите немаат кацизи меѓутоа, после тоа господинот Тројачанец го кажа. Има во соседството иста политика, дури од земји кои се на портите на Европската унија.

Трето, најважното од тој агол, не знам дали тука ќе се разбереме доволно, можеби ќе треба долга елаборација, ваквата расправа во Парламентот не трпи долга елаборација. Меѓутоа, ќе кажам тоа што во Македонија е факт. Во Македонија во последните три-четири години анализите покажаа дека  цените на автомобилите малопродажни се имперфектни во однос на еластичноста на понудата и побарувачката. Погледнете ги малопродажните цени на еден вид на автомобили во последните три години и погледнете ги движењата на акцизите и царините на тие автомобили. Тие се променливи во последниве три години заради СТО, заради одлуката за акциза одат во една насока. Погледнете ги дали реагираат цените. Тие не реагираат. Еластичноста на малопродажната цена на автомобилите на страната на побарувачката и на понудата е имперфектна. Тоа значи дека во внатрешната структура на малопродажната цена  се зголемува девизната компонента на увозот, се намалува ова што е кај давачките. Фиксен стои профитот. Во такви услови мерката е добро одмерена. Се разбира, можеби не е популарна, меѓутоа, е повеќе популарна, отколку да се доведеме во ситуација Владата заради таквите појави да биде принудена да воведе некои други фискални  монетарни и други мерки на ограничување кои ќе бидат уште подрастични. А оваа мерка не е драстична. Драстична е кај еден многу мал дел од населението кој има потрошувачка моќ. Кај огромниот дел на населението кој нема таква потрошувачка моќ, не е драстична. За нив возилата до 1500 кубни сантиметри се стандардот кој го купуваат, кај нив поефтинува.

Во однос  кај давачките дали на пазарот цената ќе се зголеми или намали е понуда и побарувачка. Таа покажува дека е нееластична. Тоа е друг проблем, Дали дека сме мал пазар, дали дека сеуште има  полигофол не знам. Меѓутоа, тоа е очигледно. Коефициентот на еластичност во споредба со еден тие податоци ги покажува.

За да избегнеме други консеквенци, Владата се одлучи да направи мерка која нема да е широко распространета на населението, односно над 90-тина % од автомобилите кои се увезени сега во 2004 кои немаат кациза се афтомобили по категоријата кои со намалување на царините и со зголемувањето на акцизата за 250 евра кај едните и  нула кај дргите, вкупниот ефект ќе биде помали давачки. Како тоа на пазарот ќе биде е сосема неважно. Нашиот импут е позитивен, вкупен со давачките заедно. Ние мораме да превземеме мерка. Ние за 20 милиони долари преговараме со Светската банка годишен аранжман, додека не се воспостават некои други односи на економијата во Македонија. Ние мораме да ги штитиме.

Понатаму, опозицијата прилично лесно барем вчера со еден од лидерите од опозицијата, со помалата од партиите што останаа настапи и со тезата за движењето на

курсот со негово сфаќање. Овие елементи имаат директно влијание на политиката од тој агол. Ние не можеме да дозволиме ако ни се случува нешто да ни се случува движење. Се случува ако ние мислиме дека треба да се случува како Влада. Зборувам за тие движења кои се монетарни, валидни и тн. Значи, со други зборови сакаме да ја имаме под контрола работата. По некогаш треба и да се реагира. Ќе престанам претседателе, еве толку, благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Бидејќи имавме некој договор вечерва да завршиме, ве молам, да бидеме доволно рационални и во објаснувањето.

Сега имаме реплика од госпоѓа Лалчевска.

Повелете госпоѓо Лалчевска имате три минути.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСАКА :

Благодарам господине претседателе.

Говорот на господинот министер навистина, ме испровоцира. Кажавте дека сте се труделе да ја одржите потрошувачката на минатогодишно ниво. Прво да кажеме дека тоа не е добро за една држава. Меѓутоа, тоа вие така го цените. Рековте дека тоа го правите со нови и стари потреби и онаму каде што ќе се појават нови потреби за буџетски користења ги сместувате таму каде што старите се намалиле, или старите исчезнале. Тоа е вака една интересна игра на зборови за што јас конкретно ќе ве прашам. Подоцна зборувавте за нешто што е факт. Сега јас ќе ви кажам дека факт е дека ова Собрание донесе Закон за финансирање на политички партии, кој е стапен на сила. Меѓутоа, исто така е факт дека јас  никаде не видов ставка во Буџетот како вие ќе ги покриете овие обврски кои произлегуваат од Законот. Значи ова не е нешто што пратениците го бараат, туку е нешто  нова потреба, како вие би рекле, која произлегува од Законот кој веќе е на сила. Јас навистина би ве молела онака како што сте добар стручен за експозеа, односно се извинувам, за буџети, да ми објасните каде ја сместивте оваа ставка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Оровчанец, имате три минути.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Благодарам господине претседателе.

Не мислам три минути, меѓутоа очигледно е дека господинот министер се труди максимално ова што како мерка е дадено да го стави во рамките на една принудност на ликвидност на земјата, меѓутоа, господине министре дефинитивно сетам  дека дефицитот на овој начин сигурно не може да се намалува. Само со развој, производство на извоз вие

можете да го намалувате дефицитот. Меѓутоа, ако ја одржувате макроекономската стабилност на ова ниво, ние ќе продолжиме во следните години со 0,2% развој и тогаш за се ќе имаме малку пари и нема ништо од нас да биде. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине министре.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Оровчанец, ако не ја одржуваме макроекономската стабилност, автомобилите сами по себе ќе поскапат, без ништо да направиме, затоа што се увозни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Крстевски имате три минути.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

На тема афтомобилите прво мислам дека мерката која се превзема нема многу да влијае во намалување на трговскиот дефицит во државата. Тоа е едно. Меѓутоа, само ќе покаже во низа нови примери дека оваа Влада во континуитет не држи до стабилноста на финансискиот и економскиот поредок и секогаш на нови и нови давачки ги принудуваат граѓаните.

Втора работа, мислам дека оваа мера е директно спротивна со нашите обврски превземени со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, бидејќи создава дополнителни давачки со ист ефект, во услови кога сме прифатиле прогресивно намалување на царините.

Трето, само економии кои се затворени воведуваат вакви мерки. Современите економии се потрошувачки и гледаат што можат да направат на страната на добивката. Кај нас има еден недостаток кај возилата кога се работи, во континуитет не е само на оваа Влада, што за многу дејности возилото не се смета за основно средство. На пример да сте таксиста во Македонија немате основно средство, како што има некој разбој во текстилната индустрија и тн. и нема никакви погодности, заради кои да речеме ќе ја зголеми тој продуктивноста и ќе ја зголеми да речиме извозноста и тн. Према тоа, оваа мерка е само во функција на одреден број дилери со возила и ги става во нерамноправна позиција граѓаните кои сакат да купат вакво или такво возило.

Значи од друга страна ќе ја зголеми да465 речеме таа шпекулативна страна во овој бизнис, со оглед на сложените постапки. На Запад, денес лизингот е нула. Луѓето ретко кои плаќаат кола во готово. Овдека граѓаните ги вадат заштедите и директно купуваат возило. Према тоа, мерката е контрапродуктивна, бидејќи создава еден психолошки притисок дека државата постојано ги менува условите за граѓаните и заради тоа мислам дека е контрапродуктивна во овој момент.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Рамадани не е тука, збор има господинот Сашко Ќедев, а потоа господинот Најдовски.

САШКО ЌЕДЕВ:

Почитуван господине претседател, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници,

Веќе стана традиција на Македонскиот парламент, некаде пред Нова Година или веќе ни се создаде условен рефлекст по Католичкиот Божиќ во Собранието да се расправа за Буџетот на Република Македонија. После онаа маркантна седница на Парламентот кога на доста недостоинствен начин беше усвоен Предлог-Буџетот за 2004 година. Еве и оваа година Предлог-Буџетот за 2005 година го имаме на располагање само неколку дена за расправа во Собранието на Република Македонија. Тоа мислам дека е  недостоинствен начин на кој што граѓаните на Република Македонија, чии што пари се распределуваат и начинот на кој што треба да се трошат нивните пари им се остава простор само од неколку дена дискусија.

Почитувани пратеници мислам дека ова треба да биде последна седница на Собранието на која што  Предлог-Буџет ќе се носи буквално неколку дена пред почетокот на годината на која се однесува тој Буџет.

Многу карактеристично за овој Предлог-буџет е тоа што тој предлог е донесен од еден друг премиер, од една друга Влада во која што неколку  министри си ги сменија местата, дојдоа и некои нови министри и дојде нов премиер. Сега прашањето е кој ја сноси одговорноста за овој Буџет. Дали одговорноста на овој Буџет ќе биде на актуелниот директор на Комерцијална банка, кој што веќе ја напушти политиката и се врати на својата професија, а кој што го донесе овој Предлог-Буџет, дали овој Предлог-буџет ќе биде одговорност на некои министри кои што веќе се реконструирани или на некои министри кои што веќе ги сменија своите места. Значи прашањето на одоговорност за овој Буџет мислам дека е многу важно и би требало да добиеме еден релевантен одговор од одговорните луѓе, пред се, од парламентарното владино мнозинство во Собранието на Република Македонија.

Заклучок на скоро сите експерти и партиски и непартиски и познати аналитичари во Република Македонија  дека овој Предлог-Буџет е социјален, е административен и инертен Буџет, кој што не создава основа за развој во Република Македонија. Сеуште ја живееме годината во која што за прв пат во историјата на Република Македонија  имавме три премиери. Тројца премиери во една година и сите тројца најавуваа економски бум.

Почитувани пратенци, дали можеме да очекуваме економски бум, економски развој со социјален буџет. Тоа е консензус во Република Македонија дека предложениот Буџет е социјален, нема развојна димензија.

Накратко би се осврнал на нереализираните макроекономски предвидувања од 2004 година, бидејќи проблемот на одговорноста е нешто што еднаш засекогаш треба да влезе во Парламентот на Република Македонија. Ние треба да бараме одговорност од луѓето кои што се од извршната власт. Актуелниот министер за финансии пред Парламентот и пред македонската јавност треба да образложи зошто не се реализираше порастот од околу 4% на бруто домашниот производ. Тоа беше најавено од почитуваниот господин министер кој што за среќа остана на таа позиција и може да ни даде одговор. Значи тој предвиде дека 4% ќе биде растот на бруто домашниот производ во 2004 година. Ја завршуваме 2004 година со нула кома неколку проценти пораст на бруто домашниот производ. Значи под 1%. Мислам дека е ред Парламентот и македонската јавност да добијат одговор зошто и каде е проблемот, зошто не се реализирани тие предвидувања.

Понатаму, надворешниот долг на Република Македонија е сигнификатно зголемен. Трговскиот дефицит ја премина бариерата од една милијарда американски долари. Стапката на невработеност е највосика во Европа, иако министерот во своето експозе кажа дека сме го допреле дното во однос на проблемот на невработеност и сега треба да се одлепиме од тоа дно и тоа одлепување би требало да биде некаде во текот на 2005 година. Меѓутоа, еве и едно званично прашање, кои се тие новоотворени места кои што ни даваат таков оптимизам. Значи ако имаме новоотворени места, би требало да ги видиме тие пред јавноста, да им честитаме на тие успешни стопанственици кои што отвориле нови работни места и да и честитаме на Владата ако навистина, е на вистинскиот пат да ја намали невработеноста во Република Македонија.

Значи сето тоа се нереализирани предвидувања на макроекономски план во 2004 година. Ние не слушнавме ниту едно званично образложение освен тоа дека американскиот долар доживеа неочекуван и континуиран пад на својата вредност.

Почитувани господа несериозно е нашата економска слабост да ја препишуваме на падот на американскиот долар. Сигурно дека има одредени влијанија, меѓутоа, не може да бидетоа главна причина за колапсот во кој што се наоѓа и длабоката рецесија во која што се наоѓа Република Македонија.

Понатаму би се задржал на макроекономската рамка која што ја предвидува овој Предлог-Буџет. Со предложениот Буџет за 2005 година имаме пораст на масата на плати за 2,2%. Понатаму, имаме намалување на стапката на капитални инвестиции за 500 милиони денари. Иако новиот Буџет не на некој начин потранспарентен од технички

аспект, посуфистицирано приложен и прикажан и на некој начин ни прави доста тешкотии при компарирање на 2004 и 2005 година, сепак, барем до толку може да се види дека  стапката на капиталните инвестиции е сигмификантно намалена дури во 2004 година и од тој аспект овој Предлог-Буџет многу наликува на ребалансот од 2004 година.

Едно кратко потсетување до пратениците и во македонската јавност, што беше суштината на ребалансот за 2004 година. Суштината на ребалансот од 2004 година беше дистрибуцијата поточно редистрибуцијата на неискористените капитални средства почитувани дами и господа. Бидејќи повеќе министри во тогашната Влада на Република Македонија не ги искористија средствата за капитални инвестиции и мораше министерот и Владата да направат ребаланс и тие средства да ги редистрибуираат во ребалансот на буџетот за 2004 година.

Во однос на конкретните предлози на буџетот за 2005 година беше спомната неконзистентноста на фискалната политика. Денеска имав прилика да слушнеме долги дискусии конкретно за непринципиелната и неконзистентната акцизна политика. Нема да се навраќам на тоа, бидејќи доста екстензивно беше елаборирано претходно за акцизата на автомобилите, меѓутоа, накратко би се задржал на акцизата за цигарите.

Веќе сме во фаза на одговарање на Прашалникот на Европската унија и едно потсетување до пратениците и јавноста дека препорака на Европската унија е акцизата за цигарите да биде над 50% односно 57%. Едно од образложенијата што ги слушнавме деновиве беше дека не треба да ја зголемиме акцизата на цигари, бидејќи ќе се зголеми шверцот.

Почитувани дами и господа тоа е несериозно образложение. Во Европа и развиениот свет каде главен терет се поставува на докажаните ризични фактори за човековото здравје и во тој број еден ризичен фактор се цигарите и пушењето. Ние ги намалуваме акцизите на цигарите или не се прават значајни измени во акцизите на цигарите, а се воведуваат нови акцизни стапки кои демонстрираат неконзистентна фискална политика.

Почитувани дами и господа на кој начин ние ќе привлечеме странски инвестиции ако актуелната Влада на Република Македонија носи, спроведува и предложува закони кои се мотивирани на дневно политичка основа. Ако недостасуваат одредени средства во буџетот се предлагаат акцизи, како што спомна еден од претходните дискутанти, се во спротивност со нашиот потпишан договор за стабилизација и асоцијација со Европската унија. Значи, ние демонстрираме една дневна политика во однос на носењето закони, па и на практицирањето на официјалниот буџет за кој сме во фаза на дискусија за идната година.

Кога сме кај социјалната димензија на буџетот, иако се работи за строго стрикно социјален буџет, сепак во Министерството за труд и социјална политика имаме намалување за 8 милиони денари и покрај очекуваниот пораст на стапката на сиромаштија во текот на 2005 година.

Имаме значително намалување или мала стапка на поддршка на малите и средни претпријатија кои би требало да бидат столбот на македонската економија.

Понатаму, кога зборуваме за реформи, прво што ни доаѓа на памет и што најмногу го експлоатираме ние и сите наши советници и добронамерни соработници е дека треба да се направи реформа во судството. Со овој Предлог на буџет имаме намалување и на расходите и на капиталните трошоци, значи на тековните расходи и капиталните трошоци во судството. Кој е очекуваниот исход? Очекуваниот исход е неефикасно судство и отсуство на реформите. Ние не можеме да очекуваме значително подобрување и забрзување на реформите во судството ако не се зголеми буџетот и стапката која треба да стои на располагање на судскиот систем.

Во текот на вчерашното експозе на министерот, барем во моето мало искуство во Парламентот, беше најдолгото излагање на било кој министер, ние во интервентната кардиологија имаме девиза дека поголемото е подобро во однос на постигнатиот резултат, меѓутоа, во политиката не сум сигурен дека подолгото е подобро. Ова би го образложил од аспект на повеќе од 2 часа и 15 минути излагање на ценетиот министер за финансии кој во ресорот образование единствено кажа една реченица дека се обезбедени средства за финансирање на третиот државен универзитет и тоа беше се за високото образование.

Почитувани дами и господа ќе се навратам, бидејќи прославивме една година од формирањето на третиот држаавен универзитет ќе се вратам малку на вашата лична односно ваша лична одговорност кој го изгласавме тој државен универзитет. Дали им подобривме на етничките заедници подобро високо образование? Тоа е прашање кое треба денеска да го адресираме сите заедно. Од ова место лично прашав што ќе се случи со студентите на фармација и медицина во Тетово. Го прашав актуелниот министер за образование и тогашниот премиер. Бидејќи тој универзитет не ги решава проблемите на никој ниту го подобрува високото образование на етничките заедници ниту им ги подобрува условите на веќе постојните државни универзитети.

Почитувани дами и господа и овој Парламент треба да ги сноси одговорностите. Помина една година па да се соочиме со фактот што изгласа ова Собрание. Дали изгласа добар закон или изгласа лош закон. Дали ги стави тие млади луѓе да бидат предмет на манипулација и да бидат предмет на дестабилизација на

Република Македонија. Тоа е прашање кое секој парламентарец во овој состав треба да си го постави и да се запраша дали постапил исправно. Уште еднаш ќе ве потсетам на актуелниот директор на Комерцијална банка кој, откако ја напушти позицијата премиер, јавно кажа дека му е жал што учествувал во донесувањето на Законот за државјанство и на Законот за третиот државен универзитет. Сакам коректно секој пратеник да си го постави тоа прашање пред себе и да си даде личен одговор пред себе и своето опкружување.

Почитувани дами и господа ако образованието е еден од виталните сегменти на државата, едно такво екстензивно елаборирање на министерот, сепак заслужуваше малку подетален опис на стапките кои се распоредени во образованието. Јас лично сметам дека со овој Предлог на буџет се намалува квалитетот на високото образование и во двата тетовски универзитети и на скопскиот и на битолскиот универзитет, бидејќи генерално финансиската моќ на Република Македонија ги овозможува овие стапки кои се приложени во овој Предлог буџет. Меѓутоа, министерот ни спомна уште една реченица во своето експозе поврзано со образованието, меѓутоа во друг контекст, дека и нашето одвојување на средства за основно и средно образование било дел од развојната политика на Република Македонија.

Почитувани дами и господа за нас е поразително ако ние сметаме дека одвојувањето на минимални средства за функционирање на основно и средно образование е дел од развојната стратегија на Република Македонија, тоа е поразително почитувани дами и господа.

Во однос на науката, мислам дека има дел од присутните членови на Парламентот кои беа парламентарци и во првиот состав на Парламентот на Република Македонија. Почитувани дами и господа првиот Парламент на Република Македонија дискутираше повеќе и одвојуваше повеќе за наука. Трагично е за сите нас по 14 години актуелниот Парламент, актуелната Влада да ги намалува и да дава недоволно средства за наука и да елаборира дека на нас не ни треба наука.

Почитувани дами и господа каков развој без научно истражувачка дејност? Какво задржување на млади и талентирани луѓе во Република Македонија ако не им се овозможи оптимални услови за кариера во сопствената држава. Не треба да ги обвинуваме младите луѓе и талентирани кои ја напуштаат државата, бидејќи факт е дека оваа држава не води грижа за младите и талентирани луѓе.

Конечно, неколку збора за еден ресор од кој доаѓам јас, тоа е ресорот здравство кој не беше ни спомнат во најдолгото експозе од 2 часа и 15 минути е ресорот здравство. Јас зборот здравство не го слушнав во вчерашното експозе, можеби сум го

пропуштил, но го читав и ги прочитав тие 53 страници, но не е спомнат ресорот здравство.

Почитувани дами и господа само едно потсетување. Ресорот здравство троши сигмификантен дел од парите на граѓаните за граѓаните. Тој ресор заслужува елаборирање и заслужува обраќање од страна на министерот и на Владата. На 53 страници не е спомнато здравството почитувани дами и господа. Не е спомнато ниту е назначено еден единствен дел односно не е елаборирано како ќе се трошат парите на граѓаните за здравство.

Спомнав дека Предлогот на буџетот е приложен во доста пософистицирана форма од порано, потраспарентна и на една и пол страница е образложено од претходниот министер за здравство дека ќе се врши распределба на здравствениот денар врз основа на програми по приоритет. Бидејќи во нашиот парламент има отприлика 10% на лекари, тој процент е горе - долу во светските парламенти, мислам дека и ги повикувам активно секој од лекарите кој учествува во работата на Парламентот да даде свој личен придонес во подобрување и заземање на вистинското место на здравството во секој предлог на буџет кој ќе се соочи пред Собранието на Република Македонија. Во овој Предлог на буџет е предложено финансирање врз основа на приоритети и почитувани дами и господа и тие приоритети се заразни заболувања, бруцелоза, туберкулоза, мајка и дете, репродуктивно здравство, тоа се сите респектабилни гранки во медицината кои заслужуваат вистинска почит и внимание од секој.

Меѓутоа почитувани дами и господа едно потсетување кардиоваскуларните болести се причина за смртност поголема отколку сите причини заедно. Со еден единствен збор, ниту една единствена ставка на овие приоритети не е приклучена на кардиоваскуларните заболувања. Почитувани дами и господа тоа значи во овој дел на здравствениo буџет во најмала рака несериозно е вршена прераспределбата и несериозно се дефинирани приоритетите, бидејќи не може да не биде приоритет основната причина за смрност која зазема и поприма епидемиски размери. Сега во тој ресор имаме друг министер и прашањето е дали тој министер е согласен со овој Предлог буџет или после неколку месеци кога ќе дојдеме најверојатно во неминовната фаза на ребаланс ќе каже дека јас не учествував во носењето на тој буџет.

Затоа почитувани дами и господа мораме сите ние да ги имаме пред себе овие параметри, меѓутоа, што се случува и на кој начин се дефокусира вниманието и во Парламентот и пред се на македонската јавност. Почитувани дами и господа ние одиме по работ, по ивицата на понорот како држава и основното внимание во овој период е кој ќе биде лидерот на најголемата опозициона партија, кој ќе има најмногу пратеници, дали

ќе бидат еден или двајца плус, што изјавил едниот, што изјавил другиот, што изјавил некој трет лидер со кој ќе се коалицира, што се случува со опозицијата. Почитувани дами и господа тоа е трагично за Република Македонија имајќи го предвид актуелниот момент во кој се наоѓа државата, претставниците на Владата и парламентарното мнозинство, за жал, и голем број од медиумите не губат прилика на најсуптилен начин да не го спомнат тоа. Во последната дискусија министерот го спомна тоа алудирајќи на случувањата во опозицијата.

Затоа почитувани дами и господа треба да прифатиме заклучок врз основа на факти и докази не е реално очекување на пораст на бруто домашниот производ за 3,8%, бидејќи со таква невидена стапка пад на индустриското производство не може тие фирми кои треба да го обезбедат тој пораст, да го обезбедат. Конечно треба да слушнеме образложение зошто не се реализира предвиденото на макроекономски план од оваа година и треба да прифатиме дека еден од главните проблеми во Република Македонија посебно на економски план е непридржување и нереализирање на предвиденото.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Кедев.

Три работи би ве замолил.

Прво, се согласувам со вас дека минатиот буџет беше донесен на недостоинствен начин.

Второ, одговорност за овој буџет е моја и ваша, бидејќи овој Парламент го носи и го гласа буџетот и

Трето, ве молам, чисто заради пријателство спрема мене во иднина бидете малку потивки, ако другите пратеници се десет метри од вас, јас сум метро од вас, се слушаме.

Има многу реплики.

Повелете госпоѓо Лепиткова реплика од три минути.

СОЊА ЛЕПИТКОВА:

Благодарам претседателе.

Јас како претседател на Комисијата за образование, наука и спорт чиј член на Комисијата е господинот Кедев, сосема накратко би сакала да реплицирам во делот од неговото излагање кое го насочи кон образованието и науката.

Кога го разгледувавме буџетот на Комисијата за образование, наука и спорт од страна на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ како и секогаш присутен беше господинот Аднан Ќахил и навистина се заложи за сите аспекти на подобрување на образованието

особено на високото образование и науката и доколку господинот Кедев беше присутен на таа седница на Комисијата за образование, наука и спорт ќе учествуваше и тој во таа расправа и ќе знаеше дека од страна на Комисијата беа предложени амандмани со кои сакаме да делуваме во поглед на зголемување на средствата за наука и високо образование.

Од амандманите кои ги предложи Владата можеме да видиме дека тоа нешто се случи и дека со владини амандмани се зголемуваат средствата за наука и високо образование.

Она што беше изнесено дека науката има помалку средства, можам да кажам дека пред 14 години во времето на  Владата на ВМРО-ДПМНЕ беше укинато министерството за наука како и министерството за развој и споени со Министерството за образование и наука. Навистина сметаме дека е важен сегмент за развојот на државата, меѓутоа, еве да отвориме простор да полемизираме во таа насока и да бидеме присутни на седниците на Комисијата особено кога има такви тематски седници и да расправаме таму, а не говорите на општата расправа по буџетот да ги користиме на некој начин за политиканство односно политички маркетинг. Времето на изборите заврши, доаѓаат локалните избори на кои на овие теми нема да се расправа, ќе се расправа во сферата на основното и средното образование.

Она што беше кажано за високото образование односно за универзитетите можам само да кажам дека вакви земји како Република Македонија посебно внимание посветуваат на високото образование и отварање на универзитети особено како пример Република Ирска која со три милиони жители, а ние имаме два, а има 13 универзитети.

Доколку го овозможиме општиот развој, постоење на универзитети на оваа држава и финансирање во таа свера нема да бидат на штета на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута господине Кедев.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам за репликата.

Веднаш би сакал да го изразам мојот став дека не се сомневам во добрите намери на почитуваната госпоѓа Лепиткова која ја води Комисијата за образование, наука и спорт, бидејќи во досегашната пракса се покажа како исклучително коректна, конзистентна и принципиелна во водењето на таа Комисија, меѓутоа, за жал, и нејзините можности се многу ограничени во однос на влијанието на предлозите кои што доаѓаат главно од Владата кои се резултат на дневно политичките интереси на актуелната коалиција.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Гашоска, имате реплика од три минути.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Благодарам претседателе,

Колега Кедев, социјален буџет за социјална држава. Ако не е таков значи е против граѓаните на Република Македонија, а не за нив. Нови новоотворени работни места не се бараат во јавниот сектор како во она време, туку во земјоделието и во производните капацитети. За една година, колега, не се завршува факултет, а уште помалку да се провери квалитетот на создадените кадри. И здравството е спомнато, колега. А, парите на граѓаните  ќе се трошат наменски и нема да се расфрлаат за се и сешто, само не за здравјето на граѓаните. Кардиоваскуларните заболувања се спомнуваат и те како, ама на друго место, таму каде што треба во превентивата како што е ред, а не за вложувања во уште една кардиохирургија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Кедев една минута.

САШКО КЕДЕВ:

Благодарам.

Оваа реплика беше навистина многу мелодина и полна со рима и ритам и навистина многу симпатична. И честитам на колешкава навистина на симпатичен наичин реплицираше. Меѓутоа, ќе потенцирам дека мојата забелешка за кардиоваскуларните заболувања е токму за превенција, бидејќи во тој дел на Буџетот јас ги посочив областите кои што се приоритетни, но за превенција. Значи, зборуваме за превенција на бруцелоза, туберкулоза, за мајка и дете, за репродуктивно здравство, за превенција. Мојата интенција е кадриоваскуларните заболувања да имаат приоритет во однос на превенцијата, бидејќи суштината лежи во превенцијата, почитувана колешке.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Господине Апостоловски, процедурално.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Господине претседателе, согласно членот 64 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагам да работиме по 17,00 часот во интерес на поефикасна работа на Собранието. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да го ставиме на гласање овој предлог.

Во 18,00 часот најавена е нова координација, а потоа после таа координација ќе кажеме до колку ќе работиме.

Предлогот да се работи и после 18,00 часот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Гласале 55 пратеници, 54 пратеници гласале за, нема воздржан, 1 пратеник гласал против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Вратете ја листата.

Повелете господине Најдовски, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Ружди Матоши.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре,

Со оглед на тоа што имав една кнцепција на поголема дискусија, ќе се обидам да ја скратам во интерес на времето и во таа моја замислена дискусија на крајот сакав да проговорам околу акцизите за цигарите. Се надевам дека господин Кедев ќе седи до крај да ја ислуша оваа дискусија. Со оглед на тоа што она што го прокоментиравте за акцизите за цигарите беше моја изјава од комисиите се надевам дека ќе сватите за што зборував и се надевам дека во поткрепа на таа дискусија ќе го прашате вашиот претседател на партија кога беше министер за финансии, кога царината беше под негово раководство да ви укаже зошто тоа го објаснував околу акцизите на цигарите и колку беше шверцот на цигарите. Но, за тоа при крајот на дискусијата.

Сега сакам да кажам дека познатиот македонски пејач што го сакаме сите Тоше вели на крајот од еден свој концерт Сите ве сакам, а ние можеме, јас тоа би го прокоментирал вака, дека сите што дискутиравте од опозицијата сте во право, ама ако гледаме поединечно секоја ваша дискусија. А ако ги споредите и си ги спротивставите еден со друг, ќе видите дека една со друга ама баш немаат никаква блискост и се крајно контрадикторни. Ќе ви кажам зошто. Затоа што од целокупните ваши дискусии вчера го слушнав единствениот нов но затскриен момент во лидерот на ВМРО-ДПМНЕ господинот Груевски, кој срамежливо најави дека повеќе не е за фиксен девизен курс во Република Македонија и дека не треба да се одржува нивото на девизни резерви во Република Македонија.Тоа беше прва негова таква изјава и со оглед на тоа што е актуелен по однос на економската област, навистина кај мене предизвика внимание и се надевам дека деновиве ќе ја објасни и ќе каже дали навистина е за тоа што вчера го рече или во склоп

на моментална инспирација на вчерашната дискусија. Меѓутоа, навистина тоа е нов момент. Четири години од тоа колку бил три години министер за финансии значи спроведувал една политика која што ни ја кажуваше и не убедуваше дека е во право, а вчера тоа мислење го смени. Но, од досегашната расправа јас извлеков еден свој заклучок, со тоа што верувам дека и вие повеќето се согласувате и господинот Иванов-Ѕинго на почетокот на дискусијата тоа го изнесе денес, а тоа е дека во сите дискусии и дека нема ниеден пратеник кој досега дискутирал, ниту се надевам и понатаму ќе има, дека ќе има забелешка на самата структура на Буџетот на Република Македонија. Што значи, полека кај сите нас созрева мислењето, сваќањето дека Република Македонија има таква структура на буџет кој што во овој момент колку и да сакаме, како да растегнуваме и какви гимнастики да правиме, навистина не можеме ништо повеќе да направиме. Бидејќи, да правите поинаква структура на буџет каде што најголемиот дел ви се таканаречените фиксни расходи, навистина поинаку неможете да распоредите. Во една структура на буџет каде што најголемиот дел ви е за плати на вработените во државната администрација, во МВР, во одбрана и другите институции и финансирање на тие институции и втората најголема ставка ви е социјалните трансфери, тогаш илузорно е да зборуваме за било каква друга структура на буџетот. Значи, тука се согласуваме сите. Оттука и најголемиот број амандмани кои што се поднесени од страна на пратениците, се извинувам што ќе си дадам за слобода тоа да го коментирам, но сепак тоа не е ништо друго, туку само обично шминкање амандман за амандман, бидејќи како и да правите амандмани, како и да распоредувате, оваа структура на буџетот која што ја имаме, каде да земете, каде да чепнете ќе создадете проблем на друго место.

Денес и вчера слушав пратеници кои велат дека се малку пари во земјоделието. Други велат малку се пари во образованието, трети малку се пари во здравство, четврти мали се платите на администрацијата. Сето тоа е точно. Но, ајде заеднички сите да согледаме. Ако зголемите за здравството, ако чепнете, веднаш создавате проблем во земјоделството. Ако чепнете во образованието, создавате проблем кај пензионерите. Така, сметам дека веќе конечно постигнавме консензус и поцијција и опозиција дека Македонија на овој степен на развој економски кој што го има, може да има само ваква структура на буџет и никаква поинаку.

Затоа, ќе се обидам во понатамошната моја дискусија да дадам неколку свои согледувања, некои свои размислувања каде треба да ги движиме во иднина нашите насоки на активности, не само по буџетот, туку по севкупната состојба. Нашите размислувања треба да бидат, дами и господа, како во иднина да успееме да ги зголемиме приходите во Буџетот на Република Македонија. Без такви размислувања, без

таков начин на разгледување на иднината, ние можеме да имаме секоја година расправа на Буџетот која што ќе личи една на друга.

Во тој правец сметам дека прв наш проблем, на Република Македонија, не на партиите кои што сега се во власта, не на Владата, туку на Република Македонија и проблемот на транзицијата, последиците кои што ги чувствуваме од него и адекватно на тоа меѓународната размена и глобализацијата во која што треба да се вклучиме. Ние како држава сметам дека во овој период недоволно на тој план направивме и дека ние ненавремено ги преземаме тие мерки и сите последици ќе ги чувствуваме и сега и било која влада после тоа да биде формирана. Затоа, сметам дека треба да направиме една активност која што некои поинаку ја сватија во една моја поранешна дискусија кога реков треба да ги дефинираме задачите на државата од една страна, а да ги дефинираме и задачите на бизнисмените и менаџерите во Република Македонија. Ние дојдовме во ситуација и експерти и партии и сите, за се ни е виновна државата, не бегајќи притоа од тоа дека треба да трпиме и критики за одредени проблеми кои што ги имаме или начини на решавање на одредени прашања. Но, целокупната вина сакаме да ја префрлиме врз државата и секое наше размислување дека државата треба да биде таа која што само ќе создава амбиент за стопанството, веднаш се толкува дека нашата власт е оутѓена од стопанството. Затоа, ако за одредени бариери во меѓународната размена можеме да ја критикуваме државата односно било која актуелна власт која што е, тогаш за многу други работи, пред се за неконкурентноста на нашите производи во меѓународната размена, апсолутно не можеме да ја бараме вината во Владата. Од една страна е несватливо, бараме потпишување на повеќе договори за слободна трговија со повеќе земји кои што се надвор од Европската унија, бараме вклучување во Европската унија, а од друга страна бараме државата да преземела мерки, со одредени свои мерки, пред се со царината да го заштитела своето домашно производство. Е, господа, тоа ниту во науката, ниту во теоријата, ниту во практиката не може. Или едното, или другото. Покажано е дека ако го избереме второто да се затвориме во свои рамки, тогаш немаме успех. Значи дека нашиот пат е отворање, но притоа активен однос на сите чинители во тој процес. Тоа значи дека нашиот развој конечно да сватиме дека е во извозот на домашното производство, во извозот на домашните производи и само на таков начин ние можеме да зборуваме за економски развој во Република Македонија. Се друга ќе биде шминкање и мачкање за да преминеме одреден период.

Затоа, сметам наместо досегашните предлози и од експерти и од политички партии кои што предлагаат дека треба да се стимулира производството со одредени даночни олеснувања, таа практика да ја напуштиме и да предложиме да имаме вложувања во

државата, но во друг правец, а тој е во стимулирање на воведувањето на нови технологии во осовременување на технолошкиот процес, подобрување на квалитетот на производите од Република Македонија. Тоа е начинот со кој што можеме да излеземе на меѓународниот пазар, тој е начинот со кој што ние можеме да се носиме и да бараме економски развој. Бидејќи и најновите согледувања кои што се и од тие експерти меѓународни кои се повикуваат, даночните олеснувања кои што се од временски карактер за стопанството, можат да имаат еден минимален ефект, но на многу краток период. После тоа повторно се доаѓа до застој на економскиот развој. Сметам дека на овој план треба да го направиме првиот чекор во следната година. Мораме да ги согледаме нашите кои се предности на македонското стопанство. Да ги напуштиме старите гледања дека нашата евтина работна сила е конкурент и предност на нашите производи во меѓународната размена. Дефинитивно се покажа дека ние немаме ефтина работна сила, иако се толку мали платите кај нас во Република Македонија и со таква предност, која што ние ја рачунавме дека не е предност и дека има и поефтина работна сила, но работната сила се помалку учествува во вкупната цена на чинењето на одредени производи, така што ние со таков наш пристап не можеме да бидеме конкурентни.

Во таа смисла би го прокоментирал и вчерашното залагање дека со намалување на цената на електричната енергија ќе сме биле многун конкурентни. Може само кај една до две стопански гранки кои што имаат голема потрошувачка на електрична енергија и не би сакал да сватам дека тоа е лобирање за тие една или две стопански гранки или еден или двајца бизнисмени во Република Македонија. Но, дефинитивно да кажеме дека тоа не е начин. Од друга страна ќе повторам велиме ќе се вклучиме во меѓународната размена, а бараме намалување на цената на електричната енергија. Тоа едно со друго не оди. Ќе видите кога ќе дојде тој период дека ние напротив она што производителите на електрична енергија кај нас постојанот кукаат. Господинот Мавровски ако е тука ќе ви каже дека имаме многу ефтина цена на електричната енергија, заради тоа што нормално ги брани интересите на тие што ја произведуваат електричната енергија.

Следната работа која што сакам да ја прокоментирам во склоп на моето размислување дека излезот е само во вклучувањето во глобализацијата е прашањето на она што ние сметаме дека е наш хендикеп. Наш хендикеп е моментално тоа што не сме членка на Европската унија и од една страна можеме така да го гледаме и треба да ги преземеме сите чекори за навремено да се прилагодиме на барањето од Европската унија. Но, во ист момент ние како држава, мора да признаеме, не правиме ништо тој наш хендикеп барем во одреден момент да го претвориме во наша позитива и да претставуваме мост помеѓу земјите од Европската заедница и земјите кои што не се

членки на Европската унија,. кои што чекаат прием или земјите кои што многу подоцна би се вклучиле во Европската унија.

Како мерка која што би предложил Владата да ја разгледа за следната година е прашањето, кое што како последица се јави од договорите за слободна трговија, а тоа е прашањето на разликата која што се јавува помеѓу увозот на готови производи и увозот на суровини и материјали за исти такви прозиводи кои што би се произведувале во Република Македонија. Тука царинските давачки се различни и сметам дека имаат одраз врз стопанството.

На крајот, по однос на тој дел околу приходната страна само со некоку реченицин би објаснил по однос на прашањето за сивата економија. Постојано неколку години наназад, неколку влади тоа прашање го отвораат, но ниеднаш не сакаме да се зафатиме со тоа прашање.

Како еден мој предлог за размислување, сивата економија на крајот и не занаеме да ја дефинираме дали ни се проблем крајните потрошувач и, продавачи или ни се проблем увозниците. За мене многу поголем проблем се увозниците и оние кои што ја увезуваат таа стока, но сепак, тоа е прашање на царината.

По однос на второто прашање на таканаречените ситни препродавачи, би предложил за размислување во Владата следната година, бидејќи се покажа дека репресивните мерки се и недобро примени меѓу граѓаните, а од друга страна и незнам колкав ќе биде ефектот, како размислување предлагам за следната година да се размисли за едно законско решение, во кое што за почетниот период ваквите препродавачи би биле ослободени од сите давачки, освен за пензиското и инвалидското осигурување и здравственото осигурување. На ваков начин сметам дека можеме полека да ги внесеме и нив во системот, да им овозможиме на тој начин да отпонат да влегуваат во таканареченото поле на несива економија.

Околу расходите за кои што премногу се коментираше рековме дека две ставки се најбитни и најголеми. Тоа се расходите за плати и социјалните трансфери. Ние, дами и господа, сите во нашите програми на полилтичките партии од 1990 година без исклучок сите имаме една реченица напишано, ќе се залагаме за ефикасна администрација и намалување на администрацијата. И сето тоа ние го поддржуваме се до оној момент додека сме во опозиција. Во оној момент кога ќе дојдеме на власт ние балансираме де на една де на друга страна. Веднаш другатра партија која што преминува во опозиција, пак тогаш наоѓа други оправдувања и други начини на гледање. Сметам дека дефинитивно треба да постигнеме консензус сите политички партии по однос на прашањето на администрацијата во Република Македонија. Имаме гломазна администрација, имаме

нефикасна администрацијани како резултат на тоа имаме мали плати на тие кои што се во администрацијата и на крајот незадоволни се граѓаните. Кој е тој концензус кој што треба да го постигнеме. Концезусот е тоа што треба да постигнеме еднаш дека нивото на администрација во Република Македонија, бројот на вработени треба да се намалува , тоа е првото прашање.

Второ, партиите кои што ќе дојдат на власт да не вработуваат свои партиски членови во администрацијата само заради тоа што ќе го наоѓаат едиственото место за вработување на своите членови. Ако тоа го имаме на еден подолг временски период, ќе го постигнеме она ниво на администрација кое што го сакаме. Ние сега што правиме? Оваа власт, вие можете да не критикувате колку сакате, но оваа власт прави рационализација да го постигнеме она ниво на администрација што го сакаме.

Ние сега што правиме. Оваа власт вие можете да ја критикувате колку што сакате, но оваа власт прави рационализација во админситрацијата. Веднаш се јавувате дека се рационализира попартиска припадност. Како прво тоа нема никаква врска, и второто прашање е - добро е вие бркајте ги, кога ќе дојдеме ние ќе си ги вработуваме нашите членови, ќе сиоставите место за нашите. Држава не се води така, така не можеме да одиме напред. Затоа консензус треба да постигнеме за нивото на администрацијата во Република Македонија.

На крајот ќе завршам со она што го реков на почетокот, со оглед на тоа што се води расправа по повеќе законски решенија, а тоа е прашањето на акцизите на цигарите.

Прво, да ве исправам г-дине Кедев дека во Европската унија не е 50% акцизата на цигарите и тие имаат поинаков начин на одданочување или на пресметување на акцизи. Кај нив е 64 евра минималната акциза која што мора да се плати, без разлика на цената на одредени тутунски преработки. Затоа цигарите во земјите на ЕУ се толку поскапи.

Она што јас го дискутирам и она што повторно сакам да го кажам, се плашам дека воведувањето, зголемувањето на акцизите за цигарите ќе доведе до зголемување на шверцот од една едноставна причина. Не се плашам толку од земјите на ЕУ, а инаку ако вие го прашате вашиот претседател на партијата, лидер ќе ви каже дека и земјите на ЕУ вршеле швер на цигари. Но сакам да ви го кажам следното.

Ние сме во опкружување каде што земјите кои што не се членки на ЕУ имаат помали оптеретувања за тутунските преработки односно за цигарите. Само како пример, вкупните давачки према државата во Косово на цигарите се 37%, од кои што 10 евра се по килограм на тутун, 10% се фактор на вредност и 15% е ДДВ од факторот за вредност, плус акцизата, плус царина. Во Албанија акцизата е 9,85 евра по килограм, царина има 10%, ДДВ има 20%. Вкупните давачки изнесуваат 41%.

Во Република Македонија на база на цена и претходните пресметки на цигари кои што би биле по 60 денари малопродажна цена на една кутија цигари, вкупните давачки, акцизата е 1,3% од малопродажната цена специфична такса, потоа акциза по 33% и ДДВ од 18% ќе дојде 49,6%. Вие можете тоа да го верувате или не, во светот најпогодни, најшверцувани стоки се високоакцизните стоки и тоа во високо развиените земји, а да не зборуваме за неразвиените земји.

Отука сметам дека во едно вакво опкружување голема е потенцијалната можност за зголемување на шверцот на цигарите и затоа, јас и на Комисијата реков дека законот ќе го подржам, но треба да си ги отвориме очите заради тоа што може да доведеме до ситуација тоа да ни се одрази на домашното тутунско производство. Како тогаш сите вие ги штитите интересите на тутунопроизводителите ако ова не се одрази на тутунопроизводството. Цел ден вчера ве слушам ваши колеги солзи леат за тутунопроизводителите, од тој аспект јас го зборував, а како сте го прочитале, како сте го сватиле тоа е ваше прашање.

На крајот би завршил со тоа дека пратеничката група на ЛДП ќе го подржи донесувањето на Буџетот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Лалчевска.

Повелете, имате три минути госпоѓо Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе,

Најпрво би ве замолила да се зачува редоследот на пријавата за говор, за да не дојдеме во недоумици.

Господине Најдовски вие рековте дека на овој степен на развој Република Македонија може да има само вака структуиран Буџет и дека тука сме имале консензус. Буџетот според вас, структурата, јас тврдам дека опозицијата мисли така е социјален Буџет со доминантни трансфери за социјала и за плати и за надоместоци. Значи, нема развојна компонента. Меѓутоа каде нашите концепти се разликуваат.

Ќе ве молам да ми одговорите, ако можете да ми одговорите дали постојат два концепти на Владата која вие ја подржувате. Еден концепт на валдината програма која силно ја најавува 2005 година , година на реформи во системи како што се правосудство, здравство и т.н. кои повлекуваат големи финансиски средства, и

Втор концепт - социјален буџет. Како овие две работи одат заедно. Дали е можно да постојат два концепти во Владата која вие ја подржувате. Едниот рекламен, другиот реален според Буџетот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Најдовски, една минута.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Не сакам така да реплицирам, но госпоѓа Лалчевска на тоа ме наведува.

Ние како партии кои што ја подржуваме Владата имаме единствен концепт и мојата дискусија беше баш единствен концепт по однос на прашањето на Буџетот, но вие како опозиција немате концепт.

Од една страна вие предлагате валутен борд, вчера г-динот Груевски се смее на вашиот предлог за валутен борд и на крајот на краиштата цело време зборуваме за една иста работа.

Се грижите за социјална заштита на граѓаните на Република Македонија, од друга страна го критикувате Буџетот бил социјален. Па, во држава во која што имате голем број на технолошки вишок, на невработени мора најголемиот дел да ви оди за социјалната заштита.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, повелете г-дине Даневски, имате три минути реплика.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Благодарам господин претседателе,

Јас би се задржал на почитуваниот колега на два три момента малку збунувачки, затоа што цело време зборуваме дека реформите треба да значат нешто, но овие реформи некаде 15 години се издвојуваат и никако да дојдат до граѓаните. Мене малку ме буни, ние се сложуваме дека овој Буџет е рестриктивен во однос на тоа што нема развојна компонента, една третина ќе одат за администрација, за плати, една третина ќе одат за социјални трансфери, една третина од Буџетот ќе оди за капитални инвестиции, или незнам како да гинаречеме, но малку ме збуни во делот каде што коментираше колегата, не кажа ништо околу безбедносната ситуација, привлеквуањето на странските инвестициии она што зборуваше за една, две, три фирми кои треба да добијат бенифиција околу делот на цената на електричната енергија. Дали мислеше дека овие 5 центи, условно кажано државата треба да ги платат со бенифиција 1,8 центи или 2,1 центи, незнам на која фирма мислеше. Дали мислеше на Макстил дека државата треба

да партиципира да му ги плати, или да ја зголеми енергијата, да се изедначи. Незнам, не беше доволно јасен колегата.

Во однос на тоа што зборуваше за извозната компонента ние како држава каде сме фокусирани. Не кажа колегата дека ние од 24 гранки кои постојат во индустријата имаме пад на производството некаде во 18. Ако земеме тоа некаде 50% извозот е во металургијата. И ако земеме дека имаме пад континуирано зависно од месец од 35 до 40% и ако таму некаде 50% е извозната компонента во металургијата како ние ќе имаме пораст. Каде го гледа порастот, каде е перспективата. Сега ние тука дали ќе се сложиме или не, како ние ќе стимлираме извоз, како вие би ги стимулирале, што би извезувале ние како Македонија, дали тутун, земјоделски производи, или ние би ги дестемулирале, затоа што стручњаците кажуваат и една филозофија и друга филозофија во однос на реалниот курс на денарот. Многумина велат да биде флуктуирачки курсот на денарот, но и да е стабилен, затоа што и едната работа и другата носи свои позитиви и негативи. Ако ние и одиме на флуктуирачки курс на денарот знаеме што ќе ни се случи. Во однос на она што како предлог оди валутниот борд што се предлага, не дали некој ќе се смее, валутниот борд се предалга за да има една сигурност. Македонија не е сигурна земја и додека Македонија не биде сигурна земја нема да очекуваме дека може некој да дојде да инвестира во Република Македонија. Кога ќе биде валутниот борд тогаш ќе ја гарантира безбедноста накапиталот и на странскиот и на домашниот. Затоа се предлага валутниот борд, не од други причини.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Најдовски имате минута, ќе ја искористите ли?

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Објаснувањето за валутен борд дека со тоа ќе ја стекнеме довербата во државата, не постои држава барем досега во теоријата и во праксата која што со валутен борд стекнала доверба во меѓународни размери.

Инаку, околу вториот дел што зборувавте дека зборуваме постојано за реформи, граѓаните никао да видат, г-дине Даневски, не сакам никогаш директно, но вие многу повеќе од мене сте биле на власт, во партија што ја подржува власт, 6-7 години, па можеби од тоа граѓаните виделе аир.

Трета работа, она што ајс го зборував, зборував за микро-аспект на економијата, она што вие прашувате, а најмалку мислев на Макстил во однос на прашањето на електричната енергија заради тоа што ова што јас го коментирам беше искажана мисла или идеа на г-динот Груевски од вчера. За кого тој лобирал незнам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Кедев, три минути реплика.

САШКО КЕДЕВ:

Му благодарам на г-динот Најдовски за доста екстензивното и детално образложение за акцизите и патот на тутунот и на цигарите, меѓутоа мојата интенција беше државата да има поголем прилив на акцизни средства од цигарите, а не да бидат на терет на тутунопроизводителите.

Ако Република Македонија ја практицира правната држава треба да се справи со шверцот на цигари. Тука нема ништо лошо во тоа и не треба да го прифатиме шверцот на цигари како нешто неминовно.

Второ, до мојот долгогодишен пријател и пациент - претседателот на Собранието една добронамерна, пријателска или лекарска порака да се залага за спроведување на законот за пушење во Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ќе те разочарам не сум ваш пацинет на друг лекар сум пациент.

Повелете г-дине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Тука г-дине Кедев не се разбираме, но за жал тоа е така. Не значи дека зголемувањето на одредена давачка секогаш дава и позитивни ефекти во Буџетот. Така да, не значи дека зголемвуањето на акцизата ќе има позитивни ефекти во Буџетот, а тоа е тесно поврзано, иако вие сакате да кажете дека за тутунопроизводителите се грижите, но тесно е поврзано со домашното производство на домашната цигара. Ако е јасно, јасно е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Матоши имате збор, а потоа е г-динот Ѓорѓе Паљошковски.

РУЖДИ МАТОШИ:

Благодарам, господине претседателе,

Република Македонија била и е и ќе сотане мултиетничко општество, меѓутоа меѓутоа уобичаено кога треба да функционира државата на мултиетнички начин се појавуваат кризи. Еден од сегментите кои што се најзначајни при функционирањето на правната држава е Буџетот. Не може да се говори за распределба на власта или за палошеринг ако не се анализира начинот како да се распредели Буџетот. Мислам и говорам за партнерите во коалицијата кои ја составуваат коалицијата.

Многу фактори говорат за Македонија како што е Европската унија, НАТО каде што ние треба да станеме членка дека Република Македонија треба да биде мултиетничка држава. Значи и Буџетот треба да ја има таа примеса или да го има овој карактер. Значи Буџетот исто така треба да биде мултиетнички.

Доколку сакаме да имаме сериозен преглед и опис на Буџетот каде што треба да се анализираат основните, главнит екомпоненти на истиот, тоа значи буџетските расходи, буџетските приходи и даночните политики, Буџетот е несериозен затоа што е изготвен на непрофесионален начин. Не е предаден извештај за тоа што е основа за концепирање на Буџетот, како и приходит еи расходите на аналитички начин. Значи не се разјаснува на аналитички начин за тоа кој раздел од Буџетот како од страна на приходите така и од страна на расходите. Тука имам желба да поставам едно прашање до минситерот за тоа колку албанците се корисници на Буџетот, дали се 20%, 25 или не. Би сакал детално да ни објасни колку проценти албанци го искористуваат Буџетот, секој раздел од Буџетот. Често пати се констатира од разни луѓе дека албанците не плаќаат даноци, меѓутоа врз основа на нашите пресметки само Тетово уплаќа 10% од ДДВ каконајсериозна компонента која што го полни Буџетот. Значи 10% уплаќа Тетово, 90% плаќа цела Македонија.

Додека вие не сте направиле таква анализа, јас сум се обидел на аналитички начин да ги објаснам дефектите на концепирањето на Буџетот во споредба со другите држави во транзиција, како и моите сугестии за тоа дали ќе се почитуваат илине, дали ќе се земат предвид или не, тоа е ваша работа, меѓутоа ова се работите.

Во структурата на буџетските расходи доминантен удел имаат недискретните трошоци и расходи кои што се околу 90%, и многу мал простор останува за дискретни расходи и за капитални расходи. Само недискретните расходи се движат околу 89% од кои трансферите заземаат поголем дел, околу 40%, надоместоците 39%, потоа следат расходи за стоки и услуги 12%, каматните уплати 9%. Значи во споредба со разделот на плати и позајмици Република Македонија има големо учество во структурата на расходите, општите расходи во централниот Буџет.

Истото во споредба со другите држави во транзиција има поголемо учество од вкупниот број на буџетски корисници во Република Македонија иако од страна на министерот се кажува дека е 70.000, реално е околу 100-тина илјади и претставува голема цифра во споредба со другите држави во транзиција. Од ова произлегува учеството на платите околу 30% во споредба со вкупните расходи на централниот буџет, што е резултат на преголемата наследена превработеност на државната администрација. Тука би застанал малку.

Кај правичното застапување токму во администрацијата каде и од страна на министерот за финансии е констатирано дека албанците се застапени со 13,8% во јавната администрација, државната администрација што не е вистина. Доколку 70 иљади, колку што ги има во јавната администрација во Република Македонија, доколку албанци се 9 иљади и нешто, другиот дел се други. Доколку на оваа цифра ги тргнеме настрана вработените во основното образование албанците ќе бидат со 7% помалку. Овде на неправичен начин се тргнати јавните претпријатија, фондовите на Електростопанство, Поштата, железниците кои што имаат над 30 иљади вработени, а Владата е основач на истите. Тогаш процентот на албанците паѓа на 5,7%. Значи од стотина иљади кои што добиваат плати од Буџетот албанците добиваат само 6 иљади. Доколку од Буџетот имаме 300 милијони евра расходи за плати и надоместоци албанците добиваат само 15 милијони евра, каде преостануваат уште 60 милиони евра врз основа на процентот што би требало да се албанци. Значи, тоа е една сума што албанците ја плаќаат како даноци, додека другите добиваат плати.

Истовремено неправично е и одвојувањето на овие јавни претпријатија, фондовите, ЕСМ, Пошта, Железница.

Сега Владата на неправичен начин прави двоење на овие претпријатија за да се ослободи од една обврска која ја имала порано, значи правичното застапување во воие претрпијатија. До колку овие претпријатија ги опфати фазата на приватизација, веќе нема да се дискутира за правичното застапување во овие претпријатија, ќе се наследи еден голем број на вработени во овие претпријатија , а процентот на албанците ќе биде многу симболичен. Се разбира до колку овие се приватизираат со овој процент, во континуитет ќе се продолжи да се работи со овие проценти, од причина што Владата веќе нема да има обврска да врши правична застапеност во овие претпријатија.

Поради овие причини Владата на Република Македонија во соработка со Светската банка и ММФ треба да подготви стратегија за реформата на јавната администрација, со цел да се создаде реална основа за наламување на расходите и промена на неповолната ситуација на буџетот. Во еден среднорочен период, поделбата на основните средства треба да создаде услови за корекција на масата на платите како значаен предуслов за созавање на професионална и ефикасна администрација. Меѓутоа, при секоја реформа на администрацијата треба да се има предвид социјалниот карактер, а не како до сега безобзирно да се исфрлаат луѓето на улица.

Значаен удел во буџетот имаат трансферите кои учествуваат со 40%. Инаку економијата минува низ структурни промени кои резултираат со пад на производството, со огромни трошоци, со зголемување на невработеноста и како резулатат на тоа со

зголемување на трансферите. Гледано од структурен аспект, расходите од Фондот за ПИОМ достигнуваат ниво од 31%, Бирото за вработување 20,7%, социјалните програми 18,4% потоа следат реформите во јавната администрација односно структурните реформи.

Трошоците за стоки и услуги од прилика се 12%, што е под просечното ниво на другите земји во транзиција.

Тргнувајќи од промените, како кај нас, така и во другите земји во транзиција, како што е Чешка 6%, Хрватска 22,4%, Словенија 17,62%, може слободно да се констатира дека овие расходи го имаат понесено главниот товар на фискалната консолидација и на буџетските расходи.

Исплатата на каматите во структурните и буџетските расходи просечно учествуваат со 6,4%, додека во однос на домашниот бруто производ се околу 1,7%, што претставува низок степен на буџетско оптоварување . Во споредба со другите земји во транзиција, оваа стапка е некаде просечна стапка.

Капиталните расходи во масата на буџетските расходи претставуваат најзначајна компонентна на долгорочниот економски развој зароа што финансиските средства се вложуваат во нови јавни инвестиции, изградба на капитални објекти и модернизација на опремата. Наспроти вредноста која ја има во изминатиот период, ова беше многу ниско, што значи суспензија на развојниот елемент на буџетот. Тоа е само 1,9% од бруто националниот производ.

Засновајќи се врз горе наведените факти кои говорат за лошата структура на буџетските расходи, како и за значењето на развојниот карактер на фискалната политика, како стратегија, тоа треба да биде реконпонирање на структурата на јавните расходи, во правец на зголемување на тие расходи. Тие треба да бидат дискретни и без последици за општеството. Мислам дека нема капацитет за подобрување на оваа структура, имајќи ја предвид несериозноста на овој буџет и лошото негово конципирање. Не гледаме никаква новост во конципирањето на буџетот, туку едноставно повторување на истото.

Кога се говори за приходите во буџетот и за даночната политика, ние сме сведоци на радикални измени на ДДВ, што влијае врз прехрамбената индустрија и ја зголемува сиромаштијата, додека пак од друга страна немаме зголемување на буџетски приходи. Нема такво зголемување поради нелојалната конкуренција. Над 60% фунционира сивата економија, не се плаќаат даноци, не се плаќа царина, што значи дека криминалот кулуминира. Тоа е потврдено и во извештаите на меѓународните комисии.

Како заклучок, би сакал уште еднаш на министерот да му го псотавам истото прашање. Колку албанците се корисници на буџетот? Значи како пратеник барам еден извештај во однос на оваа работа, од страна на министерот.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Матоши.

Повелете, министерот за финансии г-динот Поповски, има реплика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема долго да зборувам, само да кажам дека некои од податоците кои г-динот Матоши ги соопшти, за тоа каде се собираат, каде се трошат, даноците итн. беа прилично паушални и не се точни. Нема да образлагам, бидејќи ќе ни одземе многу време. И уште нешто сакам да додадам.

Забележувам една тенденција, дури и од пратеник албанец, дури и за тие резултати што се постигнати во рамки на уставните амандмани, да се направи обид на некој начин да се девалвираат. Како некаков вид на самоказнување. Не знам зошто е тоа потребно. Едноставно, таму каде што има резултати постигнато, подобри или полоши, меѓутоа резултати, нема потреба, па дури особено и од пратениците албанци да се девалвираат на таков начин, кои се евидентни, или пак да се обидат со некакви математички драбулози да се докаже дека не се такви. Од тоа нема никаква потреба, освен ако е политичка потребата, да се обиде да се докаже дека нивниот коалиционен партнер ДУИ, индиректно сега преку буџетот или преку вработените, ништо не направил. Нема потреба. Резултатите каде што се, не треба да се омаловажуваат.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине министре.

Повелете г-дине Матоши имате контра реплика една минута.

РИЖДИ МАТОШИ:

Јас внимателно го слушав г-динот министер и ве молам г-дине министер конкретно да му кажете на пратеникот каде се тие постигнати успеси. Вистина е дека единствена наука која е точна е математиката, од причина што таму се во прашање бројки и бројките означуваат резултати.

Јас го бранам ставот дека 13,8% правично застапување на албанците, не е вистина. Тоа е камуфлажа која ја врши Владата, камуфлажа која ја претставувате пред

меѓународниот фактор. Математичките бројки не покажуваат дека застапеноста на албанците не е 13,8% во органите на системот. Земете, видете ги добро тие бројки и ќе се уверите.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

За збор се има јавено г-динот Пaљошковски Ѓорѓе.

Повелете г-дине Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри.

Изминатата 2004 година во Република Македонија на економски и развоен план може да се оцени како негативен, со оглед на фактот што државата водеше лоша економска политика во поглед на економскиот прогрес на земјата, а посебно во делот на растот на индустриското производство, влезот на странските инвестиции во земјата, развојот на земјоделството.

Минатата година кога предлог буџетот беше во собраниска процедура, сугериравме дека со таквиот буџет не е можно Република Македонија да се развива на економски план, бидејќи сегментите кои претставуваат основа за градење на квалитетна развојна политика, беа маргинализирани и немаа развојна компонента.

Денес кога повторно пред нас се наоѓа предлог буџетот за 2005 година, можеме повторно да го оцениме истото. И покрај декларираните заложби и промовирање на економска стабилизација на државата, не постои развојна перспектива и компонента во самиот буџет што директно влијае врз економската стабилност и развој.

Во ова мое излагање конкретно би се задржал на распределените финансиски средства во буџетот на Република Македонија односно за средствата во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Имено на сите нас ни е добро позната состојбата на македонскиот земјоделец. Често овој проблем е истакнуван во јавноста, бидејќи проблемите на земјоделците се болната точка на македонската економија. Во тој правец би сакал да укажам на неколку работи.

Прво, ги слушнавме заложбите на новиот претседател на Владата, за економската стабилизација во земјата и влезот во ЕУ. Навистина не е јасно како новата Влада планира економска стабилизација на земјата кога самиот буџет не го овозможува тоа. Буџетот нема развојна компонента и е во спротивност со декларираните заложби на економскиот прогрес на земјата. Посебно тоа е изразено во правец на развој на земјоделството. Можеме да констатираме дека буџетот не содејствува со реалните потреби на земјоделието, посебно не за неговиот развој и улога во државата. Би сакал да

укажам дека земјоделието има суштинска улога во развојот на севкупното производство во земјата.

Дефинираните активности и програми на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство не се доволни за нивна реализација, посебно ако се земе предвид фактот за учеството на земјоделието во бруто домашниот производ на државата. Во планираниот буџет за 2005 година околу 2,5% се предвидени за сегментот земјоделие, шумарство и водостопанство.

Сметам дека за реализација на програмите на Министерството односно за директната подршка на примарните производители и за капиталните инвестиции, потребни се дополнителни средства, со оглед на важноста од квалитетна реализација и финализирање на тие програми.

Исто така мошне битно е да се укаже нешто во поглед на болестите кои го загрозуваат сточниот фонд во Република Македонија . Потребни се дополнителни средства. Имено сериозноста на оваа појава која во текот на 2004 година сериозно ги загрози животните и егзистенцијата на земјоделците, потребно е потемелно да се испитаат причините од настанувањето на ваквите проблеми и секако соодветната интервенција за заштита на истите. Сметам дека е потребно, како држава, посериозно да се пристапи кон овие проблеми кои во останатите држави претставуваат приоритетна дејност и тоа преку соодветна вакцинација на животните, нивна анализа и дијагностичко испитување, како и потребата од надоместок на земјоделците за загрозениот и изумрениот добиток. Доколку Република Македонија се залага за квалитетна земјоделска политика, потребно е по темелно да се анализираат слабостите на кои укажав односно финансискиот дефицит во сегментот на земјоделието.

Изминатите две години македонското земјоделие перманентно се уништува. Еве, оваа година во месец јуни, со одлука на Владата беше планирано пченицата да се откупи по 10,5 денари и плус 0,5 денари за превоз. Од тогаш поминаа 6 месеци, одлуката на Владата не заживеа. Напротив пченицата не се откупи и уште стои во амбарите на земјоделските производители. Едноставно речено земјоделците повторно беа излажани. Не може да се развива земјоделие со такви манипулации. Ако веќе создаваме развојна земјоделска политика, потребно е да се раководиме од точките кои претставуваат основа за развој на земјоделието и тоа не само во периодот на 2005 година, туку и во наредната декада. Имено Република Македонија треба да се сконцентрира на потенцијалните приоритети и ресурси, задоволување на домашната побарувачка со земјоделски производи, зголемување на извозот на земјоделските производи, позитивна социјална положба на македонскиот земјоделец како и приближување до развојните текови во

развиените земји, посебно со земјите членки на ЕУ кон која се стремиме и ние како држава.

Земјоделието во Република Македонија мора да биде засновано врз квлаитетни критериуми за зголемување на земјоделското производство, зголемување на квалитетот на земјоделските производи и нивниот пласман, негување на земјоделските култури за кои како подрачје имаме предност за одледување, обезбедување на позитивна конкуретност, развој на земјоделските подрачја и подобрување на егзистенционалниот статус на земјоделието. Република Македонија има потенцијал да го развие земјоделството. Мораме да ги сконцентрираме нашите национални сили, да го развиеме земјоделието и да обезбедиме развој на руралните подрачја. Како држава мораме аграрнат аполитика да ја подгнеме на високо ниво, бидејќи само преку земјоделието можеме да бидеме конкурентни на пазарите. Ние немаме друга развиена индустрија. Само преку оваа гранка можеме да се развиваме како земја. Сите знаеме дека во развиените земји земјоделието е основниот сегмент за обезбедување на економскиот и животниот стандард на населението. Затоа, конечно мораме да кажеме, државата да свати дека треба сериозно да се зафатиме со реформи во земјоделието и тоа преку негова модернизација, државна подршка на производителите, пласман во другите земји, можностите за обезбедување на нови работни места. Земјоделието директно е пворзано и со егзистенцијата на селото. Селото во Република Македонија денес одумира. Зголемена е миграцијата село - град. Напуштени се родните огништа, а тоа посебно е тенденција во руралните подрачја каде населението се занимава со земјоделие.

До колку Република Македонија не изготви национална стратегија , до колку во буџетот на Република Македонија не се обезбедат потребни средства за неговиот развој не можеме да очекуваме дека ќе се подобри економската состојба во земјата. Ако немаме развиено земјоцделие не можеме да очекуваме дека во наредниот период ќе го оствариме нашите стратешки цели.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Коце Трајановски, имате збор, а потоа нека се подготви пратеникот Блаже Стојановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе,

Почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Еве, денес, и јас се јавив за збор по буџетот за 2005 година, кој е еден од најзначајните документи кои ги донесува Собранието на Република Македонија секоја година.

Денес сме 28 декември, значи само некоклу дена пред истекот на оваа година и на дневен ред е Буџетот. Сметам дека ова е еден вид притисок од страна на Владата, нормално, прифатен од парламентарното мнозинство. Ова не е прв пат вака, тоа е години наназад. Меѓутоа, мислам дека во претходната година донесовме заклучок барем следната година, значи кога ќе го разгледуваме Буџетот за 2005 година ќе постапиме процедурално малку поинаку. Имено, ќе почнеме буџетот да го разгледуваме малку порано.

Јас сум во Комисијата за одбрана и безбедност и таму барем на Комисијата пратениците и од позицијата и од опозицијата беа едногланси дека при донесувањето на Буџетот за 2004 година, кога ќе се донесува Буџетот за 2005 година, тогаш пратениците во Комисијата, а сметам и во другите комисии на Парламентот, ќе бидат вклучени уште при изготвувањето на буџетите во рамки на министерства, значи пред да се достават до Минситерството за финансии. Меѓутоа, тоа не се случи, се планираше тоа да биде можеби и некаде во средината на годината, можеби во септември, меѓутоа, во секој случај ние како пратеници да го имаме буџетот неколку месеци на располагање. Тоа беше заклучок на Комисијата за одбрана и безбедност, бидејќи тоа беа искуства и од други држави.

Во секој случај, Буџетот се донесе месец дена или 15 дена пред доаѓањето на наредната година. Меѓутоа, од тоа ништо не излезе, повторно помина набрзина, нетранспарентно и повторно во затворен круг на Владата, а пратениците како и секоја година и оваа година се доведуваат во состојба да има кратко време за разгледување, иако во поглед на закажување на седницата имавме 15 дена.

Што се однесува до Буџетот, во 2004 година имавме нов тип на буџет, значи буџет и анекс на Буџетот за разлика од буџетот за 2003 година. Сега, со буџетот за 2005 година имаме буџет по нова методологија и тоа е добро, сметам дека е во согласност со методологијата на европските држави заради компаративни споредби со земјите од Европската Унија. Но, ние како пратеници не можеме да направиме некоја поголема анализа врз основа на Буџетот за 2004 година. Тоа е еден фактор повеќе поради кој ни требаше можеби и повеќе време за да можеме да бидеме повеќе упатени во овој буџет. Инаку, добро е што буџетот се прави според оваа метода, имаме Владини програми, буџетски програми, но Владините програми се кратки. Добро е што ги има, но мислам

дека требаше да бидат малку подобро објаснети. Сметам дека бројките не се доволно објаснети, барем што се однесува до посебниот дел на Буџетот.

Исто така, во Буџетот гледано од техничка и естетска страна би требало да има растери на соодветните раздели или ставки и потставки со цел да не влечеме црти со ленири и слично, за да можеме да имаме подобра прегледност. Ова е како мала забелешка, што сметам дека во следната година може и да се исправи.

Исто така, се вели дека буџетот ќе функционира до половината на 2005 година, бидејќи тогаш ќе почнеда функционира децентрализацијата и голем дел од приходите ќе треба да преминат во локална самоуправа. Тоа го кажа самиот министер во експозето и можеби ќе треба да има и ребаланс на овој буџет.

Се прашувам дали можеше подобро и попрецизно да се предвиди тоа за да немаме ребаланс или со ребалансот да се направат некои минимални измени. Сега не е завршена 2004 година, се прави буџетот за 2005 година, што е нормално како што реков и претходно и сега и за 2004 година, предвидуваме некои проекти што треба да се остварат, предвидени уште кога е правен буџетот, како ќе заврши 2004 година и со кои предвидувања и да предвидиме за буџетот во 2005 година.

Сега да видиме што е предвидено и што е остварено од Буџетот за 2004 година. Бруто домашниот производ беше предвидено да биде 4%, се оствари 2,5 %. Индустристоко производство се предвидуваше од -1 до 0, изгледа така ќе биде завршено според предвидувањата на предлагачите на Буџетот. Инфлацијата беше предвидена со 2,8%, остварена 0. Извозот беше предвиден со 9,6% а остварен со 21%. Увозот 6,3%, остварен 17% и дефицит од 16,5% зголемен на 19,7%, а се предвидува дека ќе се надмине бројката од 1 милијарда денари. Ако погледнеме што е предвидено а што е остварено според сите индикатори во Буџетот за 2004 година, гледаме дека без исклучок скоро сите предвидувања се промашени.

Сега како можеме да веруваме за остварливоста на Буџетот за 2005 година ако за цела 2004 година се промашени овие индикатори и практично рековме дека 2004 година беше година на рецесија, што не би сакал да се повтори и во 2005 година. Мала е веројатноста во 2005 година да биде остварено ова што е предвидено со макроекономските показатели.

Значи, што е предвидено за 2005 година? Предвидено е бруто домашниот производ да биде 3,8% значи ништо помалку од тоа што беше планирано во 2004 година. Со оглед дека сме на долно ниво, ова би можело и да се оствари. Индустриското производство се предвидува да биде од 6 до 7%. Мислам дека е премногу високо во однос на тоа ако гледаме како е предвидено и остварено за 2004 година, меѓутоа, беше

кажано дека сето тоа ќе се должи на активирањето на некои стопански капацитети, кои во 2004 година делумно почнале да работат и затоа од минус дојдовме на 0. Меѓутоа, мислам дека сепак премногу смело предвидување е тоа. Би сакал да се оствари, меѓутоа, не верувам во остварувањето на толку висок процент на индустирско производство. Се предвидува инфлација од 1,5%, извоз 25%, увоз 15% и дефицит од 5,5% од бруто домашниот пороизвод. Тоа се предвидувањата за 2005 година и пак ќе повторам се сомневам дека ќе бидат остварени со оглед на тоа што неколку години наназад, а можеби и повеќе, предвиденото не се остварува.

Ако го погледнеме буџетот за 2004 година, ќе видиме дека во структурата во Буџетот, во структурата на приходите главо место зазема ДДВ 38,5%, потоа следуваат акцизите со 16.5% и данокот на добивка со 4%, а персоналниот данок на доход 12%. Ако погледнеме на старната на расходите, ќе видиме дека 27% се за социјална заштита, 14% за образовнаие, 9% за одбрана, 9,5% за Министерството за внатрешни работи и 27% за другите министерства, и 7% за други државни институции.

Гледајќи го вака буџетот, можеме да констатираме, а тоа го кажаа и колегите кои зборуваа пред мене дека нема развојна компонента, нема жар за напредок во овој буџет и се предвидува еден спор економски пораст. Затоа сметаме дека нема да има ниту добри реформи како што се најавуваат и едноставно економистите велат дека овој буџет е ист како претходниот, дека е технички и интертен буџет. Ова е накратко општо за буџетот.

Ако го погледнеме посебниот дел, како прва ставка во посебниот дел ќе ја видиме ставката расходи за претседателот на државата. Јас дискутирав и при донесувањето на Буџетот за 2004 година и сега пак ќе повторам, со оглед на тоа што состојбата е иста, во буџетот за 2003 година беа предвидени 51.974.000 денари односно беше намален буџетот на претседателот на државата за 20% бидејќи во Буџетот за 2002 година беа предвидени 64.417.000 денари. Истото се повтори и со буџетот за 2004 година, од прилика иста бројка, 51 милион денари. Меѓутоа, доаѓаме до буџетот за 2005 година, друг е претседателот, за жал, ни почина претседателот Борис Трајковски и сега има претседател од владеачката партија и веднаш Буџетот се зголемува за 20%, значи се враќа на нивото од 2002 година. Малку се смешно, беше навистина и крајно несериозно, бидејќи сепак изгледа буџетот се прави од нас за нас. Значи, не се гледа функцијата, туку се гледа личноста за која се прави овој буџет. Земете ги стенографските белешки од моите дискусии, истото го дискутирав при донесувањето на буџетот за 2004 година. Меѓутоа, реалноста е таа. Сега, дали вака проектираниот буџет за 2005 година за претседателот е добар? Сметам дека е добро што се врати таа вредност, меѓутоа, мојата

дискусија е дека не требаше да се намали буџетот за 2003 и 2004 година. Мислам дека сепак ароганцијата беше премногу голема, тоа се случи, но вистината е сурова и таа кога ќе дојде навистина е немилосрдна. Се покажа дека навистина буџетот, барем во овој дел, е субјективно правен. Значи уште едно промашување во однос на 2004 година.

Следната работа што сакам да ја потенцирам се однесува на капиталните средства. Знаеме дека во овој буџет и за 2003 година, и сега за 2004 година огромни капитални средства останаа неискористени. Знаејќи дека овие капитални средства се главниот двигател и инвеститор во една држава, бидејќи сепак државата е еден од најважните инвеститори, сметам дека изостанаа инвестициите во Република Македонија. Тоа е развојната компонента на овој буџет. Сега се предвидува, поучени од претходната година, трошење на овие средства, иако е необјасниво зошто овие средства останаа непотрошени во министерствата и затоа се предвидува со 1 од Законите што се донесуваат после буџетот до 1 јуни да се потрошат 30% од средствата, се со цел средствата да не останат за трошење во последниот квартал или пак воопшто да бидат непотрошени. Добро е тоа што се предвидува, меѓутоа, да видиме дали ќе се оствари и ова, како што се оствarija и предвидувањата во Буџетот за 2004 година.

Уште 1 аспект сакам да потенцирам кој е еден од главните предуслови за стабилен економски развој, а тоа е безбедносната состојба. Сега, дискутирам малку и како член на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Македонија. Значи еден од предусловите за стабилен економски развој и за привлекување на странски инвестиции, за вложување на домашните инвеститори и нормално за севкупната состојба е стабилна безбедносна состојба. Дали кај нас е така? Сигурно дека не е, тоа го знаат сите.

Случајот Кондово на највулгарен начин ни покажа дека безбедносната состојба во Република Македонија воопшто не е стабилна или може да биде нестабилна. Реков може да биде. Значи само на неколку километри од главниот град Скопје, од самиот центар на главниот град вооружени групи, поголем број или недефиниран број, вооружени со оружје што навистина е забрането, можеби и со тешко наоружување како што имавме можност во весниците да читаме, ја нарушуват безбедноста на Република Македонија. И сето тоа се случуваше пред референдумот, кога почнаа тие активности. Тоа беше како некоја закана ако референдумот успее. Меѓутоа, референдумот не успеа, а сепак Кондово ескалираше. Полицијата молчеше,Владата исто така, претседателто кој исто така има обврска како врховен командант молчеше, за да на крајот со политички средства на лидери на две политички партии од албанскиот блок да ја разрешат таа ситуација. Мислам дека тоа не беше најдобро решение, меѓутоа, кога веќе дојде до таква состојба,

можеби е и некое решение, бидејќи тие кои што го вознемируваа Скопје и Република Македонија си заминаа мирно на Косово или во другите делови на Македонија. Сметам дека со тоа ние како држава дадовме многу лоша порака и до граѓаните и до светот и до меѓународните организации дека кај нас може секој, во секое време, било каде да предизвика криза и после тоа велиме зошто не ни доаѓаат инвеститори. Ова го знае цел свет дека тоа е така. Значи ние мораме да направивме ризикот од безбедносен аспект да биде сведен на минимум или воопшто да не постои. Да не ги спомнувам кризните региони од војната од 2001 година, и Кумановско-Липковскиот и Скопскиот регион, каде сеуште нема според мене слободно движење во секое време.

Ќе заклучам по основ на ова дека безбедносната состојба мора да се реши.

Што се однесува за Буџетот за Министерството за одбрана, бидејќи на Комисијата за безбедност и одбрана не присуствуваше претставникот од Министерството за внатрешни работи, малку зачудувачки прашав што ќе биде со воените авиони на Министерството за одбрана, дали ќе се продадат како што имаше најавување и дали ќе се одржуваат додека не се продадат, додека не се види што ќе се прави. Одговорот беше дека ниту ќе се продадат ниту се предвидени средства за нивно одржување. За мене беше малку чудно. Сепак, тоа е голем капитал за Република Македонија, а така небрежно да се остави,  бидејќи сепак тие авиони, тие летала имаат редовно одржување и тие бараат средства, сметам дека не треба да бидат така оставени на забот да времето, туку би апелирал до министерот да се заангажира или да овозможи средства за да може и овие наши воени авиони да бидат одржувани во една мобилна состојба.

Исто така, на Комисијата не беше објаснето како во овој буџет не беа предвидени средства за Полициската академија, но сепак на општо задоволство од сите тоа се предвиде преку амандман од сите членови на  Комисијата. Значи пак да речам една несериозност или недоследност во поглед на изготвување на Буџетот. Во полициската академија има активни студенти, ученици кои треба да продолжат да работат и во оваа 2005 година или да запишат следна година есента 2005 година, а не се предвидени средства. Мислам дека тоа не е добро.

За земјоделието многу се говореше, па јас ќе гледам да бидам пократок. Многу помпезно се најавуваше дека за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство оделивме дополнителни 100 милиони денари. Мислам дека во вкупните средства овие 100 милиони денари, зависно од потребите на земјоделието, навистина се минорни. Тоа се 1,5 милиони евра и сметам дека вака проектираниот буџет воопшто нема да значи и развој на земјоделието, а знаеме дека една од основните гранки на која Република Македонија може да го достигне својот севкупен развој и каде што можеме

навистина да постигнеме резултати е токму земјоделието. Значи, од буџетот ќе нема поддршка за поттикнување на развојот на шумарството, лозарството, сточарството, рибарството. Во неколку години наназад имаме масовно уништување на живинарството, свињарството, сточарството, односно се намалува тој фонд. Големи фарми веќе не постојат, а државата воопшто не се погрижи да го сопре овој негативен тренд во земјоделството.

И затоа имаме увоз на огромни количини на пилешко, свинско, телешко со сомнителен квалитет, значи сведоци сме дека весниците и медиумите тоа масовно го објавуваа, а ние сепак како држава, како Република Македонија мислам дека и можеме и знаеме да го произведеме тоа што го увезуваме. Меѓутоа, треба поддршка од државата во овој момент, се додека оваа гранка не застане на свои нозе. Сметам дека може да биде едно од стратешките планови на Владата. Меѓутоа гледајќи според владините програми во земјоделието дадено е само преструктуирањето на водостопанските претпријатија и тоа само плати за отпремнини на луѓето кои што ќе останат без работа во постојните водостопански претпријатија на некој начин поттикнување да речам, на бркањето на овие вработени од овие претпријатија. Сметам дека можеше многу повеќе да се направи за земјоделието. Моите колеги многу дискутираа за земјоделието и дадоа многу добри предлози кои што навистина би требало според мене да се прифатат, бидејќи ако земеме дека, ние имаме само 2,5% од Буџетот за земјоделие, додека Словенија со ист број на жители и иста површина има 5% од Буџетот. Некој ќе рече, па добр треба од некаде да земеме, на пример од социјалата па да им дадеме на земјоделците. Меѓутоа јас мислам дека главната причина кај нас е тоа што ние немаме развој. Значи секогаш ние една иста колитичина ја прераспределуваме. И ако земеме од тој аспект дека толку се, а нема повеќе пари, навистина не можеме да земеме од социјалата па да дадеме на земјоделците. Меѓутоа Владата треба да направи ние да имаме што поголем извоз, значи што појако стопанство и да имаат повеќе пари во Буџетот и тогаш да можат да добиваат и овие стратешки гранки.

Исто така би проговорил неколку збора за судството. Значи, еден од главните проблеми на Република Македонија а тоа го посочуваат и Европската унија секогаш при нејзините изјави за Република Македонија дека главен проблем е судството. Значи, гледам дека во Буџетот се предвидуваат реформи во судството. Меѓутоа, јас би дискутирал за еден друг аспект. Значи, еве тие реформи да се направат, гледајќи од праксата како досега работиме, значи од кадровските решенија кои што во судството се даваат, особено лицата кои што се избираат овде преку Парламентот, ќе се види дека судството ние не да престанеме да го партизираме, бидејќи години наназад, значи без

рипање на периоди ќе го кажат: се партизираше судството. Сега се продолжува со иста, или многу појака жестина. Значи, се смени Јавниот обвинител, на еден навистина чуден начин се сменија сите членови на Републичкиот судски совет, на Уставен суд, последното беше Народен правобранител. Значи, човек кој што навистина има партиско обележје се стави за Народен правобранител на Република Македонија. И ние велиме дека правиме реформи во судството. Било какви реформи да направиме, било што да направиме, ако персоналните, или кадровските решенија не се соодветни, а особено се политички за судството каде што велиме дека треба да биде непартиско, треба да биде такво кое што нема да има влијание од никого, значи ние не можеме да очекуваме дека сме направиле реформи во судството, бидејќи сепак тоа е најмалку што зависи од нас за да ставиме луѓе кои што ќе одговараат на тоа судство, кои што се навистина неутрални. И затоа сметам дека во судството има голема исполитизираност. Сеуште имаме политички процеси, еве го случајот и со Раштански лозја. Ние неколку пати кажавме, сето ова мириса на еден политички процес. Времето тоа ќе го покаже. И затоа не верувам дека реформите во судството навистина сакаат да се направат. Сакаат да се направат само на хартија, само да се донесат закони, процедури и сл. Меѓутоа, сепак, ова парламентарно мнозинство, оваа Влада не сака да ги тргне рацете од  судството. Некој ќе каже и наназад ќе се враќа, меѓутоа ние треба да гледаме напред.

Околу даноците и акцизите, исто така беше многу говорено. Јас би го кажал своето чудење зошто се става и третата ставка од персоналниот  доход на вработените. Премиерот пред неколку дена беше во Охрид и една од главните забелешки на менаџерите на фирмите кои што ги посети беше многу јасно кажано, да се ослободат од што помалку давачки за вработените. Ние го правиме сосема спротивното. Значи, сега имаме предлог после овој закон да имаме уште една стапка од 24%. Значи постоеја 23, 27, 35 стапки, ги направивме на 15 и 18, значи ние драстично ги смаливме. Сега повторно се качува уште една стапка. Некој ќе каже, мали се средствата, значи за мал број на луѓе вработени бидејќи над 50, или над 60 илјади се што имаат примања. Меѓутоа, верувајте дека и тие што имаат толку примања сега им ги даваат на вработените на друг начин, а не онака законски како што треба. Мислам дека ќе има и обратен ефект од она што сака да се постигне, бидејќи знаејќи си ја нашата даночна дисциплина и да речам на фирмите нивната желба за да можат на секој начин да заштедат денар повеќе, тие влегуваат и во областа на данокот. Значи, за инвестициите зборував од аспект на безбедносната состојба. Би кажал дека покрај тоа влијаат и многу други состојби, пред се инвеститорите треба да веруваат и во нашиот судски систем. Меѓутоа, како што реков тој за жал не онаков каков што тие би сакале да биде.

Реформи во јавната администрација, одпуштање на околу 1000 вработени, бидејќи ќе се укинуваат значаен дел од органите на Јавната управа, или ќе бидат присоединети кон некои матични ресори. Меѓутоа, јас би го посочил проблемот дека покрај овие вработени кои што се легални, има голем број на вработени кои што се по договор на дело. И тоа е оној вентил во кој што владеачката партија своите партиски војници ги згрижува. Сметам дека, мислам не ми е дискусијата дека не треба да имаат тие вработување, меѓутоа ако веќе треба да имаат, тоа треба да биде навистина со едно трајно вработување, да се има увид во него, бидејќи сега не се знае ни увидот колку има по договор на дело што работат во министерствата и во јавните претпријатија.

Она што се однесува до Македонски железници исто така сметам дека тие средства кои што се издвоени, издвоени се за социјални пакети, или за придонеси за 900 вработени кои што треба да го напуштат Јавното претпријатие Македонски железници. Тоа се практично испратнини и социјални програми. Мислам дека најмалку требаше Македонски железници вака да заврши. И оној законот кој што го донесовме пред малку со тоа што се превземаат долговите од Македонски железници што ги превзема Владата. Сепак, имаше еден член кој вели: “доколку јавното претпријатие не ги исплаќа на време тие, ќе биде доведено под стечај, или ќе бидат присилно земени парите”. А знаеме во каква состојба е тоа. Сметам дека за Македонски железници навистина требаше да се направи една програма која што ќе значеше вистинско рестартирање на Македонските железници и застанување на здрави нозе. Мислам дека ова преку Буџетот не е тоа. И практично само се оди, сите реформи еве и во земјоделието како што реков оваа владина програма од водостопанските организации за испратнини за вработените е и во Македонски железници и во реформите за јавните установи. Значи се што се прави во реформите можеби има еден заклучок, смалувањето на бројот на вработените и давање на испратнини за нивно згрижување одреден период од неколку мессеци. Сметам дека тоа не е добро, бидејќи доколку луѓето ние ги пуштаме на улица, практично тие веќе не се на работа, треба во државата да има побарување на работа. А тоа побарување навистина е мало, или скоро никакво. Така што ние свесно и директно тие луѓе ги оставаме на улица. Значи, велиме дека ќе создаваме услови за фирмите да можат да заживеат и да можат овие луѓе да се вработат. И тоа е добро како стратегија. Меѓутоа, тоа премногу долго трае. Не се сеќавам, така беше и Буџетот за 2003 година прв пат кога го гледавме, значи и тогаш имаше во таа програма јасно кажано дека Владата ќе создава предуслови и ќе ги мотивира тие што немаат работа да бараат и да наоѓаат вработување. Меѓутоа, еве поминаа неколку години состојбата сеуште е подрастична.

Она што се однесува до невработени, значи и тука како и  во статистиката секогаш се оди ако е голем процентот на невработеноста, или во статистиката што имаше за индустриското производство, во тој случај Владата  тргнуваше кон нови методи на пресметка. Значи, не биле добри методите на пресметка и сега не е индустриското производство паднато 40% колку што кажува и по методи кои што наназад години го пресметува Заводот за статистика, туку се прави некоја нова метода и вели: не е 40, сега е 10%, или помалку. Сметам дека тоа е само купување на време. Значи, да не се исплашат граѓаните дека оваа состојба навистина е толку лоша колку што кажува Заводот за статистика, или Агенцијата за вработување. Исто така и при невработеноста. Значи, масовно бришење на вработени кои што беа во списоците на Заводот за вработување по различни основи. И сега привидно бројката се намалува. Меѓутоа фактички сепак тие луѓе се без работа, или работат нешто на црно, тоа е сивата економија кој што е  посебен проблем во Република Македонија. Меѓутоа, сакам да кажам дека не треба да се прибегнува кон нови методи на искажување на одредени проценти на невработеност, или индустриско производство се со цел тие да бидат пониски. Затоа мислам дека и овој Буџет трет по ред на оваа Влада не ветува нешто подобро во 2005 година, туку добро е според мене ако останеме на нивото од 2004 година, значи на ваква економска структура која што ја имаме и во 2004 година да биде и во 2005 година. Иако вака скриено посакувам да не е така како што говорам, туку напротив во 2005 да имаме навистина еден поголем економски развој со што на граѓаните ќе им се подобрат условите за живеење и ќе има поголемо вработување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот  Никола Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе.

Сакам два навода од дискусијата на колегата Трајановски да ги исправам.

Првиот навод е околу изработката на Буџетот на Министерството за одбрана. Навистина Буџетот на Министерството за одбрана беше разгледуван на Комисијата за одбрана каде се констатираше дека за прв пат се појавува таков изработен прегледен Буџет на Министерството за одбрана кој нуди потполна транспарентност и можност за контрола на трошењето на средствата во Министерството за одбрана. Тоа беше потврдено и за мене од најголемиот експерт кој го води буџетирањето во одбраната д-р Зоран Ивановски. И со тоа мислам колегата Коце Трајновски ќе се сложи. Дури беше искажана забелешката дека Буџетот во одбраната, изработката на Буџетот во одбраната треба да послужи како пример за изработка на буџетите во останатите министерства.

Исто така, употребата или неупотребата на авионите на Армијата на Република Македонија. Мислам дека господинот Трајановски како член на Комисијата за одбрана и безбедност треба да ги знае основните документи во кои е дефинирана политиката на Министерството за одбрана, односно на Република Македонија. Да го потсетам имаме стратегија за одбрана на Република Македонија, а се останатото е дефинирано во стратегискиот одбранбен преглед каде може точно да се види до 2007 година се што треба Република Македонија да направи за да ја постигне онаа цел за која сите се заложуваме.

И вториот навод кој сакам да го исправам е околу наводот што го изнесе почитуваниот колега, а се стекнува впечаток во јавноста дека во Буџетот не се предвидени средства за Полициската академија. Тоа не е вистина. Во Буџетот предвидени се средства за Полициската академија, но претставникот на Полициската академија на самата Комисија бараше зголемување на предвидениот износ во Буџетот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да му одговорам на мојот ценет колега дека на Комисијата, го имав впрочем Извештајот кој што го доби секој од пратениците во Собранието, не само на Комисијата дека ние како Комисија не сме биле вклучени од почетокот на изготвувањето на Буџетот, т.е. уште од неговото изготвување во рамки на Министерството за одбрана. Тоа го кажа впрочем и експертот.

За авионите, навистина јас таму децидно прашав, дали има средства за нивно одржување? И не можеа да ми одговорат.

За Буџетот за Полициската академија тука беше и директорот на Полициската академија, бидејќи немаше доволно средства. Без тие средства Полициската академија во 2005 година на есен не ќе можеа да се запишат во таа следна учебна година. Инаку, сметам на разбирање на сите пратеници од Комисијата и на предлагачот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Заради координација објавувам пауза до 18,15 часот.

Ги молам координаторите да се видиме во Охридска сала.

(Пауза од 18,00 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,11 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Има збор господин Блаже Стојановски.

Повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, господине министре,

Да не се случеше оваа расправа по буџетот на Република Македонија, тешко ќе дознаевме дека Македонија е толку социјална држава иако во членот 1 од Уставот стои дека Македонија е социјална држава. Иако во членот 32 од Уставот на Република Македонија стои дека постои правото на работа, дека слободата во изборот на вработувањето секому под еднакви услови му е достапна. Работни места нема, нема инвестиции, нема развој.

Македонија во изминатите 14 години имаше 18 Влади и 4 премиери, најновиот ни е петти. Министри за финансии имаше повеќе. Сите од нив проектираа буџети, во сите нивни образложенија имаше надеж дека ќе биде подобро наредната година. Но, ниедно експозе не беше толку големо како вчерашното. Иако слабостите на македонската економија се поголеми, а позитивни страни тешко се наоѓаат и секогаш позитивните страни се лоцирани на следниот начин: макроекономска стабилност, ценовна стабилност, стабилна валута, јавна потрошувачка под контрола, а сепак нема инвестиции, нема нови работни места, нема економски развој. Напротив компаниите водат битка за зачувување на постојните работни места, водат битка за зачувување на каква - таква ликвидност. Нивните менаџери мака мачат со обезбедување визи, кредитната поддршка не може да ја почувствуваат, а корупцијата и сивата економија станаа вообичаени работи.

Министерот за финансии вложил доста напор при пишувањето на експозето. Се обидел да ги лоцира проблемите на македонската економија. Како најсериозни се наведени:

Прво, невработеноста;

Второ, негативниот раст на бруто домашниот производ;

Трето, инфлацијата од 0%;

Четврто, ниското ниво на заштеди и инвестирање;

Петто, отсуство на поддршка од странски дирекни инвестиции;

Шесто, високо учество на трговскиот дефицит во бруто домашниот производ;

Не помали и помалку значајни проблеми претставуваат и незаконитостите во јавниот и приватниот сектор, коруптивните дејства, даночното затајување, квалитетот односно неквалитетот на образованието, здравствените услуги, неефикасноста на јавната администрација, техничко-технолошката заостанатост. Но, да одиме по ред.

Прво, невработеноста. Господине Поповски, вие сте министер од СДСМ, партијата која што доби доверба на 15 септември 2002 година заради конкретни ветувања. По еден вработен во секое семејство, борба против сиромаштијата. Владата на Република Македонија во првите 100 дена од своето формирање во соработка со домашни и меѓународни експерти ќе изработи национална стратегија за совладување на невработеноста и намалување на сиромаштијата. Ние имаме стратегија за боба против сиромаштијата. Овие ветувања беа пресудни за народот да ви го даде својот глас вам, а вие во вашето експозе сега по две години од вашите ветувања велите дека во однос на намалување на невработеноста не се постигнаа видни резултати. Не, господине министре, вие во однос на намалување на невработеноста не постигнавте никакви резултати, а ветувавте 200 илјади нови вработувања. Сега зборувате дека наредната година ќе се случел пресврт, но не објаснувате дека тоа нема да го направите со отворање на нови работни места туку со нов начин на евиденција на невработените. Едноставно од евиденцијата на невработени ќе се избришат оние кои не бараат активно работа. Ќе ги избришете од евиденција и оние кои не се пријавуваат редовно во Агенцијата за вработување, како и оние кои ќе ги префрлите во Фондот за здравствено осигурување утврдувајќи дека активно не бараат работа туку само здравствена заштита. На тој начин почнавате да ги намалувате невработените оваа година, така ќе продолжите идната година.

Од друга страна воопшто не спомнувате колкав е бројот на вработени во Република Македонија, колку од нив не земаат плата и по повеќе месеци. Не кажувате за бројот на вработени кои по различни основи се отпуштени во периодот од 2002 наваму. Вашите структурни реформи се сведоа на уништување на деловната активност на фирмите, на отпуштање на нивните вработени и продажба на нивниот имот. Сега најавувате продолжување на овие активности, но не ја информирате јавноста дека списокот на фирми кои имаа големи шанси да запрат со нивната дејност се проширува. Додека ги затворивте старите загубари се родија нови. Сега тие ќе ви бидат приоритет. Тоа значи нови отпуштања од работа, нови

расходи во буџетот, или како што се вели зголемување на социјалната компонента во буџетот. Кога на ова ќе се додадат т.н. реформи во јавната администрација кои се сведоа на отпуштање од работа на македонци за сметка на зголемување на бројот на вработените албанци лесно може да се заклучи што не очекува во наредната година. Затоа, кога министерот говори во 2005 година бројот на невработени ќе доживее позначајно намалување. Јас не му верувам.

Ангажирањето на договори за дело е посебна приказна. Досега имам доставени три пратенички прашања и до Владата и до Министерството за труд и социјална политика и до Државниот трудов инспекторат. Одговор до денес немам добиено, а прашањето беше многу едноставно, дали е законски ангажирањето на луѓе на овој начин. Факт е дека не е, но Владата не сака тоа да го признае, затоа што со признавањето ќе потврди дека свесно го крши законот. Од друга страна ќе мора да ги отпушти ангажираните партиски припадници во јавниот сектор, а тоа не е добро особено во пресрет на локалните избори. А, зборуваме за професионализација во јавната администрација, зборуваме за нејзина департизација, зборуваме за големи расходи во буџетот за плати и надоместоци на вработените во јавната администрација, зборуваме за реформи.

Почитувани пратеници, втор сериозен проблем на македонската економија е негативниот раст на бруто домашниот производ цитирам од она како што е наведено во експозето. Јас не можам да разберам како е можно да биде истовремено и раст и негативен. Овој проблем на македонската економија министерот можел многу едноставно да го нарече пад на бруто домашниот производ. И наместо да зборува за ублажување на негативниот раст на бруто домашниот производ, министерот можеше да зборува за намалување на падот на бруто домашниот производ, односно за ублажување на рецесијата во која што се наоѓа македонската економија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Стојановски ова баш е нелогично намалување на падот, значи зголемување.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Баш тоа е логично господине, намалување на падот значи раст во вакви околности. За жал.

Впрочем една од основните цели на економската политика на Владата за 2005 година е покрај намалувањето на невработеноста и на сиромаштијата забрзување и одржување на растот, и тоа остварување на реален раст на бруто

домашниот производ од 3,8%. Тоа треба да се оствари со засилена индустриска активност, а тоа, според Владата, треба да биде почетокот со работа на рудниците Тораница, Злетово и Саса како и реактивирањето на “Балкан стил”, “Бучим” и “Топилница” - Скопје.

Меѓутоа, овде не се совпаѓа нешто друго. Показател за успешноста на македонската економија секако дека е и добивката која што се очекува да ја остварат компаниите. Ако тоа се земе во предвид тогаш треба да не се занемарат и очекувањата на Владата за данокот што компаниите треба да го платат за остварената добивка во 2005 година, а тој според проекциите на Владата е помал дури за 14,7% во споредба со оваа година.

Значи, Владата очекува намалување на добивката на македонските компании за околу 15%. Ако е веќе јасно дека оваа година беше неуспешна за компаниите, а се предвидува уште помала успешност во наредната година, тогаш од каде може да се тврди дека ќе имаме интензивирана активност во сите економски сектори, особено што не се дава одговор за мерките кои ќе бидат преземени за справување со нелојалната конкуренција, за поевтинувањето на кредитите, за намалување на сивата економија, за поддршка на извозот.

Реактивирањето на одделни производствени капацитети не може само по себе да значи и успешна деловна активност. Потребни се и мерки за нивна деловна поддршка, за поддршка на производството. Кај нас компаниите кои вршат увоз на стоки и услуги се привилегирани во однос на производствените субјекти. Сеуште овие фирми се соочени со давачки за увоз на компонентите кои ги вградуваат во своите производи со што се поскапуваат финалните производи произведени во Република Македонија. А, увозниците кои увезуваат слични вакви производи се ослободени од овие давачки. Ова доведува до поттикнување на одливот на средства за увоз на производи, а со тоа и демотивирање на потенцијалните инвеститори за вложување на нивните средства во производствени капацитети. Ваквата ситуација доведува до тоа Република Македонија да се соочува со користење на лимитираните средства од страна на населението за увоз, претежно за прехранбени и трговски стоки.

Кога на ова ќе се додаде дека банкарски кредити насочени кон стопанството нема или се симболижни, дека каматите се многу високи и стопанството не може да ги издржи, дека странскиот капитал ја заобиколува Македонија поради проблемите со корупцијата, со владеењето на правото, со безбедносната состојба, неминовно се појавува дилемата, што поддржува Владата.

Дали таа воопшто има некаква стратегија која ќе обезбеди надеж за македонската економија или само желба за зголемување на бруто домашниот производ.

Господа пратеници, подолг период слушаме дека ниската инфлација претставува отежнувачки фактор за македонската економија. Во последно време и официјални претставници на Владата почнаа со поблаг тон да зборуваат за корекции на курсот на денарот со тоа што девалвацијата на денарот би се направила без влијание врз макроекономската стабилност. Единствена цел на девалвацијата требало да биде овозможување на издржан развој на македонското стопанство. Јас не знам колку овие ставови ги дели и министерот за финансии, меѓутоа овие се искажани од официјален потпретседател на Владата на Република Македонија. Јас се прашувам, на што е лоша последица девалвацијата ако не на непостоењето на промислена, квалитетна економска политика, а таа политика е одговорност на Владата на Република Македонија.

Постојано се соочуваме со краткорочни и долгорочни развојни стратегии кои што единствено имаат третман на научни трудови. Кај овие стратегии заедничко име тоа што како поминува времето стануваат се попесимистички. Основната улога на Владата е да влијае на креирањето на економскиот амбиент користејќи ги расположливите човечки, материјални и природни ресурси. Но, таков амбиент не само што не создаде туку директно влијаеше на постојниот економски амбиент.

Не сакам да ги набројувам сите примери на политички инструирани штрајкови по 2002 година. Преземањето на фирми од т.н. штрајкувачки одбори, полициски влијанија за промена на управувачките структури во фирмите, подржавување на веќе приватизирани фирми, притисоци од власта за уништување на деловната активност, нивно исцрпување и втурнување во стечајни постапки. Продажба на фирмите во стечај со директиви добиени директно од Министерството за економија, привилегираност на фирми блиски до владеачките партии при користењето на државни средства. Нестабилна безбедносна состојба, нерегулирани, исполнети со тензии, меѓуетнички односи. Овие и многу други работи кои што не ги кажав а влијаат на економскиот амбиент се една од основните причини македонските банки во странство да чуваат околу 500 милиони долари сума која е повеќе од 1/3 од буџетот на Република Македонија.

Банките избегнуваат да ги вложуваат слободните парични средства во ризични пласмани во фирми од македонското стопанство и по цена на помала заработувачка, но со помалку ризик тие парите ги чуваат во странство. Впрочем, и

во извештаите на Европската комисија јасно се утврдени состојбите на македонската екомија. Економскиот развој не задоволува, невработеноста е во пораст, голем трговски дефицит, колебливост на странските компании за инвестирање во Македонија, стагнирање на структурните реформи.

Лошата состојба во која се наоѓа македонската економија може да се согледа и од следното: ако се споредуваме со земјите на т.н. Западен Балкан во поглед на растот на бруто домашниот производ лесно се воочува дека ние сме убедливо последни. Така, ако се зема 2003 година Албанија има раст од 6%, Хрватска има постојан пораст од 5%, додека Србија и Црна Гора и Босна и Херцеговина имаат пораст од 3,5%. Во поглед на невработеноста единствено Босна и Херцеговина има поголема невработеност од нашва. Така, за разлика од нашава стапка на невработеност од околу 37% и онаа на Босна и Херцеговина од околу 40%, стапката на невработеност во Србија и Црна Гора е 30%, во Албанија 15%, а во Хрватска 14%.

Се надевам дека преку овие податоци видовте каде се наоѓа Република Македонија. Нови работни места нема да има без нови инвестиции и без економски пораст. Потпирањето на Владата врз инпровизации кои не се базираат на анализи се безцелни. Тоа се виде и од овие две неуспешни години од оваа власт. Поминаа две години во кои видовме дека оваа власт на СДСМ, ДУИ и ЛДП нема визија, нема јасен концепт за поттикнување на економскиот раст и реализација на структурни реформи. Зарем не ги слушнавте истите овие ветувања за оваа, 2004 година. Тогаш економскиот раст требаше да се обезбеди со 100 локации за градба, со реализација на проектот Бунарџик, со изградбата на деловни центри, со комбинирана гасна централа во Скопје, со обиколниот пат околу Скопје. Сега ги имаме истите ветувања, но го имаме истиот амбиент за инвестирање, ја имаме всушност истата безперспективност. Младите не можат да се надеваат на работни места, не можат да започнат свој живот, не можат да го решат станбеното прашање. Луѓето се плашат дали наредниот месец ќе го задржат работното место.

Земјоделството кое претставуваше значаен коректив на тешката социјална состојба на граѓаните на Република Македонија е доведено во безизлез. Вкупните буџетски средства кои се определени како расходи за земјоделието се 2% од вкупните буџетски расходи. Кога на ова ќе се додаде вкупната состојба во која што се наоѓа земјоделието, без заштитни цели, без можност за кредитирање, без никаква поддршка, јасно е дека односот на Владата кон оваа значајна гранка ќе се сведе на констатација на состојбите.

Во целата оваа состојба најдобро се вклопува синдикатот кој не само што не ја врши својата основна задача туку не може да излезе од зависноста од власта и од неговата полтронска позиција. Зборуваме за берба на трудот,м а не се прашуваме кој ги застапува и кој ги штити интересите на работниците. Исто како што постои конфузија и во заштитата на интересите на работодавачите.

Заради систе овие состојби во Република Македонија со овој начин на однесување на владеачката коалиција со дополнителните усложнувања кои ќе произлезат од локалните избори и децентрализацијата која треба да се случи наредната година, со непостоењето на контрола и законитост на делови од територијата на Република Македонија, со нерешени безбедносни и политички прашања, со ризиците кои произлегуваат од решавањето на статусот на Косово во наредната година, сигурен сум дека овој буџет ќе биде само уште една неисполнета желба на оваа власт. Затоа јас ќе гласам против.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Повелете господине Георгиевски, а потоа нека се подготви госпоѓа Ристана Лалчевска.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници,

На самиот почеток морам да кажам дека со големо внимание го слушав експозето на министерот за финансии, господинот Поповски, за буџетот на Република Македонија  и на самиот почеток можам да кажам дека не само што го слушав, туку и подоцна уште еднаш ги прочитав стенограмите затоа што навистина можам да кажам дека после неколку години за прв пат доаѓам до еден текст или до еден говор каде што некој претставник или политичар на Социјал демократскиот сојуз ни го задржува вниманието од едноставна причина затоа што со години не сме успеале да видиме еден сериозен приод на економските проблеми или пак сериозна замисла или обид да се решаваат економските проблеми.

Велам, сериозно експозе, затоа што во изминатите неколку години навистина гледаме дека кон ова прашање едноставно се приоѓа со игнорирање на проблемот. Ќе ве потсетам дека господинот Црвенковски на 15 септември 2002 година со петминутни говори, од кои една реченица имаше за економијата, победи и ги освои гласачите во Република Македонија, тогаш најверојатно на многу гласачи не им ни

беше потребна некоја економска елаборација, туку им беше доволна само една партиска кампања.

Подоцна дојде господинот Хари Костов кој, исто можам да кажам дека својата улога на премиер повеќе си ја сфати како министер за полиција, а не како човек определен на економијата и економски стручњак, иако токму очекувањата беа од него, а мораме да кажеме дека на извесен начин и последното експозе при избор на последната влада во поглед на економијата помина на сличен начин, каде што практично повеќе беше важна брзината по која би се изгласала владата, отколку да видиме што е тоа што размислува Владата за економијата.

Во таа насока, не знам во што е работата, дали премиерот и министерот за финансии си ги поделиле работите, меѓутоа во секој случај повеќе дискутанти се согласивме дека говорот, што беше даден од господинот Поповски е малку поопширен од она што се нарекува обично излагање за Буџетот на Република Македонија и се поклопува со една цела лепеза, со цела серија на моменти и проблеми што можеби повеќе одговараат на човек кој е одговорен за целата економија во Владата на Република Македонија. Со таа преземена задача, дали договорно или самостојно, господинот Поповски си зеде еден сериозен предизвик ако успее оваа програма, навистина да биде творец на некаква победа на актуелната влада, меѓутоа, ако пропадне овој проект, тогаш да биде прогласен и за главен виновник за пропаѓањето на овој концепт на економскиот приод на Владата на СДС, меѓутоа и на другите коалициони партнери што учествуваат во оваа влада.

Во секој случај, повторно ќе кажам дека после многу години прв пат пред нас имаме едно сериозно експозе каде што гледаме дека некој политичар од СДСМ се труди да даде свое видување и визија каде ќе се движи економијата во Република Македонија. Тоа е за обидот и овој комплимент е за, навистина, прв пат соочувањето дека на проблемот му се приоаѓа сериозно.

Сега веднаш да тргнам со мојата оценка зошто оваа визија и овие идеи што се дадени со ова експозе, прво ќе бидат разочарувачки за македонската јавност, а второ, и она што е дадено, според мене, како некаква реалистичка, меѓутоа песимистичка варијанта нема да биде доведена до крај.

Прво, кога би успеало ова експозе, односно во сите негови аргументи, ние, на крајот на идната година, односно во ова време некаде идната година не можеме со ништо друго да излеземе пред граѓаните и со никаква друга констатација дека ја поминале, практично, истата година во се како што ја поминале 2004 година. Значи, на самиот старт го прифаќам реалниот приод на Буџетот и на сите други економски

параметри за кои говореше господинот Поповски, меѓутоа мислам дека сите се согласивме во едно, а мислам и самата влада не го крие тој факт дека со овој буџет нема развој во Република Македонија, дека повеќе се посветува внимание на социјалниот дел и на платите на државната администрација, а за тоа ќе проговорам малку подоцна дали и оваа песимистичка варијанта ќе биде остварена на овој начин, меѓутоа во основа ако треба како влада нешто да им се понуди на граѓаните и тие да живеат со некој елан во цела 2005 година, посебно сега со пречекот на Новата година, и Божик кој иде и да си посакуваат нешто добро во идната 2005 година, тоа за жал, оваа влада во старт им го оневозможува и во старт им вели - дури и ако биде најдобро, 2005 година ќе биде иста како и 2004 година. Во старт им вели дека од развојот нема ништо во Република Македонија.

Ако буџетот е огледало на она што треба да се случува во економијата во 2005 година, гледаме дека повторно ќе немаме инвестиции, повторно ќе немаме нови фабрики, повторно ќе немаме нови проекти, затоа што ако тоа оваа Влада го има како визија, тоа ќе влезеше во овој Буџет и ние ќе го читавме преку зголемувањето на приходите или преку некои други стапки.

Значи, од сето тоа, за жал, во овој буџет, во ова експозе нема ништо.

Повторно сакам да потенцирам дека пред нас има уште една година на, таканаречено штедење, во кое многу пати до сега поставувам прашање, СДСМ веќе излегува трета година по ред со година на штедење, со буџет на штедење, а кога ќе ги погледнеме соодветните мерки, ќе видиме колку се загуби со несоодветни мерки и ненавремени мерки што се направени во Република Македонија, односно параметрите дали сме заштедиле или не сме заштедиле, гледаме во надворешниот долг кој за две години, односно од 15-ти наваму веќе е зголемен за скоро 400 милиони долари, а нешто посебно во развојот на Република Македонија ниту гледаме ниту пак како општ развој на државата гледаме.

Навистина ми е жал што и покрај тоа што министерот за финансии е многу реалистичен и во Предлогот на буџетот и во неговото експозе, денеска не можеме со ништо да ги зарадуваме граѓаните за Новата 2005 година, освен да им ја пренесеме пораката од новата влада ако биде и најдобро во идната година, тоа ќе биде исто како што е во 2004 година, што е зад нас, а мислам дека ќе се согласат многу од граѓаните дека не живееја многу среќно во 2004 година.

Во таа насока, тоа што сакам да не биде сватено како песимизам туку како реализам, иако во суштина е песимистичка проценка е дека, за жал и ова песимистичко сценарио нема да се оствари. За жал дека и овој песимистички буџет и

овие дополнителни макроекономски елементи што ни се дадени во говорот на господинот Поповски нема да бидат реализирани и дека 2005 година граѓаните на Република Македонија ќе гледат уште неколку ребаланси на Буџетот, на полошо. Тука не мислам на оној ребаланс со кој што треба да се децентрализира дел од Буџетот кон локалната власт, туку мислам на сериозни ребаланси каде што повторно ќе се удри по кастрење на овој буџет и можам да кажам дека не само што не предвидувам дека овој буџет ќе биде реализиран, и покрај тоа што е направен навистина на еден реалистички начин, туку ќе бидеме сведоци и на нови кастрења на Буџетот и на нови намалување на она што значи минамална развојна компонента на Буџетот на Република Македонија.

Зошто тој песимизам? Тој песимизам го градам врз основа на една реална ситуација што поаѓа од првата страна на поделениот Предлог на буџет, каде што Министерството за финансии почнува од 2004 година и ни го кажува податокот дека процентот за порастот на националнот доход во Република Македонија, на крајот на 2004 година ќе биде ревидиран, односно не е онаа првична проценка за развој, туку намалена. Така ќе биде и идната година. Меѓутоа, каде ги гледам основите на идната година? Ги гледам во оваа година, затоа што сакам отворено да искажам сомнение дека и во тој процент што ни е даден, претпоставувам од Заводот за статистика, дека ревидираниот процент за пораст на Буџетот, за националниот доход на Македонија за 2004 година ќе биде 2,5%. И покрај тоа што е веќе намалена стапка од она што го имате претходно кажано и зацртено, нормално една претходна влада, претходен премиер, изразувам сомневање дека ние 2004 година ќе имаме 2,5% пораст на националниот доход. Изразувам сомневање затоа што не е тајна дека после промената на една екипа на директори во Заводот за статистика, ние имаме една нова методологија за тоа како се смета индустриското производство, имаме една јасна ситуација каде што за жал, во таа нова методологија се исфрлени серија на фирми, при што едноставно доаѓа во еден хаос на податоци, каде што Заводот за статистика очигледно веќе си бира фирми од кои што може да земе индекси за производство така што во основа, сметам дека имаме еден погрешен податок.

Вториот момент, кога ќе ја читаме анализата на Заводот за статистика за порастот на националниот доход ќе видиме дека тоа се должи на зголемени градежни работи. Ако поразговарате малку со било која градежна фирма во Република Македонија, ќе видите дека ретко која од нив ќе се пофали дека има пораст на градежните работи, туку сите ќе ви кажат ,колкав е неивниот пад, а од

Заводот за статистика читаме дека имало пораст. Истото е и со услужните дејности што исто така ги пишува дека заради нив се зголемува националниот доход. Ако поразговараме со луѓето кои се занимаваат со услужни дејности и тие ќе ви кажат колкави се падовите на услужните дејности, така што во основа доаѓаме во една ситуација каде што не можеме конкретно да парираме каде е проблемот во Заводот за статистика, меѓутоа едно е јасно, дека и веќе ревидираниот процент за пораст на националниот доход е поставен под еден голем знак на прашање.

Во таа насока, веднаш на почетокот сакам да ја дадам мојата проценка дека истата приказна ќе ја гледаме и со новата проценка за новиот процент за пораст во 2004 година и ние, после една година, повторно ќе говориме за некакви нови ревизии на истиот тој процент.

Меѓутоа, тука доаѓаме и до самата суштина. Имено, верувам од ова поднесено експозе дека луѓето кои сега влегоа во новата влада, старо-новата влада, веќе конечно сфатија дека имаат проблем со економијата. Во овие две години тоа не сакаа да го признаат и се занимаваа само со политички проблеми. Со овој буџет и со ова експозе, конечно се уверувам дека тие се сериозни и дека го увиделе проблемот, дека на економски план не очекува тежок дебакл ако не направиме нешто на економски план да им се понуди на луѓето. При што во таа насока јас можам да кажам дека овој песимистички буџет што е даден пред нас и тој така даден и тој така креиран нема да се оствари ако навистина нешто спектакуларно не направи новата владина коалиција за да го промени имиџот пред бизнисмените, странски и домашни во Република Македонија и надвор од Македонија. Затоа што, ако овој буџет нема никаква развојна компонента, значи во просторот за развој ни останува дека ќе има странски и домашни инвеститори. А јас и тоа не го гледам, со оглед на фактот на каква атмосфера, со каква атмосфера продолжува оваа влада, односно како наследена од претходните две влади, да работи и да праќа сигнали кон оние кои сакаат дали како домашни инвеститори или како странски инвеститори да влезат во Република Македонија, затоа што веќе спомнав, ако веќе во Буџетот нема развојна компонента, тогаш единствениот спас е со инвеститорите. А, дали нешто се прави во таа насока да се направи, јас за жал не можам тука да кажам, освен многу примери што ние сите ги знаеме, а кои што зборуваат дека со овој имиџ нема да смениме ништо во Република Македонија.

Зошто песимизмот? Дека, истата слика ќе не следи и во оној друг дел, а тоа се поканата на инвеститорите да инвестираат во Република Македонија.

Не смееме да заборавиме дека оваа влада во изминатите две години, односно не оваа влада конкретно, меѓутоа овие партии кои учествуваат во оваа Влада оставија еден многу негативен имиџ. Многу негативен имиџ во она што се нарекува една општа атмосфера на привлекување на странски инвеститори и мотивирање на домашни инвеститори.

Самиот министер спомна нешто во оваа смисла. Можеби нема да го цитирам најдобро, дека сите овие елементи што ги нуди како елементи на новата макроекономска политика за идната година дека тешко може да се спроведат со безбедносните проблеми од типот на Кондово, или на многу други такви криминални или полукриминални акции и операции што сме ги гледале во Република Македонија. Тоа е точно. Јас, апсолутно се согласувам дека секој оној кој ќе биде одговорен за економијата во новата влада на владеачката коалиција ќе има тежок проблем да создаде макроекономска клима, ќе има тежок проблем да го одбрани и да го создаде и вака песимистичкото сценарио на буџетот ако ние имаме на неколку месеци такви инциденти од типот на Кондово. Меѓутоа, јас ќе го потсетам министерот за финансии и пратениците кои се за оваа влада дека кога ја правеа коалицијата со ДУИ, граѓаните и ние во опозиција тоа го подразбравме како решено прашање. Токму тоа беше вашиот чин. Им подадовте рака на луѓето од ДУИ, ги напрвивте политичари, а од друга страна требаше да добиеме мир. Тоа беше целта и на Охридскиот договор. Постојано велиме освојуваме нови простори од Охридскиот договор, меѓутоа од едната страна, а од другата страна прашањето на мирот и на безбедноста едноставно некако доаѓа со некакви бранови на три до четири месеци.

Тоа е реално алиби на новиот министер за финансии и на новата влада, меѓтоа за тоа алиби никој не ви е крив. Треба да си седнете уште еднаш во коалицијата и да си ги разгледате овие проблеми и на сите оние кои сакаат да се занимаваат со економија, тој дел на безбедноста да им го направимте порелаксиран. Меѓутоа, јас мопжам отворено да дадам една проценка дека токму 2005 година оваа макроекономска политика ќе има дополнителен проблем токму од тој аспект што и самиот министер го искажа и дека Кондово не е некаков крај на проблемите, туку ние уште од јануари, да не зборуваме са март, за април и понатаму како ќе се движат месеците, ќе имаме перманентни инциденти што нема само да ја загрозуваат безбедноста на Република Македонија, туку ќе ја загрозуваат и макрофинансиската ситуација во Република Македонија. Едностагвно, тоа треба

да ви биде фикс во вашата пресметка понатаму како ќе се движи вашата проекција на макрофинансиската состојба.

Да не зборуваме за вториот дел на двојни стандарди,што оваа влада, овие две години максимално ги покажуваше пред јавноста и што нормално значеа еден страв и кај странските и кај домашните инвеститори. Не треба да потсетувам дека оваа влада беше организатор на скоро 18, практично, социјалистичко-револуционерни пучеви на преземање на фирмите, каде што пред било каква судска одлука или правна одлука се мотивираа синдикатите да влезат и да ги затворат фирмите затоа што имале некаква врска со претходната влада. Тука, кога Светската банка и ММФ понекогаш ви се лути и ви даваат забелешки зошто не ви оди економијата, треба да ја потсетите и неа дека Република Македонија беше единствена држава каде ММФ и Светската банка поддржаа ревизии на приватизациите и поддржаа социјалистички тип на преземање на фирмите и фабриките. Тоа е можеби некаква чест за нас, како претходна влада, меѓутоа денеска кога ви се лутат, зошто немате економски резултати, кажете им го тој пример. Не можете и вие преку 18 сопственици да ги избркате од нивните фирми без судски пресуди, а судските пресуди ги носевте после годинаипол и сега да ги повикувате странските инвеститори или домашните инвеститори да вложат пари во земјата.

Едноставно, таа приакзна е таква каква што е и смислувајте некој радикален начин, ако можете да се ослободите од тоа бреме, ако сакате да постигнете каков таков финансиски резултат. Или онаа приказна што цела година ја занимавате македонската јавност, од каде му се парите на Блажо Тасев од Словенија, со што покажувате некаква политика дека сакате многу чесни пари и чисти пари и покрај тоа што до денеска за мене стана комплетно нејасно, во времето кога Блажо Тасев од Словенија ги даде парите за “САСА”, со мали графи во весниците излегоа дека извесен Љупчо Костов од Штип ја купил “Стружанка” за околу 2 милијона евра, извесен Кирчо Иванов, ако не се лажам за името, можете да го проверите, ја купил за 2,5 милијона евра “Годел”. Ни еден весник, ни еден министер не праша, од каде на овие двајца штипјани пари едниот да ја купи “Стружанка”, другиот да го купи “Годел”, а една година ја занимаваме јавноста од каде му се парите на Блажо Тасев за рудникот “САСА”.

Значи, таквиот тип на двојни стандарди, едноставно, треба радикално да ги напуштите, ако сакаме да дојдеме до она што се нарекува некаков спас на вашата и така повторно ќе потенцирам, песимистичка макро-финансиска позиција.

Зошто главниот сомнеж кај мене дека овој Буџет кој денеска ни се нуди нема да се оствари? Затоа што, повторно поаѓам од Буџетот за 2004 година, за кој сеуште немаме завршна сметка, меѓутоа, веќе параметрите се знаат. Затоа што тенденцијата и тоа некои од пратениците на власта денеска го зборуваа, не е проблемот во расходите на Буџетот, проблемот е во приходите на Буџетот. Проблемот е што во тие двеипол години од 15 септември наваму, ние гледаме драстично симнување од месец на месец на приходите на буџетите во Република Македонија. Јас навистина, можам да кажам дека овој владин Буџет има една новина, има една транспарентност во стапките, има една транспарентност во објаснвуањето, нешто ново, што е понудено досега. Има и постои во тој Буџет. Меѓутоа, Министерството за финансии имало амбиција тоа да биде така и делумно остварило во тоа, не ми е јасно, ако го погледнеме почитувани пратеници, Буџетот за 2003 година ќе видите една мала нелогичност, која едноставно ни дава еден знак на сомнеж. Зошто нема компаративни бројки за 2004 и 2003 година . Ако го погледнете дадениот Буџет, ќе видите дека стојат годините 2004, 2003 година, меѓутоа, ги немаме податоците за приходите и за расходите во истите тие ставки во Буџетот.

Значи, Министерството направило толку многу да понуди една нова визија на Буџет, потранспарентна, меѓутоа бега еден од главните параметри, а тоа е параметрот на споредба. Значи не само што со претходната година не сакате да се компарирате, туку не сакате уште помалку да се компарирате да речеме со 2000 година ако сакате.

Меѓутоа , ако ги погледнеме овие двеипол години, доаѓаме до еден проблем на едно секојдневно, континуирано паѓање на приливите на буџетите на Република Македонија. Така што, ако споредиме да речеме од 2000 година и приходите на Буџетот со денеска, ќе видите дека падот на приходите на Буџетот се мери со неколку милијарди денари. Тука е проблемот на оваа Влада. Тука доаѓам до еден одговор, кој исто така го слушам во јавноста од многу коментатори, Македонија имала голем Буџет.

Ви се молам, почитувани пратеници, јас ќе кажам нешто еретички: Македонија има премал Буџет. Погледнете, направете споредба со било која земја во големина со наша, или буквално со наша, ќе видите колкави буџети имаат. Меѓутоа, каде е проблемот? Не е проблемот во бројката милијарда или две. Срамота е за Македонија да каже дека не може да собере милијарда евра приходи на Буџет во Република Македонија. Тука е проблемот. Не е проблемот во тоа што Буџетот е

голем. Проблемот е во тоа што Буџетот е мал. Проблемот е во тоа што приходите паѓаат од месец на месец, се повеќе и повеќе во Република Македонија и проблемот што токму заради тоа денеска ние имаме пред нас Буџет кој освен што има огромни проценти за плата, огромни проценти за социјални давачки, нема скоро никакви , односно минимални капитални инвестиции. Она што му фали на овој Буџет, е се да остане како што е така, и плус 200 милиона евра во стапката капитални инвестиции. Е тогаш ќе имаме развој. Тогаш ќе имаме продукција, тогаш ќе имаме со што на луѓето да им честитаме дека Новата година ќе им биде подобра. Кога ќе имаме 200 милиони евра не за плати туку за школи, за болници, за канилизации, за водоводи и за патишта. И тука е проблемот, можам да кажам дека е во актуелната власт. Тие занемаруваат еден голем проблем кој го влечат цела 2004 година, а и 2003 година беше исто. Сериозниот проблем кој мора да се детектира, падот на приходите на Буџетот во Република Македонија. Со месеци не сум видел една анализа во сериозен весник некој да седне да направи анализи. Колку биле приходите во Царина, со извиканите директори на претходната Влада, со чесните директори на оваа Влада. Колкави биле приходите да речеме во Фондот за здравство, со извиканите директори на претходната Влада, со сега чесните директори на оваа Влада. Колкави се приходите од други ставки каде што знаеме дека е да речеме, нели интересно да се видат тие ставки. Нема ни една компарација која можеме да ја видиме во овие години, или годините кои беа наназад, кои ги паметиме.

Во таа насока, посебно ме загрижува фактот што незнам, министерот за финансии тоа како да го зборуваше со гордост кога се задржа на делот за државните обврзници,  кога практично ни се фалеше дека оваа година тие го финансирале Буџетот и со државни обврзници. И уште повеќе дури  не уплаши дека и идната година не само што нема со тромесечни државни обврзници да го финансира Буџетот, туку се имало идеа со едногодишни државни обврзници да се финансира Буџетот.

Знаете ли што ни кажува министерот за финансии. Дека идната година овој Буџет кој ни го нуди ќе нема пари да го наполни со редовни приходи, па ќе му требаат пари од банките во Република Македонија, за да може државната администрација да зима плата. А тие државни обврзници нема да бидат тромесечни како оваа година, туку идната година ќе не задолжува за 2006 година.  Значи, јавно ни кажуваат дека во овој Буџет идната година Буџетот на Република Македонија вака песимистички направен ќе се задолжува за 2006 година. Значи некоја влада

која ќе доаѓа таму после 15 септември 2006 година, ќе им плаќа, ќе им враќа државни обврзници кои тие ги потрошиле за плати 2005 година. Значи ние доаѓаме до една тотално парадоксална ситуација, каде што само,  се потврдува  она што претходно го спомнав, дека ние имаме загрижувачки пад на приходите на Буџетот.

Кога зборувам за тој пад на Буџетот, за тие приходи на Буџетот, исто така можам да кажам дека се трудев и во експозето и во Буџетот, меѓутоа нема завршна сметка за 2004 година, па можеби министерот за финансии ќе ни каже во некој нареден момент со колку пари од државни обврзници до овој момент се има финансирано Буџетот за 2004 година.  Тоа се позајмени пари. Ние се прашуваме, економистите се прашуваат, бизнисмените се прашуваат зошто нема пари, зошто нема кредити од банките во фирмите. Па токму затоа што на банките им е најчисто да ги дадат парите во државни обврзници и да ги дадат парите во Народна банка. Ние доаѓаме до едне затворен циклус каде што позајмуваме пари од банките за да дадеме плата на државната админситрација. Ве молам, вакви парадоксални ситуации на макро-финансиска политика или на водење на Буџет, не паметиме со децении. Незнам некогаш во комунизмот дали се правело така, односно најверојатно се правеше, затоа стигнавме до старо заробено девизно штедење. Меѓутоа, имаше една претходна Влада која на сон не и падна такви комбинации, да позајмуваат пари од банките за да дадат плата на државната администрација.

Во таа насока, кога зборуваме за приходите на Буџетот, јас можам да кажам дека едноставно, овој процес и оваа тенденција ме презагрижува, и оној кој е одговорен за Република Македонија навистина мора да се загрижи.

Кога зборуваме за политиката на приходите на Буџетот и за 2004 година, а исто ќе се повтори и во 2005 година, морам да кажам дека оваа Влада ако сака да си го оствари и така песимистичко проектираниот Буџет за 2005 година, ќе мора сериозно да се зафати со она што се нарекува корупција во Република Македонија.

Во таа насока, јас повторно ќе потсетам дека имаше една претходна Влада, за која имаше напишано многу конкретни афери, многу конкретни имиња по весниците, меѓутоа, буџетите и приходите беа преполни и на рекордни нивоа, што не се паметат со децении.

Денеска кога велиме дека оваа Влада на СДСМ и на нејзините коалициони партнери има перманентен пад на приходите. Кога зборуваме за сива економија, ве молам, не треба да ги гледаме периферно работите, како што премиерот во оставка обвини само еден министер дека е виновен за сивата економија и корупцијата во државата, туку треба многу сериозно да ги разгледаме проблемите. Денеска во

Република Македонија  немаме конкретни афери, немаме конкретни имиња на нечесни минситри, освен еден, освен Буџаку, кој ја сноси вината за сите други, меѓутоа, имаме параметри на сите страни каде што можеме да ги погледнеме. Тука е евазијата на даночните приходи. Не е проблемот во некој што ќе пренесе сирење или кашкавал на границата во Крива Паланка, или во Струмица. Проблемот е што имаме ние за жал, удар врз Буџетот на приходите во Република Македонија на поголемо ниво.

Јас ќе ве потсетам, дека во Република Македонија во овој момент во изминатите две години масовно се шверцува нафта во Република Македонија. Ако со претходната Влада, главниот проблем беше кој ќе извезува нафта за Косово и за Србија, со оваа Влада се врати стариот дел од проблемот пред 1998 година. Не кој ќе извезува нафта, туку кој ќе може да внесе цистерна нафта во Република Македонија и после да ја прикаже дека е излезена, а нафтата, оставена во Македонија. Таков пример имав еднаш со слики и со фотографии. Тогаш објаснувањето беше дека таа фирма не се занимавала со нафта, за да денеска гледаме веќе е трет по големина во нафтениот бизнис во Република Македонија.

Втор елемент, е елементот на шверцот со цигарите. Пред малку беше тоа спомнато од аспект на акцизите. Јас ќе се вратам и на акцизите. Ако до 2002 година беше тепачката кој ќе извезува цигари во Косово и во Србија, денеска повторно се вративме на оној ист шверц што беше до 1998 година. Како да се пријави дека камионот е излезен, а камионот останал во Република Македонија.

Токму заради тоа, ние денеска имаме проблем со приходите. Ако на тоа додадеме уште неколку акцизни стоки, мислам дека на почитуваниот министер и на министерот за економија и поранешниот и сегашниот му е јасно дека евазијата на даноците и во Македонија и во било која држава не е во тоа дали бурегџијата ќе даде фискална сметка, не е проблем во тоа дали таксистот ќе даде фискална сметка, или тој ќе го пријави килограм кашкавал на границата. Проблемот на евазиите се во цистерните и во камионите. Дури можам да кажам дека не е ни во тие таму по квадрати што се продадени земја во Република Македонија, што практично секој министер од оваа Влада што заминува ги правел.

Затоа, со ударот по Буџаку, вие можете да го продолжите својот лов на вештерки во Република Македонија, меѓутоа, останува проблемот на крупното неплаќање на даноци, акцизи и царини во Република Македонија. И тука е одговорот на прашањето, зошто со секоја година имаме помаку приходи во Буџетот на Република Македонија и тука е прашањето зошто треба да има државни обврзници

со кои ќе позајмувате пари од банките за да можете да дадете плата на државната администрација. И ако новата Влада, новиот министер сериозно не се соочи со овој проблем, навистина, јас му гарантирам само една работа. Овој низок Буџет, овој низок приход, вие ќе го девалвирате и на крајот нема да направите и вака намален да го остварите.

Конечно, доаѓаме и до некои мерки што парцијално се нудат со новата економска политика, при што тука можам да кажам дека едноставно, се нудат како некакви решенија кои за мене се повеќе магла и ќе имаат повеќе негативни ефекти, отколку позитивни.

Се спомнува дека за да се полни новиот Буџет, ќе се зголеми акцизата на колите и акцизата на цигарите. Однапред ви корвертирам потез министре за финансии дека ако го споредите на крајот при оптивната буџетска година, колку ќе имате приход за цигари и за коли. Ви гарантирам дека тој приход ќе биде помал отколку што го имавте во 2004 година. Зошто? Затоа што со тоа што ќе ги зголемите акцизите на колите нема да направите ништо друго освен Западна Македонија да си регистрира и купува коли во Албанија, Источна Македонија драстично да го зголеми купувањето и регистрирањето на коли во соседна Бугарија.

Значи, тој што решил да си купи кола, пак ќе си ја купи, а ќе ја купи вонекоја соседна држава, затоа што овде нема да сака да ја купи акцизата.

Тоа е што се однесува на акцизата на колите.

Со акцизите на цигарите, тоа многу добро го елабoрираше претходно и пратеникот на ЛДП, ништо друго нема да добиеме, освен зголемен шверц на цигари. Значи и овој шверц што тече денес во Република Македонија, само ќе го помножите со два, затоа што ќе мотивирате се живо да шверцува цигари во Република Македонија.

Елаборацијата на г-динот Најдовски од ЛДП беше одлична, само за таа разлика што тој ќе галса за тој Буџет, а јас ќе гласам против. Значи ако го споредиме нашето опкружување ќе видиме дека секаде има практично освен Грција, помали акцизи и царини и даночни давачки за цигарите.

Значи вие во идната година ќе мотивирате драстичен шверц на цигарите, а повторно ви кажувам ви корвертирам потез уште сега да ја погледнете бројката колку ќе соберете од акцизи на коли и за цигари, на крајот од 2005 година. Ви гарантирам дека ќе бидат понмалку од оваа година.

Едноставно, воведувате некои мерки кои нешто сакате да претставите во јавноста, меѓутоа, резултатот на крајот ќе биде никаов.

Делот на социјалната политика, просто не можам ни да го објаснам. Ќе се донесат мерки каде што ќе се удри во една бројка од 30 до 50 илјади стечајни и технолошки работници. 30 до 50 илјади луѓе од тој дел ќе бидат стресени, ќе ги шокираме, психолошки дополнително ќе им ставаме товари, од она што го имаат досега, за на крајот да заштедите 400 илјади евра во Буџетот. Мислам дека ова е класичен пример на тепање мува со топ. Незнам тука што да ви кажам и да ве советувам, освен навистина, овој тип на мерки што поскоро, ако можете да се извините што сте помислиле на нив. Тука е тоа врзано и со Министерството за труд и социјална политика, да ги повлечете тие мерки, а овие 400 илјади евра, можат да се спасат и да се заштедат од буквално секоја ставка на Буџетот на Република Македонија.

Мислам дека влегувате во некои парадоксални ситуации за кои едноставно, нема економско објаснување. Не да зборувам за некое друго обајснување, економско објаснување. Никоја влада вие нема да најдете што загрозува 30 до 50 илјади луѓе во Македонија за на крајот да каже ние со ова сме заштедиле 400 илјади евра. Мислам дека едноставно, политиката не соодвествува со реалниот разум.

И конечно прозборевте во вашето експозе за јавниот долг. Многу се радувам што на оваа Влада конечно и се нудени решенија, јавниот долг внатрешен и надворешен, да го стави, ако не друго во некакво мерило, односно да го стави во граница на негово пресметување, контролирање и управување со него. Меѓутоа, кога зборуваме за јавниот долг, не смееме да не заборавиме една работа.

Практично отворивте една тема за која сакам, очигледно осамен, да зборувам во сите овие години, но, за жал, многу критичари, многу економисти, многу аналитичари просто не сакаат ни да се соочат со тој проблем.

Еден од главните резултати по кои се мери една владина политика е токму тој јавен длог, специјално надворешниот долг. Во таа насока јас уште еднаш сакам да ве потсетам дека формалната грижа за јавниот долг е добра работа што ја слушам од новата Влада, меѓутоа, не смееме да заборавиме еден факт. Претходната Влада за 4 години врати 620 милиони долари, претходната Влада за 4 години скоро за 1 долар не ја задолжи Македонија по номинала, а оваа Влада од 15 септември до денеска го задолжи македонскиот народ и македонските граѓани со скоро 400 милиони долари.

Во таа насока се надевам дека ова нема да биде само формална понуда на отварањето на прашањето за јавниот долг на Република Македонија, туку покрај

законите и мерките што ќе ги воведете, ќе воведете и една конкретна политика на ова презадолживање на Република Македонија.

Знам дека ќе ми одговорите со процентот на бруто националинот доход, меѓутоа, за статистичкото пресметување на бруто националинот доход на самиот почеток кажав што мислам за овогодишната статистика на Република Македонија така што тоа ќе биде мојот одговор веднаш однапред за т.н. процент на номиналната цифра во поглед на бруто националниот доход.

Конечно, треба многу сериозно да ги поставите и погледнете работите и во проширениот буџет, затоа што гледаме дека овде ги имаме буџетите за другите институции кои не се директно под буџетот, меѓутоа, се блиску до буџетот при што сакам посебен апел да фрлам врз здравствениот фонд затоа што практично го усвојуваме и буџетот на Здравствениот фонд на Република Македонија.

Јас не знам каде е проблемот со Здравствениот фонд и луѓето кои управуваат со Здравствениот фонд и ќе ви кажам, сметам дека директорот на Здравствениот фонд и Управниот одбор се многу чесни луѓе, меѓутоа, има еден проблем кој морате да им го објасните на луѓето.

Претходно имаше еден нечесен директор кој со 13 милијарди денари во Фондот правеше што правеше во македонското здравство и тоа македонско здравство имаше инвестиции на сите страни, имаше лекови, имаше потрошни материјали во секоја операциона сала, денеска имаме еден чесен директор на Здравствениот фонд кој има 2 милијарди денари повеќе пари на располагање од тој претходниот нечесен директор, а гледаме дека здравството е во тотална катастрофа. Такво уништување и пад на здравството, мислам дека секој кој е чесен ќе си го признае дека е тоа така. Од обичен материјал, па до поголеми и посложени операции.

Сакам повторно да потенцирам овој чесниот директор има две милијарди денари повеќе на располагање од претходниот нечесен. Секој доктор, секој болничар и секој кој бил болен во овие 6 години наназад нека си направи малку споредба како им било со чесните, како им било со нечесните. Меѓутоа, ова не е само циничен коментар, навистина сметам дека Министерството за финансии треба да поведе сериозна сметка што е тоа што се случува во Здравствениот фонд на Република Македонија. Ги добива парите повеќе од претходната Влада, а никаков резултат и никаква услуга не им нуди на граѓаните во Република Македонија.

Конечно, да ја завршам мојата анализа зошто сум толку песимистички настроен и каков ќе биде резултатот и на овој мал буџет кој го нуди односно со мали приходи буџет, кој го нуди оваа Влада  на СДСМ и нејзините коалициони партнери.

Значи, мојата проекција е не само овој мал буџет нема да го остварите , туку макроекономската политика ако нешто радикално не се смени во пораките спрема домашните и странските инвеститори, ќе дојде под ниво на два удари.

Прво, ќе дојде под удар на девалвацијата односно инфлацијата и тоа ќе ви кажам кога, мај - јуни вие ќе зборувате за девалвација односно инфлација, тоа е мое оптимистичко предвидување, при што , почитувани пратеници кога зборувам за девалвација и за инфлација за разлика од други опозициони лидери или некои професори на Економскиот факултет кои просто ја молат Владата да направи девалвација, мојата позиција за девалвацијата не е таква. Јас не ве молам да направите девалвација и однапред ви кажувам дека ако направите девалвација, тоа ќе биде удар врз македонската економија и ќе биде удар врз вашата неспособност. Не може некој на мене како опозициски лидер да ми објаснува дека ќе ви помогнеме со тоа што ќе направите девалвација. Не. Ако направите девалвација, сметката за таа девалвација комплетно ќе си ја платите вие. Значи, не ве молам, туку ви кажувам дека ќе дојдете до девалвација при што ќе потрошите во идниот период до мај - јини 100 до 150 милиони долари нови пари од девизните резерви да го браните курсот на денарот, повторно нема да успеете да го одбраните курсот на денарот и ќе си направите девалвација. Меѓутоа, повторно ќе кажам во мај - јуни да не се најдеме погрешно не молевте за девалвација, точно е дека некои академици, професори, лидери на партии ве молат за девалвација, јас не ве молам, јас ви кажувам дека тоа ќе биде катастрофална грешка, тоа ќе биде удар врз економијата и со тоа само покажувате дека не знаете на грб да ја носите макрофинансиската политика на државата. Меѓутоа, тоа ќе си биде ваш сопствен удар кој сами ќе си го платите како сметка и алиби можете да барате во некои други политичари, но не во ВМРО-народна партија.

Второ, некои лидери ве молат да воведете меѓународен валутен борд. Јас исто можам да ви кажам дека вие на макроекономски план не сте далеку од валутниот борд. Меѓутоа, пак ќе ви кажам јас исто така не ве молам како другите што ве молат да си воведете валутен борд, затоа што за мене воведувањето на меѓународен валутен борд едно значи дека државата е во стечај. Значи, оној што ја водел власта во овие две, две ипол години или три кога ќе ви дојде тоа на дневен ред си ја довел државата во стечај, ги крева рацете и вели признавам пораз. Јас ја

давам мојата анализа дека макроекономската состојба ви е многу зрела за валутен борд, може таа понуда да ви дојде од меѓународните институции, меѓутоа, исто ви кажувам дека јас не ве молам за тоа, јас само ве предупредувам дека ќе ја доведете државата до валутен борд, што значи дека сте ја довеле државата до стечај.

Тоа беше мојата анализа на овој буџет и на макроекномските резултати односно позиции кои се понудени за оваа година, можам да кажам дека можеби изгледма опозициски црно и песимистички, меѓутоа, многу одамна велам има цифри и за 2000-та и за 2002 година и за 2004 и за 2006 година ќе има цифри, а од цифрата и математиката не можеме да излеземе така што дали песимистички гледаме на оваа буџетска година која доаѓа пред нас ќе ја направиме математиката некаде до година ова време, а тоа ви го велам затоа што вие сигурно знаете дека ние веќе јавно декларираме како опозиција дека оваа година немаме намера да ве буткаме, немаме намера да ве рушиме од власт, напротив, сакаме да ви помогнеме буџетската 2005 година да си ја завршите мирно до крај, ако имате некој проблем со нишањето на Влада , оставки, нови премиери, ќе го набљудуваме тоа од позиција на конструктивна опозиција, меѓутоа, можам да ви кажам дека за мене нема поголемо задоволство одколку заеднички да ја дочекаме 2005 година и макрофинансиските резултати на крајот заеднички да ги изанализираме и да ги погледнеме.

Она што јас можам само да ви кажам дека на економски план, на буџетски план, на макроекономски план оваа ќе биде најдолгата година која ќе им се види на граѓаните во Република Македонија.

Значи, со овој буџет не гледаме ништо ново освен нови рестрикции, нови отпуштања од работа, нови затворања на фирми, нови удари врз македонската индустрија посебно врз македонското земјоделие и како што вели самиот буџет, ако биде се најдобро, ќе биде исто како и 2004 година.

Едноставно, подготовките се такви какви што се, треба само да ги гледаме и да ги видиме резултатите.

Еве, тоа е она што сакав да го кажам за предлогот на буџетот, нормално дека е неопходно на крајот да кажам дека ќе гласам со не за овој буџет на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Мислам дека министерот може да одговори.

Повелете министре, имате збор, други реплики не препорачувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам претседателе, почитувани пратеници, г-дине Георгиевски,

Прво, ви благодарам за однапред потврденото дека опозицијата ќе не остави до 2006 година, мислам дека е тоа паметна работа од опозицијата, исто така мислам дека другиот дел од опозицијата ВМРО-ДПМНЕ со тоа што остана од нив, тешко дека ќе може да го направат другот. Тука се согласуваме.

Дозволете, меѓу другото, да ви овозможам евентуално помирно да спиете, бидејќи сте загрижен за приходите на буџетот.

Со оглед дека сега Трезорот на Министерството за финансии е толку софистициран да можеме податоците да ги имаме дневно, јас ќе ви кажам податоци што ги барате вие за последните три години. Мислам на 2002, 2003 и 2004 година.

Од 1 јануари до 27 декември, значи 4 дена минус од цела година ќе ги имаме податоците за 4 години.

Даночните приходи кои се рбетниот столб на приходите во буџетот во 2002 година биле 47,4 милијарди. Се разбира тука го ислучуваме воениот данок кој беше за една намена, меѓутоа, и за друго одеа трошоците, се разбира во тој момент.

Во 2003 година за истите денови до 27 декември, минус 4, тоа ништо не значи по 200 милиони ќе се покачи до крајот, 48,5 милијарди.

Во 2004 година 51,5 милијарди. Секоја наредна година даночните приходи на државата 2002, 2003 и 2004 година се поголеми. Во идната година планот, како што го имате пред вас, е 52,3. Тука можете мирно да спиете, имаме добри даночни приходи секоја година повеќе.

Со политичките ставови нема да реплицирам, секој од нас има право и затоа служи оваа говорница секој од нас да ги изрази, да предвидува итн.

За обврзниците, обврзниците не служат за финансирање на потребите на буџетот и тие не се користат за финансирање на буџетот, се користат за финансирање на дефицитот на буџетот. Во дефицитното финансирање на буџетот обврзниците се корисна работа и веднаш да ви соопштам дека Македонија, за жал, до 2004 година 10 години доцни зад сите други економии во сосетството, зад другите доцни 100 години, не емитуваше ни државни записи, ни државни обврзници, за буџетски, макроекономски и други цели и тука сме најзаостанати, во 2004 година ги емитувавме првите краткорочни, во 2005 година ќе ги емитуваме првите долгорочни, нема никој на светот што заради тоа мисли дека правиме лошо, вие мислите, не е проблем, меѓутоа, со тоа се финансира дефицитот. Со оглед дека се финансира

дефицитот веднаш да ви кажам дека дефицитот ќе биде 1% од ЦДП и ние да издадеме обврзници уште колку нема да можеме да ги користиме затоа што лимитот е таму. Колку за споредба 2002 година дефицитот на централниот буџет беше 5,7%. Затоа кажав во моето воведно излагање и ќе повторам ако вие г-дине Георгиевски ја добиевте власта во 2002 година во септември и ако продожевте со тоа ниво на дефицит од 5,7% кое го оспоривте или ќе требаше да промените нешто, тогашниот министер за финансии да го намали дефицитот или ќе требаше да пропаднеме како држава со финансирањето, за да добиеме аргентинско сценарио. Тука нема избор, едноставно дефицитот мора да биде низок. Обврзниците не влијаат на дефицитот. Тие се начин на финансирање, приходна, расходна, сега нема да се објаснуваме многу.

Дозволете да ви соопштам ако се намали приходот на државата од акцизи на автомобили, јас нема да бидам незадоволен, затоа што целта соопштив и повторно ќе кажам , не е фискален приход на државата. Целта е ефект на платниот биланс .

Акцизата на цигарите ќе предизвика ефект на малопродажната цена од 3,3%, тоа кај цигарите да речеме од 30 денари ќе биде еден денар. Од 30 ќе се покачат на 31 денар. Тоа нема да го зголеми шверцот и токму за тоа мерката ја преземаме сега, секоја  година ќе имаме благо покачување и ако изгуби нашата Влада , акцизи во Македонија не се 100, туку една или две, незнам дали ќе се појави трета опција, ве уверувам и ви посакувам и вие да продолжите со таа политика до влегување во ЕУ. Обратната политика ќе биде кога ќе влеземе во ЕУ одеднаш 20%, е тогаш, ќе стане проблем.

Заштедите од мерките кои ги спомнавте што ги предложи министерот за труд и социјална политика, што рековте дека 400 илјади евра зошто превземаме толку голем политички ризик, мислам дека тука имаме една крупна политичка разлика, ние ги сметаме ефектите. Не мислиме дека една мерка е помала, друга поголема, туку ги пресметуваме многу прецизно и приходната и расходната страна и се обидуваме да имаме таков буџет. Меѓутоа, тука имаме две грешки, ефектите на годишно ниво се 130 милиони денари. Тоа се 2,2 милиони евра, а не вашите 400 илјади евра, значи многу повеќе меѓутоа реалниот ефект е во наредните пет години. Тоа се 10 милиони евра, пример, затоа што таа мерка кога ќе се аплицира во 2005 година ќе важи во наредните пет-шест или повеќе години и секоја година ефектот ќе биде поголем од тоа. Тие средства секоја наредна Влада ќе ги има на располагање дали инвестиции, поттикнување на земјоделие, образование, сосема не е битно.

Долгот на државата. Сами го дадовте одговорот, едноставно не можеме да се убедуваме. Во 2003 и 2004 година долгот на државата Република Македонија не е зголемен ниту домашниот ниту странскиот. Тој е намален. Нема да се убедуваме долго затоа што очигледно инструментариумот на разговор ни е многу различен.

Девалвацијата и валутниот борд, мора да ве разочарам, девалвирање ако треба да се прави го прави гувернерот кој е независен од Владата. Ние ниту можеме ниту сакаме да го направиме, меѓутоа, одма да ви кажам уште нешто друго. Оваа година која сите ја прогласивте за колапс дека трговскиот дефицит е колабиран, платниот биланс на државата е колабиран и уште странските инвестиции колабирани, инаку тие се главните полначи на платниот биланс извозот, странските инвестиции, дознаките, не доживеавме девалвација, како што гледате. Што значи ако е “толку колабирана работата, па нема девалвација”, ве уверувам дека нема никакви услови дека наредната година девалвира.

Инаку, девалвацијата и валутниот борд се сосема различни работи затоа што валутниот борд го бетонира курсот на нивото на кое треба. Тоа се сосема дивергентни мерки, инаку еден ден Македонија ако сака да влезе во ЕУ ќе има флуктуирачки курс. Тоа е во ЕУ стандард и од тоа нема да бегаме. Кога ќе ја направиме и во која динамика, со каква фиктибилизација, тоа ќе се оцени од монетарен и макроекономски агол кога ќе биде најпотребно.

Валутниот борд, мислам дека ќе влеземе во една гротексна ситуација ако се објаснуваме, тоа е механизам, тоа не е принудна управа. Затоа ве молам да не дискутираме понатаму за таа тема за да не бидеме во гротексна ситуација пред јавноста. Инаку, тие што заговараат валутен борд исто така не се во право и нема потреба од тоа затоа што Македонија веќе од 1997 година до денес применува, тоа можеме да кажеме повеќе од три четвртини од мерките на валутниот борд. Меѓутоа, валутен борд не е пет луѓе борд ќе дојдат и ќе управуваат со нашата монетарна политика, тоа е само механизам, така се вика, но да не влегуваме во такви разговори, барем во оваа сала.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Георгиевски имате три минути реплика на ова.

ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:

Добро. Јас би се задржал само на еден одреден дел од говорот, а тоа е на приходите на Буџетот за оваа година.

Морам да спомнам дека оваа 51.900.000 што ја спомна господинот Поповски, треба да се смета дека и за минатата година имаме 5% зголемување, односно зголемување од 5 на 18% на ДДВ, како што тој ги вади приходите од воениот данок исто така треба да ги извадиме и овие ефекти ако сакаме да имаме реална анализа на приходите. Тоа е првата работа.

Втората работа, она што во приходите за оваа година не се кажува и не може никаде да се види, а ниту барам од министерот за финансии колку ДДВ што треба да се врати на фирмите не е вратен и колку завршени работи на фирмите кои се завршени или купени од нив исто така не се платени. Затоа што знам дека десетици, десетици фирми, односно стотици фирми го повторуваат истиот проблем. И конечно ова што е кај обврзниците точно, ја знаеме функцијата на обврзниците да го покриваат дефицитот. Меѓутоа јас го поставив прашањето обратното. Зошто на една претходна Влада не и требаше обврзници за да го пополнува тековниот дефицит, и зошто на оваа Влада која вели дека има прекрасни приходи за оваа година и требаат такви државни обврзници за да го пополнува тековното финансирање на Буџетот во Република Македонија.

За другите елементи не би сакал да коментирам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине министре бидете кратки ве молам. Имате збор.

Ме замолија од телевизија да привршуваме, затоа што има ракомет и затоа молам и репликите да се откажат и да заврши госпоѓа Лалчевска, како што е направен и договорот и да ја затвориме расправата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, се повлекувам, ќе го уважам вашето.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Лалчевска, повелете имате збор и тука ќе ја затвориме расправата.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Јас навистина господине претседателе, немаше да се јавам за збор, ако министерот не ми останеше должен за едно објаснување. А сега веќе кога дојдов до збор, можевте да ми кажете кога ве прашав.

Би кажала неколку збора околу Буџетот. Буџетот е ист како минатогодишниот, сличен како на статускво. Не се одлепивме од социјален буџет. Тука постигнавме консензус.

Е, сега мене нешто што не ми се вклопува, тоа е што напоменав програмата на Владата јасно укажува дека 2005 година ќе биде година на силни реформи.

Од друга страна имаме буџет сличен како ланскиот, со исти приходи и приближно исти расходи. Значи останувame на социјален буџет кои, главно се социјални трансфери и плати и надоместоци. Значи нема развојна компонента и уште помалку има предвидени средства доволно за такви реформи какви што најавува Владата.

Јас сега сум во забуна дали г-динот министер работи со Владата или работи самостојно Меѓутоа и тоа не е важно, ако тој така чувствува дека треба да работи, единствена новина што сега ја воведува тоа е образложението на Буџетот од некои 100-тина страници, што е и во ред, јас го поздравувам, транспасрентно да видиме што и како се работело и како се правел буџетот. Меѓутоа, во тоа негово експозе што беше ислучително добро долго господинот министер си поигра малку со бројки.

Јас би се осврнала само на неколку моменти. Пред се, би се осврнала на децентрализацијата, се извинувам на денационализацијата, затоа што тој кажа дека за тој процес не треба повеќе да се прашува и дека многу пратеници прашувале постојано и сметале дека тој процес е заклучен. Пошто јас сум од тие пратеници што постојано дебатирам со господинот министер за овој процес, би сакала да се разјасниме.

Вие со игра на бројка кажавте дека од примени барања кои се нешто над 19 илјади, на крајот се сведува дека се решени 12 илјади, дека и понатаму остануваат над 7 илјади барања кои сеуште не се решени. Ваква бројка и покрај вашите убедувања дека од година во година и со некои игри на бројки, толку се решени, оволку се решени, меѓутоа крајниот резултат од 7 илјади нерешени барања зборува дека овој процес не се одбива така како што треба и дека сеуште остануваат една голема бројка на нерешени барања во денационализацијата. Кажувате дека во новата година ќе бидат емитувани обврзници во вредност од околу 53 милиони евра што ако ги следиме по година барем вие така тврдите покажува дека најмногу емисија на обврзници ќе има за денационализацијата. Меѓутоа, господине министре, притоа заборавате да кажете дека во меѓувреме имаме судска разрешница на многу претходни барања кои биле одбиени, и затоа ќе имаме ваква емисија. Значи тоа не значи дека решивме повеќе денационализации, него треба да ги кажеме бројката на судските разрешници кои во меѓувреме се случија. И затоа имаме вакви бројки. И понатака остануваат нерешени барања за денационализација со поголеми размери,

како што е комплексот Горица за кој јас постојано дебатирам со вас, и кои сеуште барањето не е решено. А такви се Водно и многу други  да не ги набројувам. Значи само играта на бројка сакате да покажете дека нешто се движи во државата.

Иста таква игра на бројка направивте и со бројката на невработени. Твдите дека за 3 иљјади се намалила бројката на невработените, меѓутоа не кажувате за колку се зголемила бројката на вработените. Бројката на невработените не затоа што тие се вработиле во меѓувреме. Затоа што имаме  нов начин на евидентирање и бришење на невработените од евиденцијата на невработени. И затоа сега ни се појавува една бројка од 3 иљјади кои не се вработиле во меѓу време, туку се само избришани од евиденцијата на невработени. Ваквата игра на бројки ви беше со цел да покажете дека нешто се движи нешто во државата. Меѓутоа граѓаните многу добро знаат дека на економски план се движат работите меѓутоа во надолна линија никако во нагорна линија, затоа што на нив животот од ден на ден им е се полош. А, буџетот што сега го имаме покажува дека 2005 нема ништо порозево да им биде и во 2005 нема да имаме развој нема да имаме реформи, затоа одговорно тврдам, затоа што нема пари за тоа предвидено во буџетот, И понатака  ќе имаме игра на бројки со намалување на социјалните категории затоа што само во последниот месец неколку пати им ги намаливме примањата еве да речеме на пример луѓето со хендикеп, нивните примања од социјално ги намаливме, избришавме од евиденцијата една бројка на луѓе кои примаат социјална помош, само затоа што еве еден пример конкретено ќе ви кажам. Со решението за доделување на социјална помош немаме во напомената дека треба да ги обноват документите после три месеци, а решението им се  доставува доцна, па потоа им се кажува дека го загубиле правото на социјална помош.  Со вакви игри нема да им го подобриме животот на граѓаните, а ваму ќе покажеме бројка, во тоа ве уверувам дека е така.

Што ни се случува нам? Вие пред малку говоревте околу тој борд, кој незнам зошто на вас ви предизвика толку револт, меѓутоа, ајде да ги видиме работите вака. Ние како држава за цели 14 години, за жал, не успеавме да изградиме економски систем, кој ќе кореспондира со ново настанатите услови на стопанисување, значи со пазарното стопанство. Во меѓувреме, нашата економија, нашите стопански субјекти толку кондиционо ослабеа, а тие се најголемите полначи на Буџетот и сега доаѓаме до една ситуација што тие стопански субјекти кои се најголемите полначи на Буџетот нам ни се на најниско ниво и затоа ни паѓа приходниот дел, затоа имаме проблем со прибирање на приходи и буџетите од година во година ни се послаби. Ако ни се слаби приходите, не може расходите да ни бидат големи, од каде ќе дојдат тогаш

парите. А ние таквата состојба мораме да ја решиме системски, не можеме само со адхок мерки. Вие рековте применуваме некои методи од механизмот на валутниот борд. Можеби, меѓутоа, со адхок мерки нема да ја решиме состојбата во државата, таа и понатаму економски ќе тоне, и понатаму субјектите ќе осиромашуваат и ослабуваат и буџетите ќе ни бидат од година во година се послаби. Заради тоа ние тврдиме дека и е потребен на Македонија тој валутен борд, затоа што преку него ние ќе добиеме институционално помагање на системот и системски ќе ги решаваме работите. Токму тие механизми на бордот сеопфатно ќе ги решат работите во Македонија, а со адхок мерки нема да стигнеме далеку, ниту пак во иднина ќе се одлепиме од социјалните буџети, како овој што денес го имаме на дневен ред.

Воведувањето на нови давачки кај автомобилите нема да донесе ништо добро на државата, ќе донесе само лошо, затоа што тие се во спротивност со правилата на Спогодбата на стабилизација и асоцијација и со Светската трговска организација. Јас незнам дали вие се запрашавте што ќе се случи да речеме ако некој од дилерите реши да ја тужи Македонија затоа што донела мерки спротивни на спогодбата за асоцијација и стабилизација, а ние сме ја потпишале и прифатиле. Тогаш, господине министре, ќе треба двојно да ги платиме. Еднаш ќе ги платат граѓаните во вид на акциза, а после ќе ја плати посебно повторно од парите на граѓаните како надоместок од она што Македонија ќе го изгуби во тој случај спорот. А, ваквите мерки неминовно доведуваат до нестабилен финансиски економски поредок, што не е во прилог на државата и не е во прилог на подобрување на економскиот систем во државата.

Би завршила со тоа што, сепак, ми останавте должни и не ми објаснивте зошто не е видно во буџетските ставки каде се предвидени парите за финансирање на политичките партии, кои произлегуваат од Законот кој е веќе стапен во сила за финансирање на политичките партии. Или ќе ни остане Законот само како еден параван во изборна година кога доаѓа и повторно ќе ни се појават нетранспарентни матни зделки околу финансирање на политичките партии. Затоа што, јас овде не гледам каде се предвидени таквите средства. Тоа е обврска што произлегува од овој закон кој ние со консензус го изгласавме во парламентот. Така, ваков буџет проектиран спротивно на она што вие како програма го дадовте и што е залепен само за социјала и надоместоци, не можам да поддржам и нема да го поддржам.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски по договорот што го направивме вас ви оставам 10 минути да зборувате. Господинот Даневски би требало да биде последен и да го затвориме претресот, бидејќи така се договоривме.

Повелете г-дине Даневски имате 10 минути.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине претседателе, ќе го почитувам договорот, затоа што сме договорени да работиме до 20 часот. Можам да му отстапам на г-динот Рамадани 1 минута за да се изјасни. Како ќе гласаме така ќе биде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Бидејќи за тежината, за значењето на Буџетот нема да зборувам. Ова досега малку наликуваше, дискусиите на многу наши пратеници како избор на Влада, но за тоа се потруди и самиот министер кој настапи многу сеопфатно, сакаше да ги загонетне сите сегменти на живеењето. Во едно се сложуваме сите дека и овој буџет за 2005 година нема да има развојна компонента. Се сложуваме дека една третина од парите ќе бидат за плати во администрацијата, една третина од парите за буџетот ќе бидат за социјални трансфери и една третина ќе бидат за капитални инвестиции.

Она што би сакал да се задржам, еве лично сега нема да зборувам за многу работи, за падот на индустриското производство, за извозот, за структурните реформи, за реформите кои доцнат, за реформите во судството и за икс многу други работи нема да зборувам во оваа прилика ни за она што Свети Николе како општина уште нема вода за пиење. Нема да зборувам за инфраструктурата која не е направена во Источниот дел на Македонија, дека сеуште нема модерна инфраструктура. Јас ќе се задржам за нешто што еве го споделуваме тоа сите за странските инвестиции. Дали ние како држава обезбедуваме оптимални услови за да дојдат странски инвеститори. Во самото излагање на почитуваниот министер стои дека безбедносната ситуација во Република Македонија е нестабилна. Тука мислам дека е клучното прашање за да имаме развој, за да имаме она што значи развој на државата и да имаме инвестиции. Да не се убедуваме, знаеме што значи нашиот потенцијал на нашето електростопанство, знаеме колкави се капацитетите, знаеме

со што може да покриеме, знаеме колку пари може да собере оваа држава без директни странски инвестиции. Ние не можеме да правиме развој од 7%, затоа што во овој регион ние доцниме. Ако проектираме развој од 3,5 или 3,4%, бидејќи Македонија доцни и самиот министер кажа 10 години, а некаде и повеќе ние мораме да имаме во овој регион со сите земји 7% развој. Тоа не можеме да го направиме. Ние мораме да направиме оптимални услови да донесеме директни странски инвестиции. Сега, гледано низ бројки со годините да не ни биде репер онаа година што сакаме да ја избереме кога имавме конфликт или војна да гледаме репер да ни биде и 2000 година и 1998 година и 2004 година, за да можеме да направиме една проекција на Буџетот за 2005 година. Ова го зборувам затоа што ние живееме на овој тн., Западен Балкан. Во овој тн., Западен Балкан остануваат многу клучни прашања кои не се решени. Еве, изминуваат 10 години од Дејтонската спогодба. Гледаме што се случува во Босна. Некој ќе каже па што има врска тоа што се случува во Босна, а ја тангира Македонија. Има многу, затоа што 10 години Дејтонскатај спогодба  оваа година брои и таму се прашуваат пратеници во тие влади во Германија, во Холандија, кои секоја година издвојуваат по милијарда долари за да ја стабилизираат Босна како таква. И, ако главната поента беше мултиетничко општество каде што не успева, проектот Босна е делумно дали ќе успее или не, затоа што се мисли дека треба да се расформира од Владата на Босанска Краина и ние доаѓаме 2005 година која нас директно не тангира. Не тангира со тоа што ќе се решава Косово. Ова е 5 година каде што индициите се за решавање за независно Косово. Сега, некој ќе каже што има директно Косово со Македонија. Има и тоа многу има. Има многу компоненти кој нас не тангираат, затоа што директно ќе влијае на безбедноста во Република Македонија. ако се случи, она што се најавува, ако се апси Карадинај директно ќе се направат големи немири во Косово. Тоа ќе се одрази и во Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Даневски, Ве молам вратете се на Буџетот .

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

За да дојдат странките инвеститори г-дине претседателе, ние имавме пролем во Кондово. Ние не положивме на Кондово. Ќе ни се случуваат многу Кондовци на нас во Македонија, затоа што ние не го решивме и не покажавме дека сме држава да го решиме случајот Кондово. Кога странските инвеститори во една држава како што е Македонија ќе имаат едно Кондово, па друго Кондово, трето Кондово, никој не сака да дојде да инвестира директни странски инвестиции. Затоа, дали ние сакаме да

почитуваме, затоа што меѓународната заедница која и тоа како е заинтересирана, затоа што само во Македонија успеа проектот на мултиетничко живеење, се реализира во потполност Охридскиот договор, се завршува со Закон за децентрализација. Овој проект Македонија со Охридскиот договор мора да успее. Мора да успее затоа што меѓународната заедница многу ќе инвестира и ќе биде поттик за решавање на сите овие кризни региони на Балканот. Ова го зборувам од тие причини, нас ако не сакаме да си го решиме случајот, затоа што Кондово е директно под влијание на Република Македонија. Ние сме тие кои треба дај го решиме на еден начин, како што решава секоја модерна држава. Од тие причини ќе ни се случи воведување на валутен борд. Валутниот брод е функционирање на институции. Кога ние ќе имаме валутен борд, тогаш странските компании односно меѓународната заедница ќе стави капа. Тогаш, не мора да брзаме многу за она што значи 2006 година НАТО структури. Валутниот борд ќе биде гаранција за целата безбедност на македонските граѓани, на капиталот на странските фирми и на нашите фирми во Република Македонија.

Еве, го почитувам времето, иако ова министерот го фаќа со шала, но ние ќе почекаме времето ќе го каже своето. Ќе завршам со тоа дека во секој случај и овој буџет, иако најавува министерот така да биде, ние би прифатиле ако е тоа така како што кажува. Но, кога би прашале еден обичен граѓанин во Република Македонија како се живее, секој ќе каже од година во година се е потешко, од година во година се многу полошо се живее. Ние можеме да зборуваме тука, она што значи реформи во овие 15 години. Ние треба реформите да ги доближиме до обичниот граѓанин. Реформите да ги почувствуваат граѓаните. Ние не направивме ништо за реформите. На почетокот сме на Р. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Даневски,

Бидејќи, договор куќа гради, овде го заклучувам општиот претрес.

Утре продолжуваме со амандманите во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 20,00 часот.)